Прилог 1 - Образец за Извештај од самоевалуација
До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование
Кеј Димитар Влахов 4,
II-Кат Стара Комерцијална Банка
1000 Скопје

ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

Податоци за високообразовната установа	
Назив	Република Северна Македонија Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за електротехника и информациски технологии
Седиште	ул. „Руѓер Бошковиќ“ бр. 18 П. фах 574 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Контакт информации	contact@feit.ukim.edu.mk
Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации)	ПРОФ.Д-Р ВЛАДИМИР АТАНАСОВСКИ, ДЕКАН deans.office@feit.ukim.edu.mk
Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт информации)	
Основ за надворешната евалуација	□ Годишен план □ Барање на високообразовната установа □ Барање на Националниот Совет за високо образование и научно-истражувачка дејност □ Барање на министерот надлежен за високото образование
Период за кој се однесува извештајот	2024/26
Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум)	
Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација?	ДА/НЕ

Место, датум МП овластено лице на установата
(потпис)

Упатство за пополнување

Сите делови од Извештајот треба да бидат пополнети точно и во овој образец. Установата ги пополнува содржините означени во бела боја во долунаведените табели. За точноста на информациите одговорност сноси одговорното лице на установата.
Извештајот се доставува **на англиски јазик.** Установата може да поднесе и дополнителна верзија на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

За пополнување на пријавата се користи фонт Arial Narrow, големина 10, без закосување (italic) или подвлекување (underline), со единичен (single) проред.

Објаснувањето за исполнетоста на индикаторите за стандардите за квалитет **не треба да биде подолго од една страница** по индикатор во овој образец.

За сите индикатори се прикажуваат информации, акти и други релевантни информации за последните **пет години.** Во стандардите 2, 3, 5 и 6 се оценува исполнетоста на индикаторите **за секоја студиска програма** акредитирана на високообразовната установа.

Извештајот и документацијата се доставуваат во електронска форма и во печатена форма во 2 примероци. **За доставувањето во електронска форма, корисно е сите пропратни документи да бидат зачувани во еден фолдер и поврзани со линкови со овој образец. Прилозите односно документацијата за секој индикатор во овој извештај се поврзуваат со линк до конкретниот документ (Word, PDF и сл.). Фолдерот со документите и овој извештај се доставува до Одборот за евалуација.** *Пример за објаснување на исполнетост на индикатор и линкови до прилози е наведен на крајот на овој образец (Пример 2).*

Именувањето на документите се врши на следниов начин: Прилог_број на индикатор_објаснување на документот (на пример, Прилог 1.2. Прашалник од спроведени евалуации).

Доколку за еден индикатор се прикачуваат повеќе документи, се применува истото правило со додавање на буква по абецеден редослед за секој дополнителен документ (на пример, Прилог. 1.2.А. Прашалник од спроведени евалуации). Именувањето се користи и во имињата на документите во фолдерот и на прилозите/линковите наведени во овој документ.

При доставувањето на прилозите, установата истите ги зачувува во формат кој овозможува **едноставно користење на опциите за пребарување**. По исклучок, во прилозите може да се доставуваат и скенирани документи само доколку истото е неопходно.

По потреба, покрај доставената документација, исполнетоста на наведените индикатори се проверува за време на посетата на високообразовната установа.

Изјавата за точност и вистинитост на податоците прикажани во Извештајот од самоевалуација се заверува на нотар (пример 1).

1. Општи информации

ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (ги пополнува високообразовната установа)	
Назив на високообразовната установа	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за електротехника и информациски технологии
Седиште	ул. „Руѓер Бошковиќ“ бр. 18 П. фах 574 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Веб страница	https://feit.ukim.edu.mk/
Мисија и визија на установата	Мисија на Факултетот за електротехника и информациски технологии е континуирано образование на стручни и претприемливи индивидуи во електротехниката и новите технологии, кои ќе работат успешно и ќе промовираат нова работа и нови можности. Стратешка определба на Факултетот е да се развива и понатаму како водечка образовна и научно-истражувачка институција во Република Северна Македонија на полето на електротехниката и новите технологии. Обезбедувајќи перманентна технолошка иновација, квалитет и креативност во наставните програми, Факултетот остварува континуирано образование на стручни, креативни и претприемчиви индивидуи, кои не само што ќе работат успешно во својата професионална ориентација, туку и ќе создаваат нова работа и афирмираат нови можности и откриваат нови хоризонти. Визијата на Факултетот е припадност на семејството престижни институции на полето на електротехниката и новите технологии како и давање подршка на меѓународната интеграција на нашата земја и нашето стопанство од аспект на негова меѓународна конкурентност и трансфер на знаење и технологија.
Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа)	Јавна установа
Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии	Последната акредитација на студиите на прв циклус на студии е направена во 2022 и се акредитирани седум студиски програми: 1. Електроенергетика, автоматизација и обновливи извори на енергија (ЕАОИЕ) 2. Електроенергетика и проектен менаџмент (ЕЕПМ) 3. Електроенергетски системи (ЕЕС) 4. Компјутерско системско инженерство, автоматика и роботика (КСИАР) 5. Компјутерски технологии и инженерство (КТИ) 6. Компјутерско хардверско инженерство и електроника (КХИЕ) 7. Телекомуникации и информациско инженерство (ТКИИ) Решенијата за акредитација се достапни на следната врска: https://feit.ukim.edu.mk/reshenija-za-akreditacija-2/ На втор циклус на студии во 2023 се акредитирани следните наставни програми: 1. Обновливи извори на енергија (1 – ОИЕ) 2. Електрични машини и автоматизација (2 – ЕМА) 3. Електроенергетски системи (3 – ЕЕС) 4. Електроенергетика (4 – ЕЕ)

	5. Проектен менаџмент (5 – ПМ) 6. Автоматика, роботика и системско инженерство (6 – АРСИ) 7. Наменски компјутерски системи (7 – НКС) 8. Компјутерски мрежи – Интернет за нешта (8 – КМ-ИНН) 9. Вградливи микрокомпјутерски системи (9 – ВМС) 10. Дигитално процесирање на сигнали и мултимедиски технологии (10 – ДПСМТ) 11. Интелигентни безжични системи (11 – ИБС) 12. Комуникациски и информациски технологии (12 – КИТ) 13. Метрологија и менаџмент на квалитет (15-ММК) 14. Микро и нано технологии (16 – МНТ) 15. Регулатива во енергетика, електронски комуникации и сообраќај (17 – РЕЕКС) 16. Енергетска електроника (18 – ЕНЕЛ) 17. Машински вид (19 – МВ) 18. Интернет и мобилни сервиси и апликации (20- ИМСА) 19. Податочна наука во електротехника и информациски технологии (21 – ПНЕИТ) 20. Биомедицинско инженерство (22-БЕ) 21. Energy Efficiency, Environment and Sustainable Development Решенијата за акредитацијата на овие студиски програми се објавени на https://feit.ukim.edu.mk/reshenija-za-akreditacija/ . Последната акредитација на докторските студии е направена во 2021 и се акредитирани следните две програми: 1. Електротехника и информациски технологии 2. Метрологија Решенијата за акредитација на студиите на трет циклус на студии се објавени на https://feit.ukim.edu.mk/reshenija-za-akreditacija-4/ . Во време на изготвување на овој извештај во завршна фаза е нова акредитација на докторските студии.
Број на вработени лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност	Наставно-научниот кадар на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за електротехника и информациски технологии во моментот на подготвување на извештајот го сочинуваат 80 лица од кои 49 редовни професори, 12 вонредни професори, 8 доценти и 11 асистенти.
Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии	Во учебната 2025/26 на Факултетот студираат 1114 студенти на прв циклус на студии, 167 студенти на втор циклус на студии и 25 студенти на трет циклус на студии.
Објаснете го накратко развојот на вашата установа (не подолго од 1 страница)	Факултетот за електротехника и информациски технологии е формиран во 1959 година како електро-машински оддел на Техничкиот факултет во Скопје. Од 1965 година одделот почна да работи како самостоен Електро-машински факултет, со два отсека: електротехнички со насоки електроенергетика и електроиндустрија и машински. Развојот на електротехниката, а особено на електрониката, автоматизацијата, управувачката техника, телекомуникациите и компјутерската техника, ја наметна потребата почнувајќи од 1978 година Факултетот да прерасне во посебна високообразовна установа со назив Електротехнички

	факултет. Во 2006 година Факултетот го промени името во Факултет за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ). Од учебната 2011/2012 година дел од вработените на Институтот КТИ се вработени на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ). Денес во рамките на ФЕИТ функционираат 10 институти и 19 лаборатории преку кои се организира наставната, истражувачката и апликативната дејност, а поддршката на стручните и администрати-вни служби е организирана преку четири одделенија. ФЕИТ е првата државна високообразовна институција која од 2013 година функционира во согласност со барањата на меѓународниот стандард ISO 9001 (ISO 9001:2013 и ISO 9001:2015) за управување со квалитет. Доделениот сертификат опфаќа високообразовна дејност од прв, втор и трет циклус студии, научно-истражувачка, развојна и апликативна дејност во соработка со индустријата, трнасфер на знаење и технологии во подрачјето на електротехничките науки и информациските технологии. Во 2021, ФЕИТ стана првата и единствена високообразовна институција во државата која има меѓународна акредитација на своите седум студиски програми на прв циклус на студии добиена од германската агенција за акредитација на студиски програми од областа на техни-чките науки, информатиката, природните науки и математика ASIIN., која е овластена од ENAEE (Европска мрежа за Акредитација на инженерско образование) за издавање на европскиот сертифи-кат EUR-ACE за студиски програми од инженерството. Во рамките на ФЕИТ функционира и Центарот за кариера, кој е оформен во 2014 година, и опфаќа Центар за нови студенти, Канцел-аријата за мобилност и координација на ЕКТС, Центар за практична настава на студентите, Алумни организацијата на ФЕИТ и Центарот за доживотно учење. Заради унапредување на соработката со стопанството и апликативната дејност на Факултетот, од 2013 година е оформено Инспекциското тело за електротехнички уреди, инсталации и опрема, акредитирано од Институтот за акредитација на Република Северна Македонија согласно барањата на стандардот МКС EN ISO/IEC 17020:2012. Во оваа дејност се вклучени и Лабораторија за електрични мерења, како и Лабораторијата за радијациона физика, кои се акредитирани согласно стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2018. Од 2018 во рамките на ФЕИТ функционира Центарот за трансфер на технологија и иновации – ИННОФЕИТ како дел од напорите да се затвори јазот помеѓу академското образование и практичната експертиза и да се подготват студенти за подобро справување со индустриските предизвици кои им претстојат. Од март 2023 на ФЕИТ работи и Лабораторијата за производство „ФЕИТ ФабЛаб“ која им овозможува на студентите работа на реални проекти ползувајќи ги можностите на дигитализацијата во производните процеси. ФабЛаб е отворен и за приватниот сектор, како и за млади креативци и иноватори кои тука ќе имаат можност да ги реализираат своите идеи.
Кои се вашите клучни институционални капацитети? (не подолго од 1 страница)	- Нови и современи студиски програми чиешто јадро на задолжителни предмети ја покрива целата област на електротехниката и информациските технологии;

	- Меѓународно акредитирани студиски програми на прв циклус студии; - Голем број на склучени меѓународни договори за соработка со образовни и сродни институции од странство; - Голем број на склучени договори за соработка со стопанство; - Поддршка на иновации, ИННОФЕИТ е камен-темелник во македонскиот иновациски екосистем, ко-основач на Акцелераторот УКИМ и избран кандидат од Европската инвестициска банка (ЕИБ) да стане центар на извонредност во своите области на интерес; - Најголемо искуство во меѓународни научно-истражувачки проекти меѓу академските институции во државата; - Континуитет и квалитет во научно-истражувачката дејност; - Вклучување на студентите од сите три циклуси во наставниот, но и во научниот процес на Факултетот; - Развивање и спроведување на ефикасни облици за доживотно образование; - Функционален Кариерен центар и Алумни асоцијација; - Поттикнување, организирање и реализирање на издавачката дејност, согласно актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.
Во кои области/прашања/стандарди/индикатори вашата установа постигна најголем напредок во последните пет години? (не подолго од 1 страница)	Најголем напредок во анализираниот период е забележан во следните пет области: – Зголемена видливост и капацитети на ФЕИТ преку активностите на ФабЛаб. Преку работилници во рамки на ФабЛаб, ФЕИТ ја зголеми видливоста кај средношколците и поширокатa заедница, надградувајќи ги и капацитетите за настава. – Зголемен број апликации за научноистражувачки проекти. Забележан е раст на поднесените апликации за научноистражувачки проекти, што укажува на зголемена истражувачка активност и амбиција на кадарот. – Подобрени услови за работа на кадарот на факултетот. Остварени се значителни подобрувања во работните услови на наставниот, соработничкиот и административниот кадар. – Зголемена поддршка на научноистражувачкиот кадар за меѓународна соработка и вмрежување. Факултетот обезбедува поголема институционална поддршка на истражувачите за учество во меѓународни иницијативи и соработка со сродни институции во странство. – Јакнење на научноистражувачкиот капацитет и поврзување на науката со наставата. Континуирана научна продукција

	од 122–136 трудови годишно, со вклучување на студентите од сите три циклуси во истражувачкиот процес. Развојот на ИНОФЕИТ и првиот Европски дигитален иновациски хаб во земјата го потврдуваат институционалниот напредок. – Унапредување на студиските програми и квалитетот на образованието. Студиските програми се усогласени со современите трендови и меѓународните практики, со акредитација од ASIIN/EUR-ACE и развој на специјализирани и интернационални програми, вклучително и двојна диплома. – Подобрување на лабораториските, информатичките и инфраструктурните ресурси. Значителни инвестиции во лабораториска опрема, нови лаборатории, мрежна и енергетска инфраструктура. Две дополнителни лаборатории се акредитирани според ISO/IEC 17025.
Кои се вашите најголеми предизвици и недостатоци? (не подолго од 1 страница)	Следните 5 области се суштинските предизвици со кои се соочува ФЕИТ: – Просторни услови и работно време на читалната. Читалната бара реновирање и продолжување на работното време (вклучувајќи викенди и вечерни термини), со цел подобро да одговори на потребите на студентите, особено на оние кои се сместени во студентските домови. – Употреба на вештачка интелигенција и академска чесност. Употребата на алатки со вештачка интелиген-ција при изработка на семинарски работи и полагање испити претставува нов и растечки предизвик за одржување на академскиот интегритет. – Демографски трендови и намален број потенцијални студенти. Намалувањето на бројот на матуранти, зголемената конкуренција од странски универзитети и промените во образовните преференции на младите директно влијаат врз можноста на ФЕИТ да привлече доволен број квалитетни студенти. – Недостаток на наставен, административен и технички кадар. Постоечкиот недостиг на кадар е дополнително отежнат од неодобрувањето на барањата за нови вработувања, што ги ограничува капацитетите на факултетот. – Задржување на најдобрите студенти и кадар. Најдобрите студенти по дипломирањето често заминуваат во странство или во индустријата, додека административните и финансиските ограничувања ги отежнуваат вработувањето и професионалниот развој на наставниот кадар. Ова долгорочно влијае врз квалитетот на наставата и научноистражувачкиот потенцијал. – Просторна инфраструктура. И покрај значителните инвестиции во лаборатории, опрема и инфраструктура,

	студентите посочуваат потреба од понатамошно унапредување на дел од лабораториите, предавалните и читалната — не само во однос на просторните услови, туку и во поглед на пристапот до нив. – Ограничени можности за финансирање на науката и академскиот развој. И покрај успехот со меѓународните проекти, обезбедувањето стабилно и доволно финансирање за истражувачка работа, конференции и публикации останува предизвик во споредба со стандардите на меѓународната академска средина. Сепак, ФЕИТ во последниот период го зголемува сопственото финансирање за професионален развој на кадарот, што покажува дека проблемот е препознаен и се преземаат мерки. – Студентска и наставничка мобилност. И покрај воспоставената мрежа на договори и реализираните мобилности, нивниот број и опфат сè уште можат значително да се зголемат. – Нелојална конкуренција од други академии/институци.

Стандард 1

СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ	
ИНДИКАТОР	ДОКУМЕНТАЦИЈА
1.1. Установата има политика за обезбедување на квалитет која е објавена и јавно достапна.	Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет; Линк до објава на веб страна.

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје има воспоставена политика и систем за обезбедување и унапредување на квалитетот на својата високообразовна, научноистражувачка, развојна и апликативна дејност (Прилог 1.1.А). Факултетот за електротехника и информациски технологии – Скопје, како членка на Универзитетот, ги користи истите воспоставени механизми за обезбедување и унапредување на квалитетот, кои ги инкорпорира и дополнува со сопствените правни акти и документи (Прилог 1.1.Б)

Квалитетот на наставниот процес континуирано се следи преку студентски анкети и анализа на успешноста на студентите. Резултатите од овие анализи се разгледуваат од страна на Наставно-научниот совет и се користат за идентификување на слабостите и предлагање мерки за подобрување на квалитетот на наставата и наставните содржини. На овој начин, резултатите од следењето на квалитетот се земаат предвид и при унапредувањето на студиските програми во постапките на нивна акредитација и реакредитација.

Квалитетот на научноистражувачката, развојната и апликативната дејност се унапредува преку континуирана научноистражувачка активност, објавување на резултатите во реномирани меѓународни списанија и конференции, како и преку реализација на научноистражувачки и развојни проекти.

Факултетот од 2015 година применува систем за управување со квалитет согласно стандардот ISO 9001 (Прилог 1.1.В), со опфат на:

- високообразовна дејност на прв, втор и трет циклус на студии;
- научноистражувачка, развојна и апликативна дејност, вклучително и соработка со индустријата;
- трансфер на знаење и технологии во подрачјето на електротехничките науки и информациските технологии.

Политиката и информациите поврзани со системот за обезбедување на квалитет се јавно достапни преку официјалните канали на Факултетот.

Прилози

Прилог 1.1.А Систем за квалитет на Универзитетот

Прилог 1.1.Б Правни акти и документи на Факултетот

Прилог 1.1.В Систем за управување со квалитет според ISO 9001

1.2. Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности.	Информација за алатките кои се користат за оценка и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.); Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација; Годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето на квалитет.

На Факултетот за електротехника и информациски технологии - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е воспоставен систем за континуирано следење, оценување и унапредување на квалитетот на наставно-образовниот процес. Во рамките на системот, студентите редовно учествуваат во евалуацијата на наставата, наставниот кадар и условите за реализација на наставно-образовниот процес.

Евалуацијата на наставата се спроведува преку стандардизирани студентски анкети, согласно методологијата утврдена од Универзитетот. Анкетите се спроведуваат за задолжителните и активираните изборни предмети во соодветниот семестар и ги опфаќаат наставниците и соработниците ангажирани во нивната реализација. На овој начин, евалуацијата се спроведува систематски и континуирано, во рамките на редовниот тек на наставниот процес.

Анкетниот прашалник опфаќа повеќе аспекти на квалитетот на наставата, меѓу кои стручноста и релевантноста на наставниот кадар, квалитетот и начинот на реализација на предавањата и вежбите, придонесот на наставата кон стекнувањето знаења и вештини, достапноста на материјали за учење, редовноста и организацијата на наставата, начините на континуирано оценување, објективноста и транспарентноста при оценувањето, како и достапноста на наставниот кадар за консултации и комуникација со студентите. Целосниот анкетен прашалник е даден во прилогот 1.2.А.

Резултатите од студентските анкети се обработуваат и анализираат на ниво на наставен кадар, предмет и семестар, како и на ниво на Факултет. Анализите овозможуваат идентификување на добрите практики, но и на областите во

кои е потребно дополнително унапредување на наставниот процес. Резултатите од анкетите се презентираат и разгледуваат во рамките на соодветните тела на Факултетот и претставуваат основа за преземање мерки за подобрување на квалитетот на наставата.
Резултатите од спроведените анкети во зимскиот и летниот семестар покажуваат високо ниво на задоволство на студентите од квалитетот на наставата. За набљудуваниот период, просечната оценка по сите анкетни прашања изнесува 4,12 од 5, што укажува на генерално позитивна оценка на наставно-образовниот процес од страна на студентите. Резултатите од студентските анкети се дадени во прилогот 1.2.Б.
Покрај нумеричкото оценување, анкетите овозможуваат и собирање на наративни коментари од студентите, со што се добива дополнителна квалитативна слика за нивното искуство во текот на студирањето. Во коментарите, студентите особено позитивно ја издвојуваат стручноста, подготвеноста и посветеноста на наставниот кадар, како и неговата достапност за консултации и поддршка при совладувањето на наставните содржини. Позитивно се оценуваат и можностите за практична работа во добро опремени лаборатории и вклучување на студентите во научноистражувачки проекти.
Истовремено, наративните коментари овозможуваат идентификување на области во кои студентите препознаваат потреба од дополнително унапредување. Во тој контекст, се издвојуваат забелешки поврзани со организацијата и оптовареноста на студентската служба, како и со просторните услови, особено потребата од унапредување на дел од предавалните и читалната, како и обезбедување поголема достапност на читалната за студентите. Во однос на лабораториската инфраструктура, покрај генерално позитивните оценки, студентите посочуваат и можности за дополнително подобрување на опременоста на одделни лаборатории.
На овој начин, комбинирањето на нумеричките оценки и наративните коментари обезбедува посеопфатна повратна информација од студентите и овозможува попрецизно идентификување на приоритетите за континуирано подобрување на квалитетот на образовниот процес и условите за студирање.

Прилози
Прилог 1.2.А Пример од анкетата
Прилог 1.2.Б Резултати од анкетата

1.3. Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот.	Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки; Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет.

Унапредувањето на квалитетот на образованието претставува континуирана активност на Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ). Развојот и унапредувањето на студиските програми се реализираат преку редовни постапки на акредитација и реакредитација, како и преку континуирано ажурирање на наставните содржини, земајќи ги предвид современите трендови во областа, развојот на науката и технологијата, како и потребите на индустријата и пазарот на труд. Сите студиски програми на Факултетот се акредитирани согласно важечката законска регулатива.
Важен механизам за унапредување на квалитетот претставува и процесот на самоевалуација, преку кој систематски се идентификуваат силните и слабите страни, можностите за развој и областите во кои се потребни подобрувања. Резултатите од самоевалуацијата се користат како основа за дефинирање препораки и активности за унапредување на работата на Факултетот.
Во процесот на обезбедување и унапредување на квалитетот се воспоставени механизми за координација и соработка со различни засегнати страни. Студентите се вклучени преку редовните студентски анкети за оценување на наставниот процес и наставниот кадар, како и преку учество во работата на Наставно-научниот совет и другите соодветни тела на Факултетот, каде што имаат можност да учествуваат во разгледувањето и донесувањето одлуки од значење за студентскиот и наставно-образовниот процес.
Соработката со работодавците и индустријата се остварува преку различни форми на партнерство, вклучително и соработка во реализација на практична настава и студентски активности, поддршка преку стипендии, како и учество во активности поврзани со развојот и унапредувањето на студиските програми. На овој начин, потребите и очекувањата на работодавците се земаат предвид при развојот на образовниот процес и подготовката на студентите за нивно вклучување на пазарот на труд.
Уште еден дополнителен механизам за обезбедување на координација и соработка со релевантните засегнати страни претставува Одборот за соработка и доверба со јавноста. Одборот е составен од претставници на стопанството, професионалните и јавните институции и Факултетот, и тоа: еден претставник од Стопанската комора, еден претставник од КОАОИ, двајца претставници избрани од Наставно-научниот совет на ФЕИТ и по еден

претставник од Собранието на Република Македонија, Советот на Град Скопје и Советот на Општина Карпош. На овој начин се обезбедува институционализирано учество на различни засегнати страни во разгледувањето на прашања од значење за развојот на Факултетот и неговите студиски програми.
Одборот континуирано се вклучува во процесите поврзани со развојот и акредитацијата на студиските програми. По формирањето на нов состав на Одборот во 2025 година, разгледани се елаборатите за новата акредитација на студиските програми од трет циклус – Електротехника и информациски технологии и Метрологија. Одборот оценил дека програмите ги опфаќаат научните области кои традиционално ги развива Факултетот, се во согласност со современиот развој на научната мисла и создаваат кадри кои можат да придонесат кон развој на иновативни производи и услуги и кон поширок општествен развој.
Работата на Одборот и неговото вклучување во процесите на развој на студиските програми е документирана преку записниците и извештаите од одржаните седници (Прилози 1.3.А–Г). Континуираното вклучување на претставници на стопанството, професионалните и јавните институции претставува значаен механизам за поврзување на академската заедница со потребите на општеството и стопанството и за обезбедување повратни информации при унапредувањето на образовниот процес.
Факултетот дополнително ја поттикнува соработката и со студентските организации и Студентското собрание при ФЕИТ, преку кои студентите можат да ги артикулираат своите интереси, предлози и потреби и да придонесат кон унапредување на условите за студирање и студентскиот живот (Прилог 1.3.Д).
Ваквиот пристап овозможува координација и размена на мислења помеѓу управата, наставниот кадар, студентите, работодавците и другите релевантни партнери и претставува основа за континуирано унапредување на квалитетот на образовниот процес.

Прилози
Прилог 1.3.А Извештај од Одбор за доверба 2020 година
Прилог 1.3.Б Извештај од Одбор за доверба 2022 година
Прилог 1.3.В Извештај од Одбор за доверба 2023 година
Прилог 1.3.Г Извештај од Одбор за доверба 2025 година
Прилог 1.3.Д Форми на самоорганизирање на студентите на ФЕИТ, студентски организации

1.4. Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет.	Акт за формирање на телото; Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници.

Во рамките на Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ) функционираат две посебни тела со надлежности поврзани со следењето, развојот и имплементацијата на политиката за обезбедување на квалитет: Комисија за самоевалуација и Совет за квалитет.
Комисијата за самоевалуација (Прилог 1.4.А) е составена од седум члена, од кои пет се од редот на наставниот кадар, а двајца се студенти. Мандатот на членовите од редот на наставниот кадар трае четири години, додека мандатот на студентите трае една година, без право на повторен избор. Комисијата е самостојна и независна во својата работа и одлучување. Нејзина основна задача е да ја проценува функционалноста и ефикасноста на системот за внатрешно обезбедување на квалитет на Факултетот и за своите наоди поднесува годишни извештаи до Наставно-научниот совет.
Советот за квалитет (Прилог 1.4.Б) е составен од пет члена: три од редот на наставниот кадар, еден студент и еден претставник од стопанството. Мандатот на членовите од редот на наставниот кадар и претставникот од стопанството трае три години, со право на повторен избор, додека мандатот на студентскиот претставник трае две години. Советот има надлежност да ја подготвува Стратегијата за обезбедување на квалитет и Акциски план за обезбедување на квалитет, кои ги предлага до Наставно-научниот совет. По нивното усвојување, Советот го следи нивното спроведување и реализација и за тоа поднесува годишен извештај.
На овој начин, преку јасно дефинирани надлежности на двете тела, Факултетот обезбедува институционална структура за независно следење на квалитетот, планирање на активности за негово унапредување и следење на нивната реализација.
Во текот на извештајниот период, Комисијата за самоевалуација и Советот за квалитет континуирано ги спроведуваат активностите во рамките на своите надлежности. Освен изготвување на официјалните извештаи, овие тела се во постојана комуникација и координација, како и планирање на идните активности. Комисијата за самоевалуација континуирано прибира податоци и ги следи параметрите од интерес за квалитетот. Советот за квалитет редовно ја координира реализацијата на предвидените мерки од Акциски план, преку состаноци во живо но и тековна електронска комуникација на членовите. Се следи степенот на реализација на планираните активности и утврдените индикатори, а кога ќе се идентификуваат доцнења или недоволна реализација, се разгледуваат можностите за преземање дополнителни активности и се договараат следните чекори. Резултатите од следењето и

согледаните потреби се земаат предвид при подготовката на наредниот Акциски план, со цел континуирано унапредување на системот за обезбедување квалитет.	
Прилози Прилог 1.4.А Одлука за формирање на Комисија за самоевалуација на ФЕИТ Прилог 1.4.Б Одлука за формирање нпПа Совет за квалитет на ФЕИТ	
1.5. Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги и статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуација е објавен на веб страната на установата.	Извештај од самоевалуациите спроведени во последните пет години; Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоците и/или препораките од самоевалуациите; Линк до извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години.
Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ) континуирано ги анализира информациите што произлегуваат од системот за внатрешно обезбедување на квалитет. Анализата ги опфаќа клучните аспекти на наставно-образовниот и научноистражувачкиот процес на првиот, вториот и третиот циклус на студии, вклучувајќи ги студиските програми, наставниот и соработничкиот кадар, реализацијата на наставата, успешноста на студентите, резултатите од студентските анкети, научноистражувачката дејност, просторните и материјалните ресурси, логистиката, меѓународната и соработката со стопанството, како и финансиските ресурси. Како дел од процесот се применува и SWOT анализа, преку која се идентификуваат силните и слабите страни, можностите и заканите и се дефинираат приоритети и мерки за понатамошно унапредување. Резултатите од анализите се систематизираат во извештаите за самоевалуација и претставуваат основа за планирање и преземање конкретни активности. Идентификуваните области за подобрување се преточуваат во конкретни мерки и активности преку Акцискиот план за обезбедување на квалитет (Прилог 1.5.В, подетално опишан во индикаторот 1.6) со што резултатите од анализата се поврзуваат со планирањето на идните активности на Факултетот. Во претходниот извештај за самоевалуација, издаден во 2024 година (Прилог 1.5.Б), идентификувани се значајни подобрувања во повеќе области, меѓу кои унапредувањето на квалитетот и меѓународната акредитација на студиските програми, развојот на интернационални студиски програми, зголеменото учество на студентите во научноистражувачки проекти, унапредувањето на научноистражувачката продукција, модернизацијата на лабораториската опрема и мрежната инфраструктура, воспоставувањето систем за учење на далечина, како и зголемувањето на бројот на меѓународни проекти и соработката со стопанството. Истовремено, самоевалуацијата ги идентификува и областите во кои е потребно понатамошно подобрување. Како значајни предизвици се издвоени демографските трендови и намалувањето на бројот на матуранти, потребата од зголемување на студентската и наставничката мобилност, унапредување на просторната и лабораториската инфраструктура, подобрување на условите за научноистражувачка работа и финансирање на науката, како и подобрување на поврзаноста со алумни заедницата и зголемување на можностите за развој на наставниот кадар. Идентификувањето на овие области овозможува нивно вклучување во планирањето на идните активности и мерки за унапредување на квалитетот. На овој начин, системот за обезбедување на квалитет на Факултетот функционира како континуиран циклус на собирање и анализа на информации, идентификување на силните страни и областите за подобрување, планирање и спроведување мерки и следење на нивните ефекти. Извештаите за самоевалуација се јавно објавени и достапни на веб-страницата на Факултетот (Прилози 1.5.А и 1.5.Б).	
Прилози Прилог 1.5.А Извештај за самоевалуација 2020-2023 Прилог 1.5.Б Извештај за самоевалуација 2023-2024 Прилог 1.5.В Акциски план за обезбедување на квалитет	
1.6. Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој не завршува со извештајот од надворешната евалуација или со натамошното следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран.[1]	Извештај од надворешна евалуација од претходниот период; Акциски план; Извештај за преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план.
Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ) има реализирано надворешна евалуација од страна на ASIIN – Германија, спроведена во текот на 2020 и 2021 година. По успешно спроведената постапка, студиските програми на Факултетот се акредитирани од страна на ASIIN, при што во извештајот од надворешната евалуација се дадени препораки за понатамошно унапредување на квалитетот (Прилог 1.6.А).	

Во периодот по надворешната евалуација, Факултетот презеде активности насочени кон реализација на препораките и унапредување на идентификуваните области. Во однос на практичната работа на студентите и поврзувањето со индустријата, се продолжи и интензивира соработката со стопанството, преку студентски практики, соработка со компании и други форми на директно вклучување на студентите во реални работни и проектни активности. На овој начин се создадени дополнителни можности студентите да стекнат практични знаења и искуства релевантни за нивното идно професионално ангажирање.

Во однос на препораката за зголемување на капацитетите за практична работа и модернизирање на лабораториската опрема, во анализираниот период е реализирана значајна набавка на современа лабораториска опрема, со што се подобрени условите за практична и експериментална работа на студентите, како и за научноистражувачка дејност.

Препораката за креирање студиски програми и модули со појасно насочување на студентите кон потесни области е адресирана преку континуираното унапредување и структурирање на студиските програми, како и преку развој на специјализирани и интернационални студиски програми. Во анализираниот период е воведена и интернационална студиска програма на втор циклус, реализирана во форма на двојна диплома, со што на студентите им се овозможува дополнително профилирање во специфична област.

Во однос на препораката за подобрување на студентската мобилност, Факултетот продолжи да ги развива механизмите за учество во програмите за мобилност и да ја проширува мрежата на партнерски институции. Можностите за мобилност и меѓународна соработка се дополнително унапредувани преку нови и обновени договори за соработка и учество во меѓународни програми и проекти.

Унапредувањето на соработката со индустријата претставува дополнителна област во која е постигнат напредок. Соработката се реализира преку практична настава, студентски и средношколски натпревари, доделување стипендии, заеднички активности, научноистражувачки и развојни проекти, како и трансфер на знаења и технологии.

Континуираното следење и унапредување на квалитетот се обезбедува и преку Акциски план за обезбедување на квалитет на Факултетот, кој ги преточува идентификуваните слабости и потреби за подобрување во конкретни мерки, индикатори, планирани вредности, рокови и одговорни тела (Прилог 1.6.Б). Акциски план се темели на наодите од самоевалуацијата и ги опфаќа областите во кои е потребно дополнително унапредување, меѓу кои успешноста на студентите, практичната настава, развојот на наставниот кадар, видливоста и препознатливоста на Факултетот, како и интернационализацијата.

Акциски план предвидува и конкретни системски мерки за надминување на идентификуваните слабости. Меѓу нив се воведување електронска евиденција на причините за испишување на студентите, организирање обуки за наставниот кадар за развој на проактивни и иновативни методи на настава, системско зголемување на средствата за учество на наставно-научниот кадар на меѓународни научни и стручни собири, како и донесување Политика за меѓународна соработка и интернационализација на ФЕИТ.

Реализацијата на планираните мерки се следи преку Наративен извештај за преземени мерки и активности за имплементација на Акциски план (Прилог 1.6.В). Извештајот покажува висок степен на реализација на предвидените активности, при што кај повеќе индикатори се постигнати, а во одредени случаи и надминати, планираните вредности. Како особено позитивни резултати се издвојуваат подобрувањето на успешноста на студентите кај предметите од новиот студиски план, развојот на наставниот кадар, практичната настава, научноистражувачката дејност и промотивните активности.

Истовремено, извештајот овозможува навремено идентификување на областите во кои планираните цели се уште не се целосно достигнати. Така, како области за понатамошно дејствување се издвојуваат намалувањето на бројот на испишани студенти, зголемувањето на интересот за меѓународна студентска мобилност и понатамошното проширување на учеството во меѓународни проекти.

Постигнатиот напредок покажува дека обезбедувањето на квалитет на Факултетот претставува континуиран процес кој продолжува и по завршувањето на надворешната евалуација. Препораките од надворешната евалуација се користат како насоки за планирање и преземање активности, а нивната реализација се следи преку системот за внатрешно обезбедување на квалитет и процесите на самоевалуација.

Прилози

Прилог 1.6.А Извештаи ASIIN акредитација 2021

Прилог 1.6.Б Акциски план за обезбедување на квалитет

Прилог 1.6.В Извештај за преземени мерки и активности за имплементација на Акциски план

Стандард 2

СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ	
ИНДИКАТОР	ДОКУМЕНТАЦИЈА
2.1. Установата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо).	Акт во кој е регулирано прашањето;
Наставно-образовната дејност е основна дејност на Факултетот за електротехника и информациски технологии како единица на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Изработката, усвојувањето, акредитацијата и периодичното обновување на студиските програми на Факултетот се спроведуваат во рамки на јасно дефинирана нормативна и процедурална рамка. Сите студиски програми на прв, втор и трет циклус студии што се реализираат на Факултетот се акредитирани и усогласени со важечката законска и подзаконска регулатива од областа на високото образование. Постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус студии на Факултетот е регулирана во согласност со членот 145 од Законот за високото образование (Прилог 2.1.А), со кој се утврдува правната основа за донесување и акредитација на студиските програми. При подготовката на студиските програми се применуваат и одредбите од Правилникот за содржината на студиските програми (Прилог 2.1.Б), со што се обезбедува единствен и стандардизиран пристап при дефинирањето на структурата, содржината, исходите од учењето, предметните програми и останатите елементи на студиските програми. Дополнително, при изработката на елаборатите и спроведувањето на постапката за акредитација се применуваат упатствата, актите и правилата донесени од Одборот за акредитација на високото образование, со кои детално се уредуваат начинот на поднесување на барањата, формата и содржината на елаборатите, како и постапката за акредитација на студиските програми од прв, втор и трет циклус студии (Прилози 2.1.В – 2.1.Е). На овој начин, процесот на креирање и одобрување на студиските програми не претставува еднократна активност, туку формализиран и континуиран процес кој се спроведува врз основа на однапред утврдени законски, подзаконски и институционални правила и процедури. Ваквата рамка обезбедува студиските програми да ги исполнуваат пропишаните академски и формални критериуми и да бидат периодично преиспитувани и обновувани во согласност со развојот на науката, технологијата и потребите на високообразовниот процес. Постапката за повторна акредитација на студиските програми се спроведува редовно, во пропишаните временски интервали од пет години. Согласно важечките упатства, активностите за подготовка на документацијата и обновување на акредитацијата започнуваат една година пред истекот на важноста на тековната акредитација на соодветната студиска програма.	
Прилози **Прилог 2.1.А** **Закон за високото образование (Службен Весник на РСМ бр. 82/18)** **Прилог 2.1.Б** **Правилник за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус студии (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 244/2023)** **Прилог 2.1.В** **Упатство за начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма на прв циклус студии** **Прилог 2.1.Г** **Упатство за начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма на втор циклус студии** **Прилог 2.1.Д** **Упатство за начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма на трет циклус студии** **Прилог 2.1.Ѓ** **Образец за акредитација на студиски програми на прв и втор циклус студии** **Прилог 2.1.Е** **Образец за акредитација на студиски програми на трет циклус студии**	
2.2. Содржината на студиските програми кои се изведуваат во установата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии.	Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните пет години); Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети; Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми; Конкретни примери и резултати, најдобри практики.

Содржина на студиските програми (целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето):
Факултетот за електротехника и информациски технологии организира студии на три циклуси: четиригодишни додипломски, постдипломски и докторски студии. Содржината на програмите е усогласена со нивните цели, академскиот профил и предвидените резултати од учењето. Структурата обезбедува логичка поврзаност и последователност на предметите, постепено надградување на знаењата и вештините и баланс меѓу теоретските основи, практичната примена и современите достигнувања во електротехниката и информациските технологии. Секоја студиска програма има **јасно дефинирани цели,** насочени кон академскиот и професионалниот развој на студентите. Покрај стручните знаења и практичните и аналитичките способности, програмите развиваат преносливи вештини: критичко размислување, решавање проблеми, самостојна и тимска работа, комуникација, организација, користење современи инженерски алатки и континуирано професионално усовршување.
Дескрипторите на квалификации се дефинирани согласно Уредбата за Националната рамка на високообразовните квалификации и член 99 став 2 од Законот за високото образование. Тие ги опфаќаат очекуваните знаења и разбирање, примената на знаењата, способноста за проценка и донесување одлуки, комуникациските вештини и самостојното учење. Содржината и структурата на програмите ги вклучуваат задолжителните елементи утврдени со член 140 од Законот (Прилог 2.1.А). На ниво на предмети, **целите и исходите од учењето** се поврзани со **резултатите од учењето на студиската програма**. За секој задолжителен и изборен предмет се наведени компетенциите што се стекнуваат, тематските содржини, методите на настава и учење, начините и критериумите за оценување, методите за следење на квалитетот и основната и дополнителната литература. Распоредот на предметите и постепеното зголемување на нивната сложеност овозможуваат континуирано академско напредување.
Исходите од учењето на седумте студиски програми од прв циклус се конкретизирани според нивниот профил. На пример, кај „Компјутерски технологии и инженерство“ тие опфаќаат дизајн и имплементација на алгоритми, податочни структури, бази на податоци и компјутерски архитектури, како и администрација на мрежи и оперативни системи. Кај „Компјутерско хардверско инженерство и електроника“ се поврзуваат електронскиот дизајн, микропроцесорските системи и PLD/FPGA-компонентите за развој на хардверско-софтверски решенија. Програмата „Компјутерско системско инженерство, автоматика и роботика“ развива компетенции за автоматизација, роботика, компјутерско водење и прибирање податоци, итн. Дополнителна потврда за квалитетот и меѓународната споредливост е **акредитацијата на програмите од прв циклус од германската агенција ASIIN** (Прилог 1.6.А). Таа ја потврдува усогласеноста на структурата, содржината и исходите од учењето со релевантните меѓународни стандарди и со академските и професионалните барања во соодветните области.
Најдобри практики: Во учебните 2024/2025 и 2025/2026 година, поврзувањето на наставата со практичната примена се остварува преку конкретни активности. Во лабораторијата ФАБЛАБ се реализирани работилниците „Python 101: Основи на работа со звук во Python“, во рамките на „Електроакустика“ (8.11.2024), и „Слободен софтвер за научна и инженерска работа“, во рамките на „Дигитално процесирање на аудио“ и „Биомедицинска електроника“ (21.2.2025). Во декември 2025 година започнала иницијатива за изработка на асистивни уреди за деца со попреченост, со студентски тим и предвидено менторирање ученици, поврзувајќи ги електрониката, програмирањето и 3Д-дизајнот со комуникациските вештини и општествената одговорност. Професионалната подготовка се поткрепува со задолжителна студентска пракса пред дипломирање. Континуитетот при премин меѓу акредитациски циклуси се обезбедува преку еквивалентни предмети и менторска настава за предметите без еквивалент.
Прв циклус на студии: Во последните 5 години, во рамки на првиот циклус постојат 7 студиски програми. Студиските програми акредитирани во 2022 год. (Прилог 2.2.А) кои се изведуваат од 2022/2023 учебна година се: Електроенергетика, автоматизација и обновливи извори на енергија (ЕАОИЕ), Електроенергетика и проектен менаџмент (ЕЕПМ), Електроенергетски системи (ЕЕС), Компјутерско системско инженерство, автоматика и роботика (КСИАР), Компјутерски технологии и инженерство (КТИ), Компјутерско хардверско инженерство и електроника (КХИЕ), Телекомуникации и информациско инженерство (ТКИИ)
Втор циклус на студии: Во последните 5 години, на ниво на втор циклус постојат следните 25 едногодишни студиски програми кои се акредитирани во 2023 и 2024 год. (Прилог 2.2.Б): Обновливи извори на енергија (1 – ОИЕ), Електрични машини и автоматизација (2 – ЕМА), Електроенергетски системи (3 – ЕЕС), Електроенергетика (4 – ЕЕ), Проектен менаџмент (5 – ПМ), Автоматика, роботика и системско инженерство (6 – АРСИ), Наменски компјутерски системи (7 – НКС), Компјутерски мрежи – Интернет за нешта (8 – КМ-ИНН), Вградливи микрокомпјутерски системи (9 – ВМС), Дигитално процесирање на сигнали и мултимедиски технологии (10 – ДПСМТ), Интелигентни безжични системи (11 – ИБС), Комуникациски и информациски технологии (12 – КИТ), Применета математика (13-ПМА), Енергетска ефикасност, животна средина и одржлив развој (14-ЕСОР),Метрологија и менаџмент на квалитет (15-ММК), Микро и нано технологии (16 – МНТ), Регулатива во енергетика, електронски комуникации и сообраќај (17 – РЕЕКС), Енергетска електроника (18 – ЕНЕЛ), Машински вид (19 – МВ), Интернет и мобилни сервиси и апликации (20-ИМСА), Податочна наука во електротехника и информациски технологии (21 – ПНЕИТ), Биомедицинско инженерство (22-БЕ), 23 – Dedicated Embedded Computer Systems and Internet of Things, 24 – Energy Efficiency, Environment and

Sustainable Development, 25 – Data Science in Electrical Engineering and Information Technologies

Трет циклус на студии: Согласно принципот за формирање единствена Школа за докторски студии на ниво на Универзитетот, етаблирани се две студиски програми за кои Факултетот е носител, и тоа: Електротехника и информациски технологии и Метрологија со последна акредитации во учебната 2021/2022 (Прилог 2.2.В). Во учебната 2025/26 е спроведена постапка за акредитација на студиска постапка која е во завршна фаза.

Прилози

Прилог 2.2.А Елаборати за повторна акредитација на студиски програми - прв циклус – 2022 год. (7 документи)

Прилог 2.2.Б Елаборати за повторна акредитација на студиски програми - втор циклус – 2023 год. (25 документи)

Прилог 2.2.В Проекти за акредитација на студиски програми на трет циклус – 2021 год. (2 документи)

2.3. Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата.	Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки.

Студиските програми од прв, втор и трет циклус на Факултетот за електротехника и информациски технологии се развиваат и периодично се унапредуваат во согласност со определбата на Факултетот континуирано да ги следи современите научни, технолошки и професионални трендови. При нивното конципирање се земаат предвид развојот на електротехниката, информациските и комуникациските технологии, дигитализацијата, енергетската транзиција и останатите области релевантни за профилот на Факултетот, како и интересите на студентите и актуелните и очекуваните потреби на општеството и пазарот на труд.

Практичната и професионалната релевантност на студиските програми се обезбедува преку долгогодишната **соработка со стопанството, јавните институции и други релевантни чинители**, преку стручни и консултантски услуги, заеднички истражувачки и апликативни проекти и трансфер на знаење и технологии. Оваа соработка овозможува непосреден увид во потребите на работодавачите и бараните инженерски компетенции. Стекнатите сознанија се користат при развојот и ревидирањето на програмите, со што наставните содржини и исходите од учењето се усогласуваат со технолошките промени и пазарот на труд, а студентите се подготвуваат за тековните и идните професионални предизвици.

Студиските програми на ФЕИТ се усогласени со развојните потреби на општеството и економијата, што е поткрепено со **Анкетата за потреба од вештини на пазарот на трудот на АВРСМ** за 2023 година (Прилог 2.3.А), во која работодавачите искажуваат потреба од електроинженери, програмери, софтверски и системски инженери, информатичари и аналитичари на софтвер и бази на податоци. Побарувачката за овие профили во повеќе региони ја потврдува релевантноста на компетенциите што се стекнуваат на ФЕИТ за потребите на пазарот на трудот.

Дополнителен показател за усогласеноста на студиските програми на Факултетот со потребите на стопанството е соработката со компаниите и институциите: во учебните 2024/2025 и 2025/2026 година се евидентирани по 14 партнери со потпишани меморандуми (Прилог 2.6.А), практична настава посетувале 160, односно 149 студенти, а во надворешни активности учествувале 45, односно 55 студенти (Прилог 2.6.Б). Поддршката вклучува и по три доделени стипендии од МАКО СИГРЕ во двете години, понудени стипендии од ЕВН и ЕСМ, можности за постдипломско стипендирање од ОКТА и проектна работа и менторство преку програмата Smart Start на Македонски Телеком. Овие активности го потврдуваат интересот на работодавачите за развој и привлекување кадар со знаењата и компетенциите што се стекнуваат на Факултетот.

Институционален механизам за обезбедување на поврзаноста меѓу студиските програми и развојните потреби на општеството и економијата претставува и **Одборот за соработка и доверба со јавноста**, основан на Факултетот согласно член 122 од Законот за високото образование (Прилог 2.1.А). Во учебната 2025/2026 година, Одборот за соработка и доверба со јавноста на седницата од 28.11.2025 година разгледал елаборати за акредитација на две докторски студиски програми — „Електротехника и информациски технологии“ и „Метрологија“ — и дал позитивно мислење за нивната усогласеност со современите научни достигнувања и за очекуваниот придонес во подготовката на високостручен кадар за развој на иновативни производи и услуги. На седницата учествувале четири членови, меѓу кои претставници на Стопанската комора и Комората на овластени архитекти и овластени инженери, со што е обезбедено непосредно учество на стопанството и професионалната заедница во оценувањето на предложените програми. Дополнително, Одборот ја истакнал потребата од континуирано следење на индустриските и економските трендови и навремено приспособување на образовните содржини кон барањата на пазарот на трудот (Прилог 1.3.Г).

Сите студиски програми од прв, втор и трет циклус што се реализираат на Факултетот имаат добиено позитивно мислење од Одборот за соработка и доверба со јавноста во рамките на постапките за нивна акредитација и реакредитација (Поглавје 3 во прилозите 2.2 – Елаборати). Овие мислења претставуваат формална потврда дека програмите се препознаени како соодветни на развојните потреби на стопанството и поширокаата општествена заедница.

Прилози

Прилог 2.3.А Анкетата за потреба од вештини на пазарот на трудот на АВРСМ

2.4. Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите.	Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки; Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми;

Студиските програми на Факултетот за електротехника и информациски технологии се креираат, периодично се ревидираат и се унапредуваат преку процес во кој се вклучени студентите и други релевантни носители на интереси. На овој начин се обезбедува континуирано осовременување на содржините и структурата на студиските програми, нивно усогласување со научно-технолошкиот развој и со потребите на пазарот на труд, со што се намалува ризикот од нивно застарување. Покрај активностите наведени во точка 2.3 во овој процес се опфатени и прибирањето на информации од студентите и соработката со стопанството преку партнерската програма на ФЕИТ.

Значајна улога во овој процес имаат **студентите преку Факултетското студентско собрание на ФЕИТ**. Претставниците на студентите, избрани непосредно од студентската заедница, се вклучени во работата на Наставно-научниот совет на Факултетот. Во неговата работа учествуваат шест претставници на студентите од прв циклус, двајца од втор циклус и еден претставник од трет циклус на студии. Преку учеството во Наставно-научниот совет, студентите имаат можност непосредно да ги изнесат своите мислења, предлози и забелешки во врска со организацијата и реализацијата на наставата, како и со структурата, содржината и функционирањето на студиските програми. Дополнително, еден претставник на Факултетското студентско собрание учествува и на состаноците на деканската управа, со што се обезбедува непосредна комуникација меѓу студентите и раководството на Факултетот. Изнесените предлози и барања се разгледуваат од страна на раководството и надлежните тела на Факултетот и, согласно нивната оправданост и можностите за реализација, се земаат предвид при унапредувањето на наставниот процес и студиските програми. Покрај институционалното учество на студентските претставници, во процесот на подготовка и реакредитација на студиските програми се организираат и **анкети, консултации и разговори со студентите** од одделните студиски програми. На пример во 2024/2025 година претставници на студентите запишани на трет циклус учествувале во седниците на наставно наулниот совет и во процесот на реакредитација на студиските програми. Во 2025/2026 студените преку претставниците од ФСС спровеле анкета за студиските програми и релултатите ги презентирале на 27. вонредна седница на наставнонаучниот совет одржана на 17.06.2026 г. Дадени се забелешки за обемот на заедничкото јадро и предлози за порана специјализација, поголема изборност, засилена практична настава и консултации со студентите и работодавачите. На овој начин се прибираат непосредни информации за искуствата со наставните содржини. Добиените мислења и предлози се анализираат и, кога се оценети како релевантни и оправдани, се вградуваат при дизајнирањето на новите или ревидираните верзии на студиските програми (Прилог 2.4.А и Прилог 2.4.Б).

Вклучувањето на надворешните носители на интереси дополнително се обезбедува преку развиената **соработка на ФЕИТ со стопанството**. Факултетот има воспоставено партнерска програма со повеќе компании и организации (Прилог 2.4.В), преку која се дефинирани повеќе форми на институционална и образовна соработка. Меѓу нив особено значајни за развојот на студиските програми се „Соработка во област на осовременување на наставните програми на ФЕИТ“ и „Соработка во област на дефинирање и изработка на проектни задачи, семинарски работи, дипломски трудови и магистерски трудови“. На овој начин, компаниите и организациите имаат можност непосредно да укажат на потребните знаења, компетенции и вештини што се бараат од идните инженери и да придонесат за подобро усогласување на наставните содржини со реалните потреби на професионалното опкружување. Во учебните 2024/2025 и 2025/2026 година се евидентирани по 14 партнери со потпишани меморандуми. Прибраните информации од студентите, академската заедница и надворешните носители на интереси се разгледуваат и анализираат во рамките на процесите за креирање, акредитација и реакредитација на студиските програми. Врз основа на добиените сознанија се вршат соодветни измени во структурата и содржината на програмите, се воведуваат или осовременуваат наставни содржини и се подобрува организацијата на наставниот процес. Ваквиот континуиран механизам на консултации, анализа и унапредување овозможува студиските програми да останат современи, релевантни и усогласени со потребите на студентите, општеството и стопанството.

Прилози

Прилог 2.4.А Вклучување на студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации) во изработка и ревидирање на студиските програми

Прилог 2.4.Б Листа на вклучени носители на интереси во изработка и ревидирање на студиските програми

Прилог 2.4.В Партнерска програма на ФЕИТ

2.5. Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства.	Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература); Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните пет години. Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства.
При изработката, ревидирањето и унапредувањето на студиските програми на Факултетот за електротехника и информациски технологии континуирано се води сметка за нивна **усогласеност со современите меѓународни академски практики**, научно-технолошките трендови и искуствата на реномирани странски високообразовни институции. Сите акредитирани студиски програми на Факултетот се конципирани во согласност со принципите на Европскиот простор за високо образование и се развиваат со посебно внимание кон нивната академска и структурна споредливост со сродни програми на реномирани странски високообразовни институции. Степенот на оваа усогласеност е документиран во точката 13.2 од елаборатите за акредитација и реакредитација, преку споредбена анализа со најмалку три сродни странски студиски програми во однос на структурата, наставните содржини, обемот и нивото на студиите и очекуваните компетенции. Дополнително, при дефинирањето на предметите се наведува нивната споредливост со најмалку три соодветни предмети на странски универзитети (Прилози 2.2 – Елаборати). Независна надворешна потврда за оваа усогласеност дава извештајот на ASIIN од 2021 година. Експертската комисија утврдува дека нивните цели и резултати од учењето соодветствуваат на ниво 6 од Европската рамка на квалификации и на стандардите EUR-ACE, а при нивното дефинирање е спроведена темелна анализа на програми од европски универзитети. (Прилог 1.6.А). Во последните две учебни години, поврзаноста со Европскиот простор за високо образование се поткрепува и со конкретни активности за академска размена и соработка. Во 2024/2025 година, еден студент реализирал практична работа на Универзитетот во Авеиро, Португалија, а двајца студенти учествувале на летната школа за обновливи извори на енергија организирана од Универзитетот во Марибор, Словенија, во септември 2025 година. За 2025/2026 година, обновен е договорот за Еразмус+ со Универзитетот „Мигуел Хернандез“ во Елче, Шпанија, и склучен е нов договор со Југозападниот универзитет „Неофит Рилски“ во Благоевград, Бугарија. Овие активности ја поддржуваат меѓународната димензија на студирањето и создаваат услови за размена на академски искуства и понатамошно усогласување на наставните практики. Во учебните 2024/2025 и 2025/2026 година се евидентирани вкупно 32 предавања од надворешни експерти, од кои 21 во првата и 11 во втората година, со што наставните содржини се збогатуваат со современи научни достигнувања и практични искуства од меѓународната академска и деловна заедница. Меѓу позначајните се предавањето за 6G-комуникации на проф. д-р Петар Поповски од Aalborg University и циклусот од шест предавања за квантно машинско учење на проф. д-р Andreas Spanias од Arizona State University во 2024/2025 година, како и предавањата за обработка на SQL-барања во Amazon Redshift на м-р Мартин Миленкоски од Amazon Web Services и за 125 години енергетска електроника на проф. д-р Владимир Катиќ во 2025/2026 година. Овие активности овозможуваат студентите непосредно да се запознаат со современи научни сознанија, професионални практики, технолошки решенија и меѓународни искуства кои ги надополнуваат содржините опфатени со редовната настава. Детален преглед на реализираните предавања е даден во прилогот 2.5.А. На овој начин, користењето меѓународни референтни студиски програми, споредливоста на предметните содржини со оние на реномирани универзитети и систематското вклучување надворешни академски и професионални експерти претставуваат воспоставени механизми преку кои Факултетот ја обезбедува современоста, релевантноста и меѓународната усогласеност на своите студиски програми.	
Прилози **Сите елаборати на студиските програми се дадени во прилогот на 2.2. и Прилог 1.6.А** **Прилог 2.5.А Листа на предавања од надворешни експерти**	
2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи.	Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми); Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми; Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните пет години за сите студиски програми.

Студиските програми на Факултетот за електротехника и информациски технологии јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентите преку Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС), во согласност со принципите на Болоњскиот процес. Оптоварувањето на студентите е соодветно распределено во текот на студиите, при што е предвидено стекнување по 30 ЕКТС кредити во еден семестар. Ваквата организација овозможува балансирано учество во наставните активности на Факултетот, како и вклучување во практична настава, обуки, студентски проекти и други надворешни активности преку кои студентите стекнуваат дополнителни практични и професионални искуства.

На Факултетот е воспоставена формална **постапка за реализација и следење на практичната настава** – ПК 7.5/14 „Постапка за реализација на студентска пракса“, дефинирана во рамките на системот за управување со квалитет согласно стандардот ISO 9001:2015. За обезбедување соодветни услови за реализација на практичната настава, ФЕИТ има воспоставено соработка и склучено договори со бројни компании, институции и организации (Прилог 2.6.А).

Пред започнувањето на практичната настава, на студентот му се издава соодветна потврда, односно упатница за организацијата/институцијата во која ќе ја реализира праксата. Во текот на практичната настава студентот е под надзор на ментор од Факултетот, кој ја следи нејзината реализација. Студентот води дневник на активности, а по завршувањето на праксата доставува потврда од организацијата во која била изведена практичната настава. На овој начин се обезбедува редовно следење и документирање на реализацијата на практичната настава. Иако согласно важечката законска рамка практичната настава не претставува задолжителна, Факултетот активно го поттикнува нејзиното реализирање, имајќи го предвид нејзиното значење за стекнување практични знаења, професионални вештини и непосредно запознавање со работната средина. Се поттикнува реализација на практична работа во траење од најмалку 30 дена во текот на секоја учебна година. На студиите од прв циклус практичната настава е соодветно валоризирана и носи 3 ЕКТС кредити, кои се доделуваат во последниот семестар.

Студентите имаат можност да стекнат дополнителни знаења и искуства и преку учество на **обуки, студентски конференции, работилници, летни школи, натпревари и проектни активности**. За одредени активности, кога тие вклучуваат организирана обука, стекнување дополнителни знаења и изработка на труд или проект, е предвидена и можност за соодветна ЕКТС валоризација. Меѓу позначајните активности што ги организира или поддржува ФЕИТ се Студентската конференција за енергетска ефикасност и одржлив развој (СКЕЕОР), РобоМАК, како и повеќе летни школи, работилници и други стручни активности во рамките на одделните студиски програми.

Ваквата поставеност на студиските програми овозможува студентите, покрај академските знаења, да стекнат и практични искуства, професионални компетенции и непосреден контакт со деловната и стручната средина. Во учебната 2024/2025 година практична настава реализирале 160 студенти врз основа на 160 договори, а во 2025/2026 година — 149 студенти врз основа на 149 договори, односно вкупно 309 студенти во двегодишниот период. Дополнително, евидентирани се 45 надворешни активности во првата и 55 во втората година, кои придонесуваат за поврзување на теоретските знаења со практичната работа и професионалното опкружување. Прегледот на реализираната практична настава и другите надворешни активности е даден во прилогот 2.6.Б, со што дополнително се документира нивното спроведување и следење.

Прилози
Прилог 2.6.А Листа на компании со кои се потпишани меморандуми за партнерство
Прилог 2.6.Б Преглед на реализирана практична настава и надворешни активности

2.7. Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата.	Линк до веб страна каде се објавени наведените информации.[1]

Транспарентност преку веб страната на факултетот.

Сите информации за студиските програми на сите три циклуси се објавени на сајтот на Факултетот и истите кореспондираат со официјалните записи (Прилог 2.7.А, Прилог 2.7.Б и Прилог 2.7.В). Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата (македонски и/или англиски).

Прилози
Прилог 2.7.А Прв циклус на студии на ФЕИТ
Прилог 2.7.Б Втор циклус на студии на ФЕИТ
Прилог 2.7.В Трет циклус на студии на ФЕИТ

2.8. Високообразовните установи ги следат и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на	Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата;

[1] Стручната комисија може да побара координаторот при АКВО да ги спореди објавените информации со официјалните записи во АКВО.

студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници.	Индикатори и заклучоци; Приказ на ревидирани студиски програми во последните пет години со информации за природата на измената причините за спроведените промени и очекуваните резултати.

Факултетот за електротехника и информациски технологии воспоставува континуиран процес на следење, евалуација и периодична ревизија на студиските програми, со цел да се обезбеди нивна усогласеност со поставените образовни цели, потребите и очекувањата на студентите, како и со развојните потреби на општеството и релевантните професионални области. Ревизијата на студиските програми е насочена кон нивно континуирано унапредување, осовременување на содржините и подобрување на квалитетот на наставниот процес.

Следењето на наставата се врши и преку обврската на наставниците на Факултетот за поднесување на извештаи за одржана настава за секој семестар. Извештаите содржат информации за предметите на прв и втор циклус студии на кои наставникот држел настава, бројот на одржани часови, бројот на студенти, како и информации за соработниците (асистенти и демонстратори) кои учествуваат во наставата. Одржувањето на наставата и присуството на студентите моментално се евидентира со помош на списоци во хартиена и електронска форма. Факултетот работи на воспоставување на систем за следење на одржувањето на настава кој ќе врши електронска евиденција на присуството на наставниците и студентите.

Периодичната ревизија се спроведува во рамките на **постапките за акредитација и реакредитација** на студиските програми, согласно Законот за високо образование. Реакредитацијата на студиските програми се спроведува **на секои пет години**, при што активностите за подготовка на документацијата и преиспитување на содржината и структурата на програмите започнуваат една година пред истекот на важноста на тековната акредитација. Во процесот на следење и ревизија се земаат предвид сознанијата од реализацијата на наставата, искуствата на наставниот кадар, потребите на студентите, како и промените во научната, технолошката, професионалната и општествената средина. Во учебната 2025/2026 година се изработени/ревидирани две студиски програми од трет циклус — „Електротехника и информациски технологии“ и „Метрологија“, при што се одржани пет состаноци со релевантни носители на интереси, а Одборот за доверба дал позитивно мислење на 28.11.2025 година (Прилози 2.4.А.Б и Прилог 1.3.Г). Вклучувањето на студентски претставници, деловната заедница, професионалните комори и локалната самоуправа во подготовката за реакредитација овозможува нивните потреби и предлози да се земат предвид при ревидирањето на наставните содржини и очекуваните резултати од учењето, со што се поддржува усогласувањето на програмите со очекувањата на студентите, професионалните барања и развојните потреби на општеството. Наведените прилози ја потврдуваат подготовката и разгледувањето на докторските програми, додека за студиската програма „Енергетска ефикасност, животна средина и одржлив развој“ на официјалната страница на Факултетот е објавено решение за акредитација од 2025 година

Значаен извор на информации за унапредување на студиските програми претставува и редовната евалуација на наставата преку анкети на студентите. Резултатите од анкетите се анализираат и се комуницираат со наставниците поединечно, со цел идентификување можности за подобрување на наставниот процес и квалитетот на реализацијата на студиските програми. Резултатите од анкетите спроведени во извештајниот период се прикажани во прилогот 1.2. Дополнително се организираат и поопширни анкети кои помагаат во процесот на рекаредитација на студиските програми како што е наведено во делот 2.4 од овој извештај.

За сите позначајни активности и промени кои произлегуваат од процесот на ревизија, релевантните учесници и засегнати страни навремено се информираат. Информациите за ревидираните, реакредитираните и новововедените студиски програми редовно се објавуваат на веб-страницата на Факултетот и се јавно достапни за студентите, наставниот кадар и останатите заинтересирани страни (Прилог 2.7.А, Прилог 2.7.Б и Прилог 2.7.В).

На овој начин, преку систематско следење на реализацијата, студентска евалуација, периодична ревизија и редовна реакредитација, Факултетот обезбедува механизам за континуирано подобрување на студиските програми и нивно приспособување кон потребите на студентите, општеството и современите научно-технолошки текови.

Прилози

Прилозите во овој дел се идентични со тие кои што се дадени во 1.3, 2.4 и 2.7

2.9. Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат.	Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните пет години.

Факултетот континуирано ги следи и анализира основните показатели поврзани со уписот, напредувањето и успешноста на студентите. Во рамките на овој процес се следат бројот на новозапишани, испишани и дипломирани студенти, просечните оценки, просечното времетраење на студирањето, како и расположливите информации за причините за напуштање на студиите. Статистичките податоци систематски се обработуваат и анализираат и се користат како основа за согледување на трендовите и за донесување соодветни одлуки засновани на податоци.

Детален приказ на релевантните статистички показатели е даден во прилогот 2.9.А и прилогот 2.9.Б.

Прв циклус на студии:

Во анализираниот период бројот на новозапишани студенти на прв циклус студии покажува одредени осцилации, условени, меѓу другото, од пошироките демографски и миграциски движења во државата, како и од промените во интересот на младите за различните области на техничките и инженерските науки. Сепак, податоците од последните две учебни години укажуваат на значително зголемување на интересот за студирање на ФЕИТ, со што се потврдува позицијата на Факултетот како една од водечките и препознатливи високообразовни институции во областа на електротехниката и информациските технологии во државата. Ова укажува дека Факултетот успева да ја задржи и дополнително да ја зајакне својата атрактивност кај идните студенти и е позитивен показател за препознатливоста на студиските програми и нивната усогласеност со интересите на студентите и потребите на современиот пазар на труд.

Бројот на студенти запишани на прв циклус студии во сите уписни рокови по учебни години изнесува: 224 во 2021/2022, 198 во 2022/2023, 196 во 2023/2024, 284 во 2024/2025 и 328 студенти во 2025/2026 година.

Во однос на напуштањето на студиите, во 2021/2022 година се испишале 29 студенти, во 2022/2023 година 23, во 2023/2024 година 27, во 2024/2025 година 77 и во 2025/2026 година 77 студенти. Причината за испишување студентите ја наведуваат во барањето што го поднесуваат до Факултетот. Како најчести причини се наведуваат лични причини, продолжување на студиите на друг факултет или вработување.

Бројот на дипломирани студенти на прв циклус по учебни години изнесува: 134 студенти во 2021/2022 и 143 во 2022/2023, 171 во 2023/2024, 137 во 2024/2025 и 127 во 2025/2026 година. Просечната оценка и просечното времетраење на студирањето во истиот период изнесуваат: 7,95 и 5,01 години во 2021/2022, 8,01 и 5,42 години во 2022/2023, 7,92 и 6,5 години во 2023/2024, 8,16 и 5,23 години во 2024/2025. Следењето на овие показатели овозможува континуирана процена на успешноста на студентите и на динамиката на завршување на студиите.

Втор циклус на студии

Бројот на новозапишани студенти на втор циклус студии, по двата уписни рока, по учебни години изнесува: 60 во 2021/2022, 53 во 2022/2023, 60 во 2023/2024, и 67 во 2024/2025 и 74 студенти во 2025/2026 година. Податоците покажуваат дека по периодот на постепено намалување на бројот на запишани студенти, во последните две анализирани учебни години се забележува промена на трендот и зголемување на интересот за студирање на втор циклус. Овој позитивен тренд може да се поврзе и со континуираното иновирање и реакредитација на студиските програми на втор циклус, со цел нивно усогласување со современите научно-технолошки трендови и потребите на пазарот на труд.

За секоја академска година продеканот за настава изготвува Извештај за успешноста на студентите на прв и втор циклус студии. Во извештаите систематски се прикажуваат и анализираат податоците за уписот, напредувањето и успешноста на студентите, со што се обезбедува основа за следење на трендовите, идентификување на евентуалните слабости и преземање мерки за унапредување на наставниот процес и условите за студирање. Извештаите се дадени во прилогот 2.9.В – Извештаи за успешноста на студентите на прв и втор циклус. **Анализата на просечните оценки по предмети** покажува релативно стабилно ниво на успех, без континуиран тренд на зголемување или намалување. На прв циклус, во периодот од 2021/2022 до 2023/2024 година се забележува постепен раст, по кој следува умерено намалување во 2024/2025 година, при што просеците во зимскиот и летниот семестар остануваат повисоки од почетните вредности; за 2025/2026 година не е достапен непосредно споредлив збирен показател по предмети. На втор циклус, во петгодишниот период од 2021/2022 до 2025/2026 година, просечните оценки се движат во тесен интервал од 9,65 до 9,83, со почетна вредност од 9,76 и крајна од 9,74, што потврдува стабилно висок просечен успех со мали годишни осцилации (Прилог 2.9.А, Прилог 2.9.Б и Прилог 2.9.В).

Трет циклус на студии

Бројот на новозапишани студенти на трет циклус студии по учебни години изнесува: 6 во 2021/2022, 7 во 2022/2023, 6 во 2023/2024, 3 во 2024/2025 и 2 студенти во учебната 2025/2026 година. Бројот на студенти кои се стекнале со научен степен доктор на науки изнесува:, 2 во 2021/2022, 2 во 2022/2023 и 5 во 2023/2024 година, 1 во 2024/2025 и 7 студенти во 2025/2026 година.

Прилози

Прилог 2.9.А Статистички податоци
Прилог 2.9.Б Просечни оценки по предмети
Прилог 2.9.В Извештаи за успешноста на студентите на прв и втор циклус

Стандард 3

СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ	
ИНДИКАТОР	ДОКУМЕНТАЦИЈА
3.1. Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес.	Приказ на системот за изведување на настава на ниво на установа; Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата; Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење.

На Факултетот за електротехника и информациски технологии е воспоставен повеќеслоен систем на механизми со кои се обезбедува студиските програми да се реализираат на начин што го поттикнува активното учество на студентите во процесот на учење, а нивното оценување да биде усогласено со предвидените наставни активности и очекуваните резултати од учењето.

Јасно дефинирани надлежности за организација и унапредување на наставниот процес: Во Статутот на Факултетот за електротехника и информациски технологии (Прилог 3.1.А) јасно се утврдени надлежностите на организациските единици и носителите на наставниот процес. Особено значајна улога имаат институтите, кои покрај реализацијата на наставно-образовната, научноистражувачката и применувачката дејност, учествуваат во подготовката и унапредувањето на студиските програми, ги разгледуваат прашањата што произлегуваат од нивната реализација и предлагаат мерки за подобрување на наставата. Институтите се грижат и за пренесување на новите научни и стручни сознанија во наставниот процес, развивање современи педагошки пристапи и усогласување на наставните методи со природата на соодветните дисциплини. На тој начин се создаваат услови наставата да не се сведува само на пасивно усвојување знаења, туку да вклучува активно учество на студентите преку практични задачи, лабораториски и компјутерски вежби, домашни задачи, истражувачки активности, презентации, самостојна обработка на литература и други форми на интерактивно учење.

Јасно дефинирани и транспарентни правила за оценување: Начинот на проверка и оценување на знаењата и постигнувањата на студентите е уреден со Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии и втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Прилог 3.1.Б), како и со Правилата за студирање на прв и втор циклус студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии (Прилог 3.1.В).Во зависност од природата и целите на предметот, оценувањето може да опфаќа повеќе форми на студентска активност, како што се писмени и усни проверки, практични и лабораториски задачи, проектни активности, домашни задачи, семинарски трудови, презентации и други форми на континуирана работа. На овој начин оценувањето не се заснова исклучиво на завршна проверка на знаењето, туку го зема предвид и активното учество и ангажманот на студентот во текот на наставниот процес. Со тоа се воспоставува директна поврзаност меѓу методите на учење, студентските активности и начинот на вреднување на постигнатите резултати.

Навремено и транспарентно информирање на студентите: Студентите се информираат за правилата на студирање, организацијата на наставата, начинот на оценување и нивните права и обврски преку веб-страницата на Факултетот и другите официјални канали за информирање (Прилози 2.7). Дополнително, на ниво на поединечните предмети студентите се запознаваат со наставните активности, очекуваните резултати од учењето, критериумите за оценување и формите преку кои се вреднува нивниот ангажман што им овозможува однапред да го планираат сопствениот ангажман и активно да учествуваат во процесот на учење. Во зависност од спецификите на предметот, тоа може да вклучува проектни задачи, истражувачки трудови, анализа на литература, презентации, лаб. вежби, специјализирани курсеви и други активности.

За трет циклус на студии, механизмите за активно вклучување на студентите во процесот на учење и правилата за нивно оценување се дефинирани со Правилникот за условите за студирање на студиските програми на трет циклус на студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Прилог 3.1.Г). Нивната реализација се темели на непосредна и континуирана интеракција меѓу докторандите и наставниците и менторите, при што особено се поттикнува самостојната истражувачка работа, критичкото размислување, дискусијата и активното учество во научноистражувачкиот процес.

Прилози

Прилог 3.1.А **Статут на Факултетот за електротехника и информациски технологии – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

Прилог 3.1.Б **Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во**

Скопје

Прилог 3.1.В Одлука за правила за студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Факултет за електротехника и информациски технологии – Скопје

Прилог 3.1.Г Правилник за условите за студирање на студиските програми на трет циклус на студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје.

Сите елаборати на студиските програми се дадени во прилогот на 2.2.

3.2. Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи.	Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно; Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми; Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата.

Факултетот за електротехника и информациски технологии применува разновидни и флексибилни пристапи во организацијата и реализацијата на наставата, со цел да одговори на различните потреби на студентите, спецификите на студиските програми и природата на одделните наставни дисциплини.

Основата за примена на различни модели на настава е утврдена во Правилникот за условите на студирање на студиските програми на прв и втор циклус на студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Прилог 3.1.Б). Во него се предвидени повеќе **форми на реализација на наставата**, меѓу кои предавања, аудиториски и лабораториски вежби, консултации, семинарски работи, домашни задачи, проектни активности, теренска настава, курсеви и други форми соодветни на целите и содржината на предметот. Разновидноста на наставните методи е проследена и со различни **форми на проверка и вреднување на постигнувањата на студентите**. Согласно Правилата за студирање на прв и втор циклус (Прилог 3.1.В), оценувањето, во зависност од спецификите на предметот, може да опфаќа колоквиуми, практични и лабораториски вежби, проектни задачи, презентации, теренска работа, домашни задачи и други активности предвидени со предметната програма. На овој начин, студентите имаат можност своите знаења и компетенции да ги покажат преку различни видови активности, а не исклучиво преку класична форма на испитување. Конкретните пристапи и методи на учење и настава дополнително се дефинирани во елаборатите за акредитација на секоја студиска програма (Прилози 2.2). Постои можност во наставата, непосредно или преку виртуелни форми, да се вклучуваат наставници и експерти од други високообразовни, научноистражувачки и професионални институции од земјата и странство. На Факултетот се применуваат современи педагошки пристапи што го поттикнуваат активното учество на студентите, вклучувајќи учење преку решавање проблеми, проектна и групна работа, лабораториски вежби и „превртена училница“. Нивната примена и соодветност за постигнување на предвидените резултати од учењето се потврдени во извештајот на ASIIN, во кој се истакнати и платформата за електронско учење, туторската поддршка од студенти од повисоките години и системот „професор-советник“ (Прилог 1.6.А). Конкретни примери во учебната 2024/2025 година се работилницата „Python 101: Основи на работа со звук во Python“, реализирана на 8.11.2024 во рамките на предметот Електроакустика, и работилницата „Слободен софтвер за научна и инженерска работа“, одржана на 21.2.2025 во рамките на предметите Дигитално процесирање на аудио и Биомедицинска електроника. Проектното учење е поткрепено и со студентските решенија демонстрирани на работилницата за асистивни технологии на 14.3.2025, меѓу кои асистивна тастатура, системи за детекција на препреки за слепи лица и контрола на количка со поглед. Дополнително, преку проектот PEMS-ML, започнат во ноември 2024 година, се развива персонализирано учење во мерната техника, поддржано со машинско учење и интерактивни образовни материјали.

Значаен придонес кон практично ориентираната и интерактивна настава дава и **лабораториската инфраструктура на Факултетот**. ФЕИТ располага со 20 лаборатории опремени со современа опрема, кои овозможуваат реализација на лабораториски вежби, експериментална работа, истражувачки активности и студентски проекти. Во периодот 2024–2026 година, Факултетот ги унапредува лабораториските капацитети преку набавки и донации од индустриски партнери. Во учебната 2024/2025 година се склучени договори за опрема кои опфаќаат компјутерска опрема, лидар-камера, мобилна роботска платформа, мерни инструменти, електрични уреди и климатизери. Дополнително, ХАС Инженеринг во 2024 година донирал опрема за индустриска автоматика, Солар Спектар обезбедил фотоволтаична лабораториска опрема, а Контрон во март 2026 година донирал десет микрокомпјутерски комплети во вредност од 1.500 евра. Унапредувањето ја опфаќа и лабораториската инфраструктура: во 2024/2025 година е завршена реконструкцијата на Лабораторијата за електротехника, инсталирана е топлинска пумпа за живата лабораторија во ИНОФЕИТ и пуштен е во употреба хибриден инвертер, дониран од Контрон, за фотоволтаичната електрана на анексот. Во истиот период се одвивале активности за обновување на лабораторијата за компјутерски технологии и инженерство и две простории во Лабораторијата за електрични машини и апарати. Континуитетот на вложувањата е предвиден и во Планот за јавни набавки за 2026 година, со средства за набавка на безжична комуникациска експериментална платформа, како и мерна и контролна лабораториска опрема, при што овие износи претставуваат

планирани набавки.
Континуираното унапредување на наставните методи е институционално поддржано и преку надлежностите на институтите и другите организациски единици утврдени со Статутот на Факултетот. Тие ги разгледуваат прашањата што произлегуваат при реализацијата на студиските програми, се грижат новите научноистражувачки сознанија да се пренесуваат во наставниот процес, развиваат современи педагошки методи и предлагаат мерки за подобрување на наставната и применувачката работа.

Прилози
Прилозите во овој дел се идентични со тие кои што се дадени во 3.1.

3.3. Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти.	Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.; Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости; Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата.

Наставниот процес на Факултетот за електротехника и информациски технологии се организира и континуирано се унапредува во насока на **интерактивно и студентски ориентирано учење**. Во центарот на наставниот процес е студентот, неговото активно учество и постепеното развивање на знаења, практични вештини, аналитички способности и професионални компетенции. Разновидните форми на учење се поврзани и со соодветни начини на проверка и оценување на постигнувањата на студентите. Со ваквиот пристап се вреднува не само усвоеното теоретско знаење, туку и способноста на студентот за практична примена, решавање проблеми, самостојна и тимска работа, анализа и презентирање на резултатите.
Во реализацијата на студиските програми се применуваат **интерактивни и интердисциплинарни пристапи**, приспособени на циклусот на студии и спецификите на научната и стручната област. Студиите на случај се користат како метод за поврзување на теоретските знаења со реални инженерски и професионални проблеми, додека практичните задачи и проектната работа им овозможуваат на студентите активно да учествуваат во решавање конкретни проблеми и да ги применуваат стекнатите знаења во реален или симулиран контекст. Посебно значење има **учењето базирано на проекти.** Во зависност од предметот и студиската програма, студентите работат на индивидуални или тимски проекти, истражувачки задачи, анализи, модели и софтверски решенија. Конкретно, предметот „Мрежно програмирање“ на прв циклус студии опфаќа лабораториски вежби и задолжителна практична проектна задача, со содржини насочени кон развој на мрежни апликации во Python и клиент–сервер програмирање. Во предметот „Софтверско инженерство и проектен менаџмент“ на втор циклус се предвидени подготовка и одбрана на проектна задача, при што студентите се оспособуваат за анализа на потребите на клиентите, планирање, моделирање и имплементација на софтверски системи. Дополнително, во предметот „Проектен менаџмент“ се применуваат самостојна изработка на бизнис/проектен план и креирање техничка документација за реални проекти, со писмена и усна презентација на резултатите. Овие активности придонесуваат за развој на самостојност, критичко размислување, комуникациски и организациски вештини и поврзување на техничките знаења со практични и економски аспекти. Практичното и интердисциплинарното учење дополнително се поттикнува преку работилниците во ФЕИТ ФАБЛАБ. Во учебната 2024/2025 година, на 8 ноември 2024 година, во рамките на предметот „Електроакустика“, била реализирана работилницата „Python 101: Основи на работа со звук во Python“, на која студентите се запознале со обработка на звучни сигнали, примена на слободен софтвер во науката и инженерството и работа во Linux-околина. На 21 февруари 2025 година, во рамките на предметите „Дигитално процесирање на аудио“ и „Биомедицинска електроника“, била одржана работилницата „Слободен софтвер за научна и инженерска работа“, насочена кон можностите за обработка на звучни и биомедицински сигнали. Овие активности непосредно ги поврзуваат предметните содржини со практичната примена на програмски алатки во различни инженерски области.
Во учебната 2025/2026 година, на 19 декември 2025 година, во соработка со Интеракт клубот „Визија“, била одржана првата работилница од серијата за изработка на асистивни уреди. Иницијативата вклучува студентски тим од студиската програма „Компјутерско хардверско инженерство и електроника“, со предвидена менторска улога во водењето ученици низ процесот на дизајнирање и изработка на уред за поддршка на комуникацијата на деца со попреченост. Планираните активности опфаќаат дизајн на електроника, изработка на печатена плочка, моделирање и 3Д-печатење на куќиште и програмирање микроконтролер, со цел развој на функционален прототип. Ваквиот пристап создава можности за интегрирање знаења од повеќе дисциплини и развој на креативност, тимска работа, комуникациски вештини и општествена одговорност.
Меѓу применуваните форми и методи на работа се вбројуваат и теренска работа, практични задачи, домашни и истражувачки задачи, подготовка и анализа на стручна и научна литература, презентации, специјализирани вежби и курсеви, гостински предавања од експерти од практиката и академската заедница, посети на компании и институции,

работа на конкретни инженерски предизвици, како и користење современи дигитални технологии, видео-содржини, електронски алатки, специјализирани софтвери и бази на податоци.
Конкретните наставни пристапи и методи се разработени во елаборатите за акредитација на секоја студиска програма, како и во предметните програми, при што тие се приспособуваат на содржината, нивото и очекуваните резултати од учењето на соодветната дисциплина. Факултетот континуирано ја следи реализацијата на наставата и, врз основа на добиените повратни информации, идентификуваните слабости и развојот на современите педагошки и технолошки пристапи, врши соодветни корекции и приспособувања. На овој начин се обезбедува наставата да остане современа, интерактивна и ориентирана кон студентот, со јасен фокус на развојот на неговите знаења, вештини и компетенции.

Прилози
Прилозите во овој дел се идентични со тие кои што се дадени во 3.1.

3.4. Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн.	Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн.

За потребите на извештајот спроведена е анализа на применетите методи за оценување и испитување на студентите на ФЕИТ. Во првиот прилог е прикажан збирен преглед на застапеноста на различните методи на оценување и испитување на ниво на установата, додека во прилогот 3.4.Б е даден детален преглед на начините на оценување за сите предмети од прв и втор циклус на студии кои се реализирале на ФЕИТ во последните пет учебни години. Анализата опфаќа период од пет учебни години, почнувајќи од 2021/2022 до 2025/2026 година и овозможува согледување на структурата, разновидноста и промените во примената на различните форми на проверка и вреднување на знаењата и постигнувањата на студентите.
Податоците покажуваат дека завршниот испит претставува широко застапен начин на оценување во текот на целиот анализиран период, при што неговата застапеност се движи од 87% до 94% од предметите. Истовремено, кај значителен дел од предметите е овозможено полагање на делови, чија застапеност е релативно стабилна и се движи помеѓу 72% и 78%. Покрај завршниот испит и полагањето на делови, податоците укажуваат на примена на повеќе различни методи и алатки за континуирано следење и оценување на студентите. Изработката на проекти, на пример, има релативно стабилна застапеност во целиот анализиран период и се применува кај 29–34% од предметите. Застапеноста на есеи и трудови, презентации, студии на случај и лабораториски вежби варира во зависност од учебната година и природата на предметите. Есеите и трудовите се применуваат кај 15–35% од предметите. Презентациите се застапени кај 8–32% од предметите, исто така со повисока застапеност во 2021/2022 (32%) и 2023/2024 година (28%). Студиите на случај се применуваат кај 6–13% од предметите, додека лабораториските вежби како елемент на оценувањето се застапени кај 5–17% од предметите. Ваквата структура е очекувана имајќи ја предвид разновидноста на предметите и различните исходи од учењето кои треба да бидат проверени.
Во однос на формата на испитувањето, писмениот испит е застапен кај повеќе од половина од предметите во сите анализирани години. Неговата застапеност изнесува 59% во 2021/2022, 57% во 2022/2023, достигнува 70% во 2023/2024, а во 2024/2025 и 2025/2026 година изнесува 58%. Усното испитување е застапено во помал, но сепак значаен дел од предметите: 23% во 2021/2022, 22% во 2022/2023, 44% во 2023/2024, 23% во 2024/2025 и 24% во 2025/2026 година.
Севкупната анализа покажува дека на ФЕИТ не се применува единствен модел на оценување, туку комбинација од различни методи соодветни на карактерот, целите и очекуваните резултати од учењето на одделните предмети. Покрај класичните форми на проверка преку завршен, писмен и устен испит, значително се применуваат и полагање на делови, проектни задачи, есеи и трудови, презентации, студии на случај и лабораториски вежби. Особено значаен е фактот што можноста за полагање на делови е присутна кај повеќе од 70% од предметите во секоја од анализираните години, што укажува на широко застапена практика на континуирано следење и вреднување на постигнувањата на студентите во текот на семестарот, наместо оценувањето да биде концентрирано исклучиво на една завршна проверка.
Разновидноста на применетите методи создава услови студентите да ги демонстрираат стекнатите знаења, практични вештини, аналитички способности и компетенции преку различни форми на работа и проверка. На тој начин, системот на оценување е приспособен на спецификите на различните предмети и студиски програми и овозможува посеопфатно вреднување на степенот на постигнување на предвидените резултати од учењето.

Прилози
Прилог 3.4.А Преглед на методите на оценување и испитување на студентите (во %) на ниво на установа
Прилог 3.4.Б Листа на предмети и методи на оценување и испитување на студентите

3.5. Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати.	Линк до веб страна или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување.

На Факултетот за електротехника и информациски технологии е воспоставен јасно дефиниран, транспарентен и формално уреден систем за проверка на знаењата и оценување на студентите. Постапките за оценување на студентите на прв и втор циклус студии се регулирани со Правилникот за условите на студирање на студиските програми на прв и на втор циклус на студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (членови 40–56) (Прилог 3.1.Б), како и со Одлуката за правила на студирање на прв и втор циклус студии (членови 32–51) (Прилог 3.1.В).

Со наведените акти детално се уредуваат **формите и предметот на оценување**, вклучувајќи колоквиуми, вежби, практични задачи, семинарски трудови, есеи, проекти и други форми на континуирана проверка на знаењата. Истовремено, прецизно се дефинирани постапките за пријавување и спроведување на испитите, испитните рокови, јавноста на испитот, начинот на формирање и објавување на оценките, како и правата на студентите во однос на поднесување приговор и постапување по приговорот. Регулирана е и можноста за комисиско полагање, како и обврските и одговорностите на сите засегнати страни во процесот на оценување. Оваа нормативна рамка доследно се применува од страна на наставниот кадар на Факултетот, согласно спецификите, содржините и очекуваните исходи од учењето на секој предмет и студиска програма.

Транспарентноста и предвидливоста на оценувањето дополнително се обезбедуваат преку јавно достапните податоци за студиските програми од прв, втор и трет циклус на веб-страницата на Факултетот за електротехника и информациски технологии (Прилози 2.7), кои се усогласени со елаборатите на соодветните студиски програми (Прилози 2.2). За секој предмет однапред е дефиниран методот на оценување и распределбата на поените по одделни активности, како што се тестови, семинарски работи и проекти, активност и континуирано учење, како и завршен испит. Исто така, јасно се утврдени критериумите за формирање на конечната оценка врз основа на освоените поени, како и условите за добивање потпис и стекнување право за полагање на завршниот испит. За предметите на студиските програми од прв циклус дополнително се обезбедуваат подетални информации за начинот на полагање на испитот, преку кои студентите се запознаваат со текот на проверката на знаењата, структурата на испитот и начинот на вреднување на нивните постигнувања. На тој начин, критериумите и процедурите за оценување им се познати на студентите однапред и се применуваат на транспарентен, доследен и недискриминаторски начин.

Врз основа на воспоставената нормативна рамка, јавно достапните критериуми за оценување, дефинираните механизми за приговор и комисиско полагање и нивната доследна примена во рамките на студиските програми, може да се констатира дека на Факултетот за електротехника и информациски технологии е обезбеден функционален, транспарентен и правичен систем за оценување на студентите, со што се исполнуваат барањата на предметниот индикатор.

Прилози
Прилозите во овој дел се идентични со тие кои што се дадени во 2.2, 2.7 и 3.1.

3.6. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи.	Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните пет години (доколку е применливо); Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето; Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето; Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи.

Воспоставена е детална нормативна и институционална рамка со која се уредуваат начинот, постапките и критериумите за оценување на студентите. Методите на оценување се дефинирани на ниво на студиска програма и на ниво на поединечен предмет, при што се избираат соодветни **форми на проверка на знаењата и компетенциите** кои им овозможуваат на студентите да го демонстрираат степенот на постигнување на предвидените резултати од учењето. Воспоставените процедури се применуваат на сите студенти под еднакви услови, со што се обезбедуваат доследност, транспарентност и правичност во оценувањето.

Значаен дел од процесот на оценување претставува **обезбедувањето навремена повратна информација за студентите**. Согласно Правилата за студирање, резултатите од испитите се објавуваат во рок од најмногу пет работни дена по завршувањето на испитот. Резултатите се достапни преку соодветните огласни, односно електронски системи, по што на студентите им се овозможува увид во оценетите испитни материјали. При увидот, како и во рамките на редовните консултации со наставниците, студентите можат да добијат конкретно образложение за постигнатите резултати, направените грешки и областите во кои е потребно дополнително подобрување. По потреба,

повратната информација е придружена со насоки и совети за понатамошниот процес на учење и за подобро совладување на наставната материја. Резултатите од оценувањето се евидентираат и во универзитетскиот електронски систем iKnow, со што се обезбедува формално и систематско евидентирање на постигнувањата на студентите. Начинот на објавување и евидентирање на резултатите е опфатен и со воспоставените процедури на системот за управување со квалитет согласно ISO 9001.

Дополнителен механизам за обезбедување објективност и правичност претставува **можноста за комисиско полагање**, предвидена со постојните правила и процедури. Во случаите утврдени со актите, оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи, со што се обезбедува дополнителна проверка на постигнувањата на студентот и се намалува можноста за субјективност во процесот на оценување.

Врз основа на наведеното, може да се констатира дека системот на оценување на Факултетот за електротехника и информациски технологии е поставен така што им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнување на предвидените резултати од учењето. Методите на оценување се приспособени на целите и спецификите на предметите, процедурите се применуваат доследно и праведно за сите студенти, а преку увидите и консултациите се обезбедуваат повратни информации и насоки за понатамошно учење. Во случаи предвидени со важечките акти, оценувањето се спроведува и од повеќе испитувачи, со што дополнително се зајакнува објективноста и транспарентноста на процесот.

Прилози

Прилозите во овој дел се идентични со тие кои што се дадени во 3.1.

3.7. Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен.	Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите; Акти за спречување на корупцијата на установата; Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните пет години со процент на позитивно и негативно решени жалби; Приказ на пријави на корупција во установата.

На Факултетот за електротехника и информациски технологии е воспоставен формален систем за поднесување и постапување по жалби, поплаки и пријави за корупција, кој е достапен за студентите од сите циклуси на студии. Системот е поставен во согласност со важечката законска и подзаконска регулатива, пред сè Законот за заштита на укажувачите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 196/2015 и 35/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 257/2020) и Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор. На ниво на Факултетот постои посебна „Процедура за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите“ (Прилог 3.7.А), која е јавно објавена на веб страната на Факултетот и со која детално се уредува начинот на прием, евидентирање, обработка и постапување по поднесените пријави. Процедурата ги опфаќа и мерките за обезбедување доверливост и заштита на личните и другите податоци на укажувачите, согласно прописите за заштита на личните податоци. По приемот и завршувањето на постапката по секоја пријава, овластеното лице изготвува извештај за исходот од постапката, како и за преземените или предложените мерки за отстранување на евентуалните противправни дејствија и нивните последици. Извештаите и придружната документација се соодветно евидентираат и архивираат. Дополнително, овластеното лице е должно да подготвува полугодишни извештаи за примените пријави од укажувачи и да ги доставува до Државната комисија за спречување на корупцијата, со што се обезбедува институционално следење и отчетност на постапката. Факултетот на својата веб страна согласно регулативата има јавно поставено и лице овластено лице за прием на пријави од укажувачи: Билјана Апостоловска, како и контакт за поднесување на пријави за заштитено внатрешно пријавување: apostolovskab@feit.ukim.edu.mk. Студентите се запознаваат со правилата за пријавување на корупција на предавања организирани од Факултетското студентско собрание на почеток на нивното студирање.

Покрај формалната постапка за заштитено внатрешно пријавување, Факултетот применува и отворен пристап кон приемот на други жалби и поплаки од студентите. Тие можат да бидат доставени по електронски пат или непосредно до надлежните лица и органи на Факултетот, по што, во зависност од природата на случајот, се активираат соодветните законски и институционални механизми за негово разгледување и постапување.

Со воспоставените процедури, јасно определените надлежности, можноста за заштитено пријавување, задолжителното документирање на постапките и периодичното известување до надлежните институции, Факултетот обезбедува формален, транспарентен и функционален систем за постапување по жалби и пријави за корупција. Во периодот кој го опфаќа овој извештај не се регистрирани пријави од ваков вид.

Прилози

Прилог 3.7.А Процедура за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите
Прилог 3.7.Б Овластено лице за прием на пријави од укажувачи: Билјана Апостоловска
Прилог 3.7.В E-mail адреса за поднесување на пријави за заштитено внатрешно пријавување: apostolovskab@feit.ukim.edu.mk

Стандард 4

СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ	
ИНДИКАТОР	ДОКУМЕНТАЦИЈА
4.1. Високообразовната установа соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни.	Акт во кој е регулирано прашањето; Линк до веб страна на објавата.

Факултетот за електротехника и информациски технологии соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето.

Правилникот за условите на студирање на студиските програми на прв и на втор циклус на студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Прилог 4.1 А) јасно ги утврдува условите, критериумите, правата и постапките за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус (постдипломски студии).

Одлуката за правила на студирање на прв и втор циклус студии на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за електротехника и информацисики технологии (Прилог 4.1.Б) детално ги уредува уписните постапки, студентскиот календар, напредувањето за време на студиите, промена на студиска програма за време на студирањето, испитниот режим, завршување на студиите, условното напредување, признавањето на испитите и другите образовни активности положени на различни образовни установи, видот на исправите кои му се издаваат на студентот врз основа на евиденцијата определена во Законот за високо образование, заштита на правата на студентите, органите надлежни за водење на постапките и одлучување, дисциплинската одговорност и правата и должностите на студентите во дисциплинската постапка и други права и должности на студентите.

Сите прописи се јавно достапни на линковите дадени во прилозите.

Прилози

Прилог 4.1.А Правилник за условите на студирње на студиските програми на прв и на втор циклус на студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Прилог 4.1.Б Одлуката за правила на студирање на прв и втор циклус студии на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за електротехника и информацисики технологии

4.2. Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации.	Информација за постоење на соодветни алатки за следење на напредокот на студентот; Доказ дека системот е функционален.

Следењето и водењето на евиденција на напредокот на студентите се врши согласно дефинираната рамка во Законот за високо образование (Прилог 4.2 А), Правилник за условите на студирање на студиските програми на прв и на втор циклус на студии на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Прилог 4.1.А) и Одлука за правила на студирање на прв и втор циклус студии на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за електротехника и информациски технологии (Прилог 4.1.Б).

Согласно Законот за високо образование (Член 159), даден во прилогот 4.2.А, на високообразовните установи се водат:

-Матична книга на запишани студенти.

-Главна книга на дипломирани студенти.

- Досие на секој студент.

Формата и начинот на водењето (во материјална и електронска) и содржината на матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти ги пропишува министерот надлежен за работите на високото образование. Матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломираните студенти се документи од трајна вредност. Согласно наведените прописи се води студентско досие во хартиена и електронска форма каде што јасно може да се видат сите активности поврзани со наредокот на студентот низ студирањето. Електронски систем на евиденција на напредокот на студентите, како и следење на неговите активности низ процесот на студирање - како од страна на Факултетот за електротехника и информациски технологии, така и од секој поединечен студент овозможува iknow системот (Прилог 4.2.Б) и платформата за учење e-kursevi.feit.ukim.edu.mk (Прилог 4.2.В). Секој вработен како дел од наставниот кадар и од Одделението за студентски прашања по безбедносна автентикација може да пристапи до информации за своите активности и напредокот на студентите согласно привилегиите кои му се доделени. Пристап до личното досие на iknow.ukim.edu.mk има и секој регистриран студент, и може да го следи својот личен напредок. Системот се ажурира во реално време и бара промена на лозинките на секои 30 дена.

Прилози
Прилог 4.2.А Закон за високо обрзование (Св. 82/2018)
Прилог 4.2.Б Линк до електронскиот систем за евиденција на напредокот на студентите iknow: iknow.ukim.edu.mk
Прилог 4.2.В Линк до платформата за учење е-курсеви: https://e-kursevi.feit.ukim.edu.mk/

4.3. Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите.	Акт во кој е регулирано прашањето; Листа на студенти на кои им е признато неформалното и формалното учење вклучувајќи и за време на мобилноста, за последните пет години.

Постапката за признавање на периодите на студирање и претходно учење, вклучувајќи го формалното и неформалното образование на студентите за време на студиите е уредена со Законот за високо образование (Прилог 4.2.А) и Одлуката за правилата на студирање на прв и втор циклус студии на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за електротехника и информациски технологии (Прилог 4.1.Б). Во обата документи детално се образложени и уредени напредувањето за време на студиите, премин од една програма во друга за време на студирањето, повторување на семестарот, условното напредување, признавањето на испитите и другите образовни активности реализирани на различни образовни установи, продолжување на студиите по прекинување, паралелното, интердисциплинарното и индивидуалното студирање.
Информациите за определени образовни активности, како и реализирана мобилност се евидентира во студентското досие (во материјална и електронска форма) – кое според Законот за високо образование (Прилог 4.2.А), Правилник за условите на студирање на студиските програми на прв и на втор циклус на студии на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Прилог 4.1.А) и Одлука за правила на студирање на прв и втор циклус студии на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за електротехника и информациски технологии (Прилог 4.1.Б) се води за секој студент. Во студентското досие се евидентираат сите сегашни и претходни образовни активности и мобилности. Постојат посебни процедури и евиденција на пријавите и реализираните мобилности на студентите. Во последните пет учебни години двајца студенти на додипломски студии и еден на докторки студии реализирале мобилност преку Erasmus + програмата. Список на студенти кои реализирале мобилност е даден во прилогот 4.3.А. Во последната учебна година, тројца студенти на магистерски студии реализирале едносеместрален студиски престој на ФЕИТ во рамките на програмата Еразмус+. Од нив, двајца студенти биле од Lapland University of Applied Sciences, School of Engineering, Electrical Engineering, Kemi, Финска, а еден студент од Politechnika Warszawska, Faculty of Electrical Engineering, Варшава, Полска. Во учебната година претходно не е реализирана ваква мобилност на странски студенти на ФЕИТ.
Во однос на појдовната студентска мобилност, во последните две учебни години, двајца студенти на ФЕИТ реализирале студиски престој во странство во рамките на програмата Еразмус+.
Евидентирањето и признавањето на неформалното образование на Факултетот се уредени со Одлуката за правила на студирање на прв и втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за електротехника и информациски технологии (Прилог 4.1.Б). Студентите кои имаат реализирано некаков облик на неформално образование можат да достават барање за признавање на нивното образование до Деканската управа на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за електротехника и информациски технологии. По добиено позитивно мислење од Деканската управа на факултетот, одлука за признавање на неформалното образование се носи на Наставно-научниот совет на факултетот. Исто како и кај формалното образование Факултетот води евиденција и за признаеното неформално образование на студентите во студентското досие. На еден студент може да му бидат признаени најмногу 6 ЕКТС кредити во текот на студирањето (Прилог 4.1.Б, член 53.). Листа на студенти на кои им било признаено неформално образование е дадена во прилогот 4.3.А.
На Факултетот за електротехника и информациски технологии е активен и Центарот за доживотно учење кој нуди дополнително неформално образование како на своите студенти, така и на сите заинтересирани. Листа на расположливите академии, курсеви и летни школи е објавена на веб страната на Центарот за доживотно учење (Прилог 4.3.Б).
Од учебната 2018/2019 година не постои законска обврска за задолжителна практична настава (Прилог 4.2.А), но и по престанокот на таа одредба, Факултетот преку склучени договори им дава поддршка на студентите во обезбедување на практичното образование. Листата на компании со кои соработува Факултетот е дадена во прилогот 4.3.В, и таа постојано се проширува. Праксите кои се достапни за студентите на ФЕИТ редовно се објавуваат на веб страната на Факултетот (Прилог 4.3.Г).

Прилози
Прилог 4.3.А Листа на студенти на кои им се признати неформалното и формалното учење, вклучувајќи и за време на мобилност

Прилог 4.3.Б Линк до Центарот за доживотно учење **Прилог 4.3.В** Листа на компании со кои ФЕИТ има соработка **Прилог 4.3.Г.** Пракси за студентите на ФЕИТ	
4.4. По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документација е јасна, разбирлива и сеопфатна.	Диплома, уверение и додаток на диплома
По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја објаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Во Законот за високо образование (Оддел 5, член 155, Прилог 4.2.А) јасно е дефинирана рамката и содржината на Дипломата, уверението и додатокот на диплома, додека во посебен Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додадок на дипломата и на другите јавни исправи (Прилог 4.4.А) објавен во Службен весник 102/2018 детално е утврдена формата и содржината на секој посебен документ кој се издава по завршување на студиите. Согласно законите, по завршувањето на студиите студентите на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Факултет за електротехника и информациски технологии ги добиваат трите документи: диплома, уверение и додаток на диплома.	
Прилози **Прилог 4.4.А** Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додадок на дипломата и на другите јавни исправи (Св. 67/2025)	

Стандард 5

СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР[1]	
ИНДИКАТОР	ДОКУМЕНТАЦИЈА
5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети.	Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните пет години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати); Одлуки за избор во звање; Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите пет години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице).

Во учебната 2025/2026 година, наставниот кадар на Факултетот за електротехника и информациски технологии го сочинуваат вкупно 80 лица, од кои:
- 49 наставници избрани во наставно-научно звање редовен професор,
- 12 наставници избрани во наставно-научно звање вонреден професор,
- 8 наставници избрани во наставно-научно звање доцент,
- 11 соработници избрани во соработничко звање асистент.

По однос на степенот на образование, наставниот кадар на ФЕИТ, во учебната 2025/2026, го сочинуваат:
- 70 доктори на науки,
- 10 магистри на науки.

Наставниот кадар на ФЕИТ е распределен на работни задачи во рамките на 10 Институти, и тоа:
- Институт за автоматика и системско инженерство – 1 редовен професор, 2 вонредни професори, 1 доцент и 2 асистенти;
- Институт за електроника – 7 редовни професори, 2 вонредни професори и 4 асистенти;
- Институт за електрични мерења и електротехнички материјали – 4 редовни професори и 1 доцент;
- Институт за електрични машини, трансформатори и апарати – 5 редовни професори, 1 вонреден професор и 1 асистент;
- Институт за електротехника, електротермија и електрични возила – 2 редовни професори, 1 вонреден професор и 2 доценти;
- Институт за електрични централи и разводни постројки – 5 редовни професори и 1 асистент;
- Институт за компјутерски технологии и инженерство – 2 редовни професори, 3 вонредни професори, 2 доценти и 1 асистент;
- Институт за математика и физика – 9 редовни професори, 1 вонреден професор, 1 доцент и 1 асистент;
- Институт за преносни електроенергетски системи – 4 редовни професори, 2 вонредни професори и 1 доцент;
- Институт за телекомуникации – 10 редовни професори и 1 асистент.

Дополнително, во извештајниот период, на ФЕИТ биле ангажирани и 6 демонстратори за реализација на аудиториските и лабораториските вежби, на прв циклус студии. По однос на динамиката на ангажирање нов кадар за реализација на наставно-научниот процес, последните нови вработувања се реализирани во учебната 2023/2024, со избор на 3 лица во соработничко звање асистент.

По однос на напредокот во звања, во учебната 2021/2022, во наставно-научно звање редовен професор доживотно беше избран еден наставник, во наставно-научно звање вонреден професор беа избрани двајца наставници, а едно лице беше избрано во наставно-научно звање доцент. Истата учебна година, пет наставници заминаа во пензија. Во учебната 2022/2023, пет наставници беа избрани во звањето редовен професор доживотно, четворица наставници беа избрани во звањето вонреден професор, едно лице беше избрано во звањето доцент, а девет соработници беа повторно избрани во звањето асистент. Во учебната 2023/2024, во звањето редовен професор доживотно, беа избрани пет наставници, три лица беа избрани во звање вонреден професор, три лица беа избрани во звање доцент, а три соработници беа реизбрани во звање асистент. На крајот од оваа учебна година, еден наставник замина во пензија. Во учебната 2024/2025, шест наставници беа избрани во звањето редовен професор доживотно, две лица беа избрани во

звање вонреден професор, а еден соработник беше реизбран во звањето асистент. На крајот од оваа учебна година, еден наставник замина во пензија. Во учебната 2025/2026, до моментот на пишување на овој извештај, четворица наставници беа избрани во звањето редовен професор доживотно, еден наставник беше избран во звање вонреден професор и три лица беа избрани во звањето доцент. На крајот од оваа учебна година, двајца наставници заминуваат во пензија.

Во прилогот 5.1.А, изложени се биографиите на наставниот кадар, во кои се наведени степените на образование, работното искуство, научно-истражувачката и стручно-применувачката дејност на наставниците и соработниците на ФЕИТ. Вклучени се и соработниците-демонстратори. Од приложените биографии, може да се утврди дека наставниот кадар на ФЕИТ поседува соодветно образование, научни и стручни компетенции и искуство во областите кои соодветствуваат на предметните програми кои се предаваат на студиите. Полето на истражување соодветствува на тематиката на наставните дисциплини кои се покриваат од поединечни наставници, што соодветно резултира со поврзување на теоретските основи со практичните аспекти на студиите. Ова се потврдува и преку приложените податоци за научноистражувачка работа, објавените научни трудови, учеството во меѓународни, билатерални и домашни проекти, како и преку изборите во соодветни звања од области на електротехниката и информациските технологии.

Одлуките за избор во звања на наставниците и соработниците на ФЕИТ и рецензентските извештаи објавени во билтен се достапни на веб-страницата на Факултетот, прилогот 5.1.Б, односно прилогот 5.1.В.

Во прилогот 5.1.Г, прикажана е листа на предмети, кои поединечни наставници и соработници ги предавале на сите циклуси студии на ФЕИТ, со бројот на часови во наведената учебна година.

Прилози
Прилог 5.1.А Биографии на наставниот кадар во Europass формат
Прилог 5.1.Б Одлуки за избор во звање (линк до веб страна на ФЕИТ)
Прилог 5.1.В Извештаи за избор во звање (линк до веб страна на ФЕИТ)
Прилог 5.1.Г Листа на предмети и број на часови

5.2. Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област.	Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл.2 т.21 од ЗВО) на наставниот кадар во последните пет години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т.21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа; Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот.

Наставниот кадар на ФЕИТ постигнува солидни резултати во делот на публикација на научни трудови во референтни научни публикации. Во изминатиот 5-годишен период, публикувани се помеѓу 122 и 136 трудови, во рамките на една учебна година. Гледано по категории, најголемиот дел од публикациите се реализирани во списанија индексирани во најмалку една електронска база на списанија достапна на интернет како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, SCImago итн. (55 публикации во учебната 2025/2026, 38 публикации во учебната 2024/2025), како и на меѓународни академски собири (54 публикации во учебната 2025/2026, односно 63 публикации во учебната 2024/2025). Имајќи предвид дека ФЕИТ е издавач на списание, кое припаѓа во категоријата на списанија со меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку 3 земји, значителен број публикации е регистриран и во наведената категорија (15 публикации во учебната 2025/2026, 24 публикации во учебната 2024/2025). Помал број публикации се регистрирани во категоријата на која припаѓаат списанијата објавени во земји членки на ЕУ и/или ОЕЦД (максимум 4 во една учебна година), додека во делот на публикување книги или поглавја од книги, рецензирани и објавени во земји членки на ЕУ и/или ОЕЦД, максимумот е постигнат во учебната 2023/2024, кога од страна на кадарот на ФЕИТ се публикувани 9 поглавја од книга. Во извештајниот период, не е пријавена активност во делот на преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет.

Деталниот приказ на бројот на референтни научни публикации, по категории и по учебни години, е прикажан во прилогот 5.2.А. Во прилогот 5.2.Б, прикажана е листата на публикации на наставниците и соработниците на ФЕИТ, изложена по учебни години и подредена по азбучен ред од презимето на наставникот/соработникот. Во прилогот 5.2.В е наведен линк до Списанието за електротехника и информациски технологии (англ. Journal of Electrical Engineering and Information Technologies), кое, како што беше претходно наведено, претставува списание со меѓународен уредувачки

одбор во кој членуваат лица од повеќе од 3 земји, при што бројот на членови од една земја не надминува две третини од вкупниот број членови. Публикувањето трудови од страна на наставно-научниот кадар на Факултетот се следи и од страна на Деканатот, при што на крајот од секоја календарска година се сумираат постигнувањата на наставниците и соработниците на ова поле. Сумираните податоци за научната работа на кадарот на ФЕИТ се објавуваат на факултетската веб страница, прилогот 5.2.Г.

Прилози
Прилог 5.2.А Број на публикации на ФЕИТ
Прилог 5.2.Б Листа на публикации на ФЕИТ
Прилог 5.2.В Journal of Electrical Engineering and Information Technologies (линк до веб страна на ФЕИТ)
Прилог 5.2.Г Листа на публикации на ФЕИТ (линк до веб страна на ФЕИТ)

5.3. Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава.	Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии, доколку е применливо). *Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.[2];* Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните пет години; Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните пет години (доколку е применливо); Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време.

Наставниот кадар на ФЕИТ учествува во реализација на наставно-образовниот процес во рамките на четиригодишни студии од прв циклус (додипломски студии), едногодишни студии од втор циклус (постдипломски/ магистерски студии) и тригодишни студии од трет циклус (докторски студии). Соработниците, избрани во звање асистент, се вклучени во реализација на наставниот процес од прв циклус студии. Во наставата од прв циклус студии, дополнително, каде што се јавува потреба се ангажираат и демонстратори за лабораториски вежби или демонстратори за аудиториски и лабораториски вежби. Оптоварувањето на наставниот и соработничкиот кадар е во согласност со уредбите на Законот за Високо Образование – ЗВО (Прилог 5.3.А), член 161, став 9 и 10, така што при усвојување на распределбата на предметите се внимава наставниците и соработниците да не се ангажирани на повеќе од 4 предмети во текот на еден семестар, во рамки на студиите од прв, односно втор циклус. Дополнително, се води сметка да не се надмине бројот на менторства на кандидати запишани на втор циклус студии (12 во една учебна година, по наставник, согласно член 135, став 15 од ЗВО), односно бројот на менторства на кандидати запишани на трет циклус студии (3 истовремено, по наставник, согласно член 136, став 16 од ЗВО).

Во прилогот 5.3.Б е изложен преглед на предметите и вкупниот број на часови кои наставниот и соработничкиот кадар на Факултетот ги предава на сите три циклуси на студии. Бројот на часови на кадарот може да варира, особено во делот на наставата од прв циклус студии, имајќи предвид дека поединечните наставници /соработници на ФЕИТ, покриваат различен дел од наставата по наведените предмети. Така, дел од наставниците, покрај часовите за предавања на предметите за кои се одговорни, покриваат и настава во делот на аудиториските и лабораториските вежби. Ваквиот тип распределба на наставата е карактеристична за наставниците избрани во наставно-научни звања доцент или вонреден професор. Кај предметите кои се предаваат од страна на редовните професори, вообичаено аудиториските и лабораториските вежби ги реализираат соработниците – асистенти или избраните демонстратори. Фондот на часови за предавања, на прв циклус студии, може да варира до максимални 4 часа неделно по предмет, додека фондот на часови за аудиториски вежби достигнува максимални 3 часа неделно. Лабораториските вежби се застапени во неделниот фонд на часови, вообичаено со 1 или 2 часа, меѓутоа реалниот број часови кои наставниците/соработниците ги одржуваат значително варира во зависност од бројот на запишани студенти на поединечни предмети и ограничувањата наметнати поради просторните капацитети на лабораториите.

Во делот на предметите од втор циклус студии, поради малиот број запишани студенти, реализацијата на наставниот процес вообичаено се изведува менторски. Неделниот фонд на часови за предметите на втор циклус, во рамки на студиските програми согласно акредитацијата од 2023 година изнесува 6 часа, додека за предметите во рамки на студиските програми согласно акредитацијата од 2018 година, изнесува 3 часа. Слична ситуација, за менторски реализирана настава, се евидентира најчесто и кај предметите од трет циклус на студии.

Во прилогот 5.3.В прикажани се одлуките за распоред на работи и работни задачи во извештајниот период, во форма на Извештаи за обезбеденост на наставата и Одлуки за усвојување на обезбеденоста, донесени на Наставно-научниот совет на Факултетот. Извештаите за обезбеденост се однесуваат само на прв и втор циклус студии.

Во прилогот 5.3.Г изложени се извештаи за реализирана настава на прв и втор циклус студии. Во моментот на пишување на овој извештај, сè уште се собираат податоци за реализираната настава од летниот семестар во учебната 2025/2026.

Прилози
Прилог 5.3.А Закон за високо образование (линк до веб страна на ФЕИТ)
Прилог 5.3.Б Листа на предмети и број на часови
Прилог 5.3.В Обезбеденост на наставата
Прилог 5.3.Г Извештаи за реализирана настава

5.4. Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми.	Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно – научни звања кој се применува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања); Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните пет години). Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна.

Во процесот на вработување нови наставници и соработници на Факултетот за електротехника и информациски технологии во целост се следат законските нормативи, кои произлегуваат од Законот за Високо Образование - ЗВО (Сл. весник на Р. Македонија 82/2018), прилогот 5.4.А. Постапката на вработување започнува со утврдување потреба од ангажирање наставно-научен или соработнички кадар на Факултетот, согласно Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Факултет за електротехника и информациски технологии, објавен во Универзитетски гласник број 429 од 30.08.2019 (Прилог 5.4.Б). По добивањето согласност за вработување на нови наставници/соработници од ресорните министерства, следува постапка на распишување јавен конкурс, од страна на Наставно-научниот совет, во дневниот печат. Во конкурсот се наведуваат: наставно-научното звање за кое се избира лицето, согласно меѓународната фраскатиева класификација на научно-истражувачките подрачја, полиња и области (Прилог 5.4.В), видот и времетраењето на работниот однос, општите и посебните услови за избор и потребната документација за аплицирање на конкурсот. Рокот за аплицирање на конкурсот е 8 денови од објавата во дневниот печат. По истекот на предвидениот рок, Наставно-научниот совет на Факултетот формира рецензентска комисија која треба да ја оцени подобноста на пријавениот/те кандидат/и за избор во наставно-научното или соработничкото звање. За оценка на подобноста на кандидатот/кандидатите, согласно критериумите за избор, се користат начелата наведени во Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во Универзитетски гласник број 411, од 05.11.2018 (Прилог 5.4.Г). Рецензијата/ рефератот за кандидатот/ кандидатите кои се пријавиле на конкурсот се објавува во универзитетскиот билтен, и се усвојува на наредниот Наставно-научен совет. Наставно-научниот совет, врз база на усвоената рецензија/реферат носи одлука за избор на пријавениот/те кандидат/и во наставно-научните или соработничките звања, наведени во конкурсот.

Во прилогот 5.4.Д направен е преглед на лицата избрани во наставно-научни и соработнички звања на ФЕИТ, во последните 5 учебни години, со податоци за звањето во кое кандидатите се избрани, податок дали станува збор за прв избор, реизбор или избор во повисоко звање, бројот на пријавени кандидати на конкурсот, датумот на избор и линк до билтенот во кој е објавена рецензијата на кандидатот. Во извештајниот период, на секој конкурс, за дадена позиција, бил пријавен само еден кандидат, при што немало кандидати кои не биле избрани на даден конкурс.

Рецензиите за избор на наставниците и соработниците на ФЕИТ, објавени во универзитетскиот билтен, се поставени и на веб страницата на Факултетот, прилогот 5.4.Ѓ.

Одлуките за избор на наставниците и соработниците на ФЕИТ, донесени на наставно-научен совет, по години, се

поставени на веб страницата на Факултетот, прилогот 5.4.Е.

Прилози

Прилог 5.4.А Закон за високо образование (линк до веб страна на ФЕИТ)
Прилог 5.4.Б Правилник за систематизација на работни места на ФЕИТ (линк до веб страна на ФЕИТ)
Прилог 5.4.В Класификација на научно истражувачките подрачја и полиња од трето ниво (линк до веб страна на Агенција за администрација)
Прилог 5.4.Г Правилник за избор во звања (линк до веб страна на ФЕИТ)
Прилог 5.4.Д Преглед на лица избрани во звања
Прилог 5.4.Ѓ Извештаи за избор во звање (линк до веб страна на ФЕИТ)
Прилог 5.4 Е Одлуки за избор во звање (линк до веб страна на ФЕИТ)

5.5. Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа.	Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар; Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата; Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните пет години (со вредност на опремата и изворот на финансирање); Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата; Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми.

Обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар на Факултетот за електротехника и информациски технологии е опфатено во Статутот на Факултетот, објавен во Универзитетски гласник, број 457, од 17.10.2019 (Прилог 5.5.А).

Наставата на Факултетот за електротехника и информациски технологии се изведува во два амфитеатри со вкупна површина од 426 m^2, и вкупен капацитет од 480 лица. Дополнително, за реализација на наставниот процес на располагање се 12 предавални, со вкупна површина од 1162 m^2 и вкупен капацитет од 780 лица. Во амфитеатрите и предавалните на ФЕИТ се реализираат најголемиот дел од часовите за предавања и аудиториски вежби во сите наставни години на студиите од прв и втор циклус. Овие простории се опремени со класични табли, видео проектори и паноа за презентација на материјали во дигитален формат. Дополнително, во дел од предавалните, поставени се и паметни табли. Наставата, особено на предметите од компјутерските насоки, се изведува и во 5 училници кои се опремени со компјутери, со вкупна површина од 240 m^2 и вкупен капацитет од 103 лица, кои функционираат во рамки на Факултетската лабораторија за автоматска обработка на податоци (ФЛАОП). Реализацијата на часовите за лабораториски вежби се изведува во вкупно 18 институтски лаборатории, во кои фигурира различна опрема, во зависност од наставното подрачје кое се проучува и предава на поединечните студиски програми. Вкупната површина на факултетските лаборатории изнесува 1502 m^2, а вкупниот капацитет изнесува 381 лице. Дополнително, во просторните капацитети на Факултетот припаѓа и Библиотеката на ФЕИТ, со површина од 202 m^2, заедно со читалната со површина од 108 m^2, која има капацитет за 30 лица. Книжниот фонд на Библиотеката го сочинува стручна литература од областа на електротехниката и информациските технологии и истиот, во моментот на пишување на овој извештај, опфаќа повеќе од 34000 наслови на монографски публикации (околу 58300 библиотечни единици) и околу 690 наслови на периодични публикации. Книжниот фонд е достапен за пребарување преку класични библиотечни каталози или on-line (Прилог 5.5.Б). Библиотеката има воспоставено активна соработка со НУБ „Св. Климент Охридски" – Скопје и во таа смисла постои можност за користење на повеќе домашни и странски бази на податоци. На Факултетот за електротехника и информациски технологии, преку Универзитетот Св. Кирил и Методиј, е обезбеден пристап до електронските бази на Web of Science и Scopus, како најрелевантни бази за пребарување резулатити од научноистражувачка работа на светско ниво.

Целосната листа со просторните капацитети на ФЕИТе наведена во прилогот 5.5.В. Листата на институтските лаборатории е достапна и на факултетската веб страница (Прилог 5.5.Г), додека целокупниот приказ на просторните капацитети може да се види и во рамки на Виртуелен ФЕИТ (Прилог 5.5.Д).

Еднаш годишно, на Факултетот се формира Пописна комисија, која има задача да спроведе попис на опремата и инвентарот на ФЕИТ. Така, со одлука 02-1662/6 на Деканатската Управа (ДУ) од 22.11.2021, формирана е Централна и други пописни комисии на ФЕИТ за 2021 година. Со одлука 02-1928/3 на ДУ од 21.11.2022, формирана е Централна и други пописни комисии на ФЕИТ за 2022 година. Со одлука 02-1902/9 на ДУ од 20.11.2023, формирана е Централна и

други пописни комисии на ФЕИТ за 2023 година. Со одлука број 02-1772/7 на ДУ од 18.11.2024, формирана е Централна и други пописни комисии за реализација на пописот за 2024 година, со состојба на 31.12.2024 година. Со одлука број 02-1840/7 на ДУ од 17.11.2025, формирана е Централна и други пописни комисии за реализација на пописот за 2025 година, со состојба на 31.12.2025 година. Во прилогот 5.5.Ѓ прикажани се извештаите од централните пописни комисии за наведениот период.

Листата на новонабавена опрема на ФЕИТ е изложена во прилогот 5.5.Е, во форма на поединечни MS Excel документи, за секоја година, во изминатиот 5 годишен период. За новонабавената опрема, прикажани се: типот на опрема кој е набавен, надворешниот оператор кој е задолжен за добавување на опремата, изворот на плаќање, задолженото лице за набавката од ФЕИТ и износот на набавената опрема. Целокупната новонабавена опрема веднаш по ставањето во функција се внесува во пописната листа на Факултетот и добива свој инвентарски број. Во извештајниот период, набавена е информатичка опрема (компјутери, лаптоп уреди, монитори), лабораториска опрема (осцилоскопи и сигнални генератори), телевизори и клима уреди.

Во прилогот 5.5.Ж наведени се годишните извештаи за работа на Деканот, во кои детално се изложени мерките кои Факултетот ги презема за обезбедување соодветни работни услови за наставниот кадар. Од спроведените анкети за задоволството на наставниот кадар за обезбедувањето на соодветни работни услови достапни се два генерални заклучока:
-наставниот кадар е задоволен од инвестирањето во нова лабораториска опрема, при што се подобрува наставно-образовниот процес, од перспектива на осовременување на лабораториските вежби;
-наставниот кадар ја нагласува потребата Факултетот да издвои средства за обезбедување соодветна канцелариска опрема за осовременување на кабинетите.

Прилози
Прилог 5.5.А Статут на ФЕИТ (линк до веб страна на ФЕИТ)
Прилог 5.5.Б Библиотека на ФЕИТ (линк до веб страна на ФЕИТ)
Прилог 5.5.В Просторни капацитети на ФЕИТ
Прилог 5.5.Г Лаборатории на ФЕИТ (линк до веб страна на ФЕИТ)
Прилог 5.5.Д Виртуелен ФЕИТ (линк до веб страна на ФЕИТ)
Прилог 5.5.Ѓ Сумарни извештаи од попис (2021-2025)
Прилог 5.5.Е Новонабавена опрема на ФЕИТ (2021-2025)
Прилог 5.5.Ж Годишни извештаи за работа на деканот

5.6. Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар.	Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар. Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години и финансирани од установата со листа на учесници и програма; Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма . Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните пет години; Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо).

На ФЕИТ постои Правилник за научно и стручно усовршување на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за електротехника и информациски технологии – Скопје. Овој правилник е донесен на седницата на наставно-научниот совет одржана на 18.12.2024, а подоцна е изменет со Правилник за измена на Правилникот за научно и стручно усовршување на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за електротехника и информациски технологии – Скопје, од 18.03.2026 (Прилог 5.6 А). Со овој правилник се уредува начинот на организирање на научното и стручното усовршување на наставниот и ненаставниот кадар на ФЕИТ. На барање на вработените соработници, запишани на трет циклус студии, на ФЕИТ или на друг факултет/универзитет, можат да им се признаат трошоци за студирањето, со посебна одлука на Деканатската управа. На наставниците и соработниците им се покриваат средства во кумулативен износ од 80000 денари во рамките на една календарска година, за разни потреби, како што се: учества на конференции, печатења на трудови во меѓународни списанија, набавка на научна и стручна литература, учество на различни типови обуки во земјата или странство, и сл.
Во рамки на правилникот регулирани се и надоместоците на кадарот заради учества во меѓународни проекти, како и ограничувањата на месечниот број часови за работа на меѓународни проекти.

Во прилогот 5.6.Б. наведена е листа на обуки/тренинзи на наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, реализирани во последните 5 години. Од листата, може да се забележи дека и самиот Факултет, во низа наврати се јавува како организатор или коорганизатор на обуки за наставниот или соработничкиот кадар.	
Прилози Прилог 5.6.А Правилник за научно и стручно усовршување на ФЕИТ Прилог 5.6.Б Листа на обуки и тренинзи на наставниот кадар на ФЕИТ	
5.7. Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност.	Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните пет години; Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат).
Во извештајниот период, на Факултетот за електротехника и информациски технологии, биле ангажирани тројца стручњаци од практиката, заради реализација на клиничка настава, како и еден визитинг наставник од акредитирана високообразовна установа во странство. За потребите на реализација на наставата по предметот „Компјутерски мрежи“, на првиот циклус студии, на студиската програма Компјутерски Технологии и Инженерство (КТИ), во летниот семестар, во учебните години 2021/2022, 2022/2023 и 2023/2024, како стручњак од практиката е ангажиран д-р Драгољуб Патчев, дипл. ел. инг., вработен во давателот на услуги за воздушна навигација М-НАВ. Барањата за ангажирање на д-р Драгољуб Патчев, проследени до Наставно-научниот совет на Факултетот, неговата куса биографија и извештајот за ангажирање на стручњак од практиката, за секоја учебна година, се изложени во прилогот 5.7.А. За потребите на реализација на наставата по предметите „Бизнис менаџмент во телекомуникациите“ и „Стратешко планирање на телеком и Интернет иновации“, на вториот циклус студии на студиската програма Комуникациски и Информациски Технологии (КИТ), во учебната 2023/2024, како стручњак од практиката е ангажиран д-р Владимир Николиќ, дипл. ел. инг., тековно вработен во виртуелен мобилен оператор Lyca Mobile, како генерален менаџер. Барањето за ангажирање на д-р Владимир Николиќ, проследено до Наставно-научниот совет на Факултетот, неговата куса биографија и извештајот за ангажирање на стручњак од практиката се изложени во прилогот 5.7.Б. За потребите на реализација на наставата по предметите „Технолошки иновации“ и „Електрооптика“ на првиот циклус студии, во учебната 2024/2025, како стручњак од практиката е ангажирана д-р Бианка Мангутова- Стоилковска, дипл. инженер–технолог, тековно вработена во Министерство за економија – Биро за метрологија. Барањето за ангажирање на д-р Бианка Мангутова-Стоилковска, проследено до Наставно-научниот совет на Факултетот, нејзината куса биографија и извештајот за ангажирање стручњак од практиката се изложени во прилогот 5.7.В. Започнувајќи од учебната 2024/2025, за визитинг наставник на ФЕИТ, за вршење високообразовна дејност во форма на гостувачки предавања на студиската програма Телекомуникации и информациско инженерство, од прв циклус студии, и студиската програма Интелигентни безжични системи, од втор циклус студии, е избран проф. д-р Петар Поповски, од Универзитетот во Алборг, Данска. Проф. д-р Петар Поповски, е член на престижната Кралска данска академија на науките (The Royal Danish Academy of Sciences and Letters). Барањето за ангажирање на проф. д-р Петар Поповски, како и одлуката на наставно-научниот совет на Факултетот се изложени во прилогот 5.7.Г.	
Прилози Прилог 5.7.А Стручњак од практиката-Драгољуб Патчев Прилог 5.7.Б Стручњак од практиката-Владимир Николиќ Прилог 5.7.В Стручњак од практиката-Бианка Мангутова Стоилковска Прилог 5.7.Г Визитинг наставник-Петар Поповски	
5.8. Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен.	Конкретни примери и резултати, најдобри практики.

Наставниот кадар на ФЕИТ има исклучителна активност во делот на научно-истражувачката работа, која покрај во делот на публикација на трудови во меѓународни списанија и на меѓународни академски собири, се согледува и во делот на апликација и водење меѓународни, билатерални и национални проекти. Во делот на работата на проекти, покрај наставниот кадар, вклучени се и студентите.

Особено значајно е учеството на кадарот на ФЕИТ во реализацијата на меѓународни проекти. Тековно, во учебната 2025/2026, на ФЕИТ се имплементираат повеќе меѓународни проекти, од програмите Erasmus+, Interreg, Horizon и др., прикажани на веб страницата на ФЕИТ (Прилог 5.8.А). Во учебната 2024/2025 година на ФЕИТ се имплементираа 11 меѓународни проекти, а биле поднесени апликации за 23 проекти од различни програми на финансирање. Во учебната 2023/2024 на ФЕИТ се имплементираа вкупно 12 меѓународни проекти, а во истата учебна година беа поднесени дополнителни 25 апликации. Во учебната 2022/2023 на ФЕИТ беа водени 12 меѓународни проекти, а беа поднесени 18 апликации за финансирање на проекти од програмите Horizon Europe, LIFE, Erasmus + итн. Во истата учебна година, се комплетираше и реализацијата на 3 проекти од програмата на Министерството за Образование и Наука за финансирање научно-истражувачки проекти од посебен и јавен интерес за 2021 година, во насока на поддршка и развој на лабораториски ресурси. Реализацијата на овие проекти е од особена важност за наставниот процес, бидејќи набавената лабораториска опрема и развиените методи се достапни и за студентите, согласно донесените политики за пристап до научно – истражувачката инфраструктура во Лабораторијата за електрични мерења (Прилог 5.8.Б) и Лабораторијата за радијациона физика (Прилог 5.8.В), при ФЕИТ. Во учебната 2021/2022 на ФЕИТ биле водени 15 меѓународни проекти, а дополнително биле поднесени и 10 нови апликации.

Во 2025 година, Министерството за образование и наука објави повик за финансирање на научно-истражувачки проекти на државните универзитети-факултети/научни институти/МАНУ. Наставниот кадар на ФЕИТ на овој повик одговори со вкупно 5 апликации, по што беа добиени финансирања за два проекти:
-Интегриран метролошко-комуникациски систем за Индустрија 4.0 – МЕТРОКОМ, главен истражувач проф. д-р Зоран Хаџи-Велков,
-Дигитален близнак и машинско учење како алатки за мерно-дијагностички методи во Индустрија 4.0 (DTML-I4.0), проф. д-р Маре Србиновска.
Овие два проекти, во моментот на пишување на овој извештај се во фаза на реализација.

Во рамките на Erasmus + програмата, ФЕИТ преку УКИМ континуирано потпишуваат договори со други факултети, односно универзитети, од регионот и Европа. Така, за учебната 2025/2026 година е обновен договорот со Универзитетот Мигуел Хернандез во Елче – Шпанија и потпишан е нов договор со Југозападниот Универзитетот „Неофит Рилски“ во Благоевград – Бугарија. За учебната 2024/2025 година обновени се договорите со Универзитетот во Загреб-Хрватска, Универзитетот на Западна Македонија-Грција и Универзитетот 1. Декември 2018 од Алба Јулија-Романија. Во оваа учебна година, преку Еразмус+ програмата се реализирани мобилности на наставен кадар од други Универзитети на ФЕИТ - 3 професори од Универзитетот во Осијек престојуваа на ФЕИТ, од кои двајца за време на РобоМак, како и еден професор од CPX Универзитетот во Берлин – Германија. Во учебната 2023/2024 година еден студент реализираше успешна студентска мобилност на Католичкиот универзитет во Лувен-Белгија. Во делот на мобилност на наставниот кадар преку Еразмус+ програмата, проф. д-р Марија Календар реализираше престој на Универзитетот за применети науки во Анхалт-Германија. Во учебната 2022/2023 беа обновени договорите со Универзитетот во Нови Сад, Р. Србија, Универзитетот на Западна Македонија, Р. Грција, Техничкиот универзитет од Клуж-Напока, Р. Романија, Универзитетот во Севиља, Шпанија и Католичкиот универзитет од Лувен, Белгија. Во учебната 2021/2022 беа обновени договорите со Универзитетот во Загреб, Р. Хрватска и Универзитетот во Варшава, Р. Полска. Во оваа учебна година 7 наставници, односно соработници од ФЕИТ реализираа меѓународна мобилност. Истата учебна година 12 студенти на втор циклус студии од SRH Универзитетот во Берлин, престојуваа на ФЕИТ. Конкурсите за студентска мобилност и мобилност на наставниот кадар, во рамки на Erasmus+ програмата, редовно се објавуваат на веб страницата на ФЕИТ (Прилог 5.8.Г).

Од 2016 година, Факултетот е издавач на Списанието за електротехника и информациски технологии (англ. Journal of Electrical Engineering and Information Technologies), кое излегува 2 пати годишно (Прилог 5.8.Д). Во ова списание, своите први публикации, кои произлегуваат од спроведените истражувања, ги реализираат голем број студенти запишани на втор и трет циклус студии на ФЕИТ.

Во делот на конференциите и работилниците кои се организирани или се поддржани од ФЕИТ, би можеле да се издвојат:

- 17та меѓународна конференција ЕТАИ 2026 (26-28.09.2026 – Струга)
- 28th International Conference on Speech and Computer, SPECOM 2026 (17-18.9.2026, Охрид)
- International Conference on Generalized Functions GF2026 (24-27.08.2026 – Охрид)
- Десета македонска работилница по применета математика и теорија на графови (15-19.08.2026 – Охрид)
- Деветта македонска работилница по применета математика и теорија на графови (6-10.08.2025 – Охрид)
- 32nd International conference on Systems, Signals and Image Processing (IWSSIP) 2025 (06.2025 – Скопје)
- 16та меѓународна конференција ЕТАИ 2024 (21-23.09.2024 – Струга)
- Осма македонска работилница по применета математика и теорија на графови (9-13.08.2024 – Охрид)
- International Conference on Systems, Signals and Image Processing, IWSSIP 2023 (27-29.06.2023 – Охрид)
- Седма македонска работилница од теорија на графови и применета математика (12-17.08.2023 – Охрид)
- VIII Меѓународен симпозиум за применета електромагнетика, SAEM 2022 (06.2022 – Струга)
- Шеста Македонска Работилница од теорија на графови и нивна примена (26-30.08.2022 – Охрид)
- Летен симпозиум за електроника и процесирање на сигнали 2022, ЛЕОС 2022 (24-25.06.2022 – Крушево)

Во организација на ФЕИТ, во соработка со студентите и нивните организации, се и следните конференции, натпревари и работилници:
- Студентска конференција за енергетска ефикасност и одржлив развој – СКЕЕОР (Прилог 5.8.Ѓ)
- Робомак (Прилог 5.8.Е)
- Science@FEIT (Прилог 5.8.Ж)

Детален приказ на имплементираните проекти, водени на ФЕИТ, делот на кадровската и студентската мобилност, на издавачката дејност и на студентските конференции, настани и работилници, се содржат во Годишните извештаи за работа на Деканот (Прилог 5.8.3)

Прилози
Прилог 5.8.А Тековни меѓународни проекти на ФЕИТ (линк до веб страна на ФЕИТ)
Прилог 5.8.Б Пристапна политика ЛЕМ (линк до веб страна на ФЕИТ)
Прилог 5.8.В Пристапна политика РАД-ЛАБ (линк до веб страна на ФЕИТ)
Прилог 5.8.Г Конкурси Erasmus+ (линк до веб страна на ФЕИТ)
Прилог 5.8.Д Journal of Electrical Engineering and Information Technologies (линк до веб страна на ФЕИТ)
Прилог 5.8.Ѓ Студентска Конференција за Енергетска Ефикасност и Одржлив Развој (линк до веб страна на ФЕИТ)
Прилог 5.8.Е РОБОМАК 2026 (линк до веб страна на ФЕИТ)
Прилог 5.8.Ж Science@FEIT (линк до веб страна на ФЕИТ)
Прилог 5.8.З Годишни извештаи за работа на деканот

5.9. Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии.	Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии.

На ФЕИТ, повеќе од 15 години, се користи moodle платформата e-kursevi.feit.ukim.edu.mk, како помошна алатка за реализација на наставниот процес (Прилог 5.9.А). Преку оваа платформа се реализира најголемиот дел од комуникацијата помеѓу наставниците и соработниците од една страна, и студентите од друга, во рамки на поединечните предмети на различни циклуси студии на ФЕИТ. Moodle платформата примарно се користи за испраќање известувања поврзани со наставниот процес до студентите, организација на часовите за лабораториски вежби, поставување дополнителни електронски материјали за учење, спроведување квизови за проверка на знаењето и објавување резултати од колоквиуми и испити.

За подобрување на наставниот процес, особено во делот на лабораториските вежби, континурано се инвестира во реновирање на лабораториите, набавка на нова лабораториска опрема, мерни инструменти и компјутери. Обновувањето, односно осовременувањето, на лабораториската опрема, е изложено во годишните извештаи за работата на Деканот (Прилог 5.9.Б). Она што може да се нагласи за извештајниот период е целосната реконструкција на лабораторијата за електротехника. Преку соработката со индустријата беше обезбедена донација на хибриден инвертер, од страна на компанијата Контрон, за фотоволтаичната централа поставена на кровот на анексот.

Во март 2023 година официјално беше пуштена во употреба Лабораторијата за производство ФЕИТ ФабЛаб. Оваа лабораторија треба да им овозможи на студентите работа на реални проекти преку дигитализација на производните процеси. ФЕИТ ФабЛаб нуди основни и напредни курсеви и менторство во повеќе области како што се: моделирање за 3Д печатење и работа со 3Д печатач, работа со CO_2 ласер, работа со CNC машина, практична електроника и

вградливи микрокомпјутерски системи, слободен и отворен софтвер и друго. Преку ФЕИТ ФабЛаб, се реализираат и голем дел од работилниците и натпреварите во организација на ФЕИТ. Покрај за студентите, оваа лабораторија е отворена и за приватниот сектор заради реализацијата на сопствени развојни и истражувачки решенија и програми. Приказ на ФЕИТ ФабЛаб, преку Виртуелен ФЕИТ платформата, е изложен во прилогот 5.9.В.

Во насока на воведување иновации во наставниот процес и во делот на користење нови технологии, вреди да се спомене и реализацијата на меѓународниот проект „Personalized Education in Measurement Science and Technology Empowered by Machine Learning – PEMS-ML", финансиран во рамки на Erasmus+ програмата. Во рамките на овој проект, чијшто носител е ФЕИТ, се развиваат нови наставни материјали за предмет на втор циклус студии, во доменот на мерната техника, кои опфаќаат модерни концепти на учење, како што се: учење базирано на симулации и игри, примена на видео клипови и мултимедијални туторијали (т.н. Flipped classroom), како и анализа на индустриски случаи од практиката. Дополнително, со помош на алатки базирани на вештачка интелигенција и машинско учење, наставниот курс е предвиден да биде персонализиран кон поединечен слушател, во смисла на избор на наставни материјали и области кои се од интерес за поединечни студенти, но и избор базиран на неговото/нејзиното досегашно познавање од областа. Повеќе детали за наведениот проект и постигнатите резултати се прикажани во прилогот 5.9.Г.

Прилози

Прилог 5.9.А https://e-kursevi.feit.ukim.edu.mk/ (линк до веб страница)
Прилог 5.9.Б Годишни извештаи за работа на деканот
Прилог 5.9.В Виртуелен ФЕИТ (линк до веб страна на ФЕИТ)
Прилог 5.9.Г PEMS-ML (линк до веб страна на проектот)

5.10. Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам.	Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот; Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните пет години).

На Факултетот за електротехника и информациски технологии се води сметка за академскиот интегритет на наставно-научниот кадар, и во целост се отфрлаат сите дејствија кои укажуваат на постоење плагијаризам, фалсификување и фабрикување на резултатите од научно-истражувачката работа. Горенаведеното е во согласност со Етичкиот кодекс на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во Универзитетски гласник број 549 од 10.05.2021 (Прилог 5.10.А). Борбата против плагијаторство, фалсификување и фабрикување резултати од научно-истражувачката работа е особено изразено во делот на фазата на изработка и поднесување магистерски или докторски трудови. Имено, менторот е задолжен за проверка на изработениот труд на кандидатот, во однос на степенот на плагијаризам кој истиот го поседува. Истото се реализира преку веб-алатката plagijati.mon.gov.mk на Министерството за образование и наука на Р. С. Македонија (Прилог 5.10.Б). Доколку се детектира дека поднесениот труд претставува плагијат (делумно и комплетно) на некое претходно истражување, на кандидатот не му се одобрува одбрана на истиот, а понатамошното санкционирање се спроведува во согласност со актите на Универзитетот и Факултетот.

Имајќи го предвид развојот на вештачката интелигенција, во 2024 година на УКИМ беше донесена „Декларација за користење на алатки за генеративна вештачка интелигенција на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје", прилогот 5.10.В. Во оваа декларација, меѓу другото, се наведени начела за зачувување на академскиот интегритет и етичките стандарди во академската работа при користење на вештачката интелигенција, така што јасно ќе бидат наведени алатките кои придонеле во создавање на научното или уметничкото дело, критичка проценка на резултатите и одговорност за содржината на делото. Дополнително, не се дозволува користење на алатки за вештачка интелигенција за споделување академска работа на начин кој не е дозволен од професорот или асистентот, како и копирање на текстови добиени со користење на некои од овие алактки, без соодветно цитирање.

За следење и санкционирање на прекршителите на етичките принципи во рамките на наставно-образовниот процес, на Факултетот се формира дисциплинска комисија. Во дисциплинската комисија на ФЕИТ членуваат четворица претставници од редот на наставниот и соработничкиот кадар, и двајца претставници од редот на студентите. Мандатот на наставниците/соработниците во оваа факултетска комисија е 4 години, додека на студентите е 1 година, и кај едните и кај другите без право на повторен избор. Во прилогот 5.10.Г наведени се одлуките за избор на членови на дисциплинската комисија на ФЕИТ, како и одлуките за промена на членовите од редот на студентите во 2025 и 2026 година. Во прилогот 5.10.Д наведени се решенија за изрекување дисциплински мерки на поединечни студенти, врз база на сторени прекршоци. Во учебната 2022/2023 година биле изречени две дисциплински мерки – забрана за полагање испит во една сесија поради препишување за време на полагање. Во учебните години 2023/2024, 2024/2025 и 2025/2026 не се изречени дисциплински мерки.

Прилози

Прилог 5.10.А Етички кодекс на УКИМ (линк до веб страна на УКИМ) Прилог 5.10.Б http://plagijati.mon.gov.mk/ (линк до веб страна) Прилог 5.10.В Декларација за употреба на алатки за генеративна вештачка интелигенција на УКИМ (линк до веб страна на УКИМ) Прилог 5.10.Г Одлуки за формирање дисциплински комисии на ФЕИТ Прилог 5.10.Д Решенија за дисциплински мерки	
5.11. Установата има политика /документ/акт за научноистражувачка работа. Индикаторите за научно-истражувачката работа се утврдени и редовно се следат.	Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работа и/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа. Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо).
Научноистражувачката работа на Факултетот за електротехника и информациски технологии е регулирана како една од трите основни дејности на високообразовната установа (покрај наставно-образовната и стручно-применувачката дејност), преку Статутот на ФЕИТ (Прилог 5.11.А). Иако Факултетот нема засебен акт во кој е регулирана научноистражувачката работа, постои систем за следење на истата, преку два различни пристапи. Првиот метод за следење на научноистражувачката работа е корелиран со законските барања, односно произлегува од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Прилог 5.11.Б), согласно Законот за Високо Образование (Прилог 5.11.В). Овој начин на следење на научноистражувачката работа претставува утврдување неколкугодишен пресек во работата на наставниците и соработниците, вработени на Факултетот, во насока на постигнување на законските услови за избор или реизбор во соодветните звања. Вториот метод на следење е базиран на годишна анализа на постигнувањата на вработените на ФЕИТ, од страна на менаџментот на Факултетот. Имено, на крајот на секоја календарска година се сумираат публикациите на вработените, за изминатата година, и истите се систематизираат во 4 засебни категории: трудови објавени во списанија со фактор на влијание, трудови објавени во меѓународни списанија, трудови објавени и презентирани на меѓународни конференции и книги или поглавја од книги објавени од страна на странски издавачки куќи. По обработката на добиените податоци за публикациите на вработените и нивната распределба по наведените категории, истите се прикажуваат во Годишните извештаи за работата на Деканот (Прилог 5.11.Г) , како и на Факултетската Веб станица (Прилог 5.11.Д). Дополнително, се прават напори публикациите на кадарот да бидат наведени и прикажани во базите на интернет како што се: ORCID, Research Gate, Google Scholar, итн. Се поставува барање личните профили на наставниците и соработниците на ФЕИТ, во овие електронски бази, да бидат воспоставени со користење на факултетските веб адреси (@feit.ukim.edu.mk), за да се постигне поголема видливост и афирмација на Факултетот, и секако Универзитетот.	
Прилози Прилог 5.11.А Статут на ФЕИТ (линк до веб страна на ФЕИТ) Прилог 5.11.Б Правилник за избор во звања УКИМ (линк до веб страна на ФЕИТ) Прилог 5.11.В Закон за високо образование (линк до веб страна на ФЕИТ) Прилог 5.11.Г Годишни извештаи за работа на Деканот Прилог 5.11.Д Листа на публикации на ФЕИТ (линк до веб страна на ФЕИТ)	
5.12. Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања.	Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки
Ангажманот на наставно-научниот кадар на ФЕИТ, на бројни меѓународни, билатерални и домашно финансирани проекти, опишани во Индикаторот 5.8, потврдува дека научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели. Дополнителна верификација на научноистражувачкиот опус на наставниците и соработниците на ФЕИТ претставуваат и објавените трудови во референтните научни публикации, наведени во Индикаторот 5.2. Проектите кои се раководат од страна на кадарот на ФЕИТ, заедно со публикуваните трудови, се во корелација со „Стратегијата за паметна специјализација на Република Северна Македонија 2024-2027“ (Прилог 5.12.А), во 3 од 4 приоритетни вертикални области за постигнување на визијата за истата: Информациски и	

комуникациски технологии (ИКТ), Електро-машинска индустрија – Индустрија 4.0 и Одржливи материјали и паметни згради. Научноистражувачкиот придонес на кадарот на ФЕИТ е во корелација и со 1 од 2 хоризонтални области на делување, предвидени со Паметната специјализација, а тоа е областа Енергија за иднината. Треба да се напомене дека заложбите на ФЕИТ за постигнување на Визијата за Паметна специјализација, се согледуваат и во работењето на Центарот за трансфер на технологии и иновации (ИНОФЕИТ), преку воспоставената соработка на Факултетот со стопанството, прилогот 5.12.Б.

Во рамките на ИНОФЕИТ, во учебната 2024/2025 беше воспоставен и започна со работа првиот Европски дигитален иновациски хаб (ЕДИХ) во Република Северна Македонија. Како прв официјално признат Европски дигитален иновациски хаб во земјата, ИНОФЕИТ ЕДИХ има мисија да ја забрза дигиталната трансформација на приватниот и јавниот сектор преку обезбедување експертска поддршка, инфраструктура за тестирање и експериментирање, напредни обуки и можности за вмрежување. Повеќе детали за работењето на ИНОФЕИТ ЕДИХ се изложени во прилогот 5.12.В, како и во Годишните извештаи за работата на деканот, прилогот 5.12.Г.

Во насока на сообразност со националните развојни цели, научноистражувачката работа на наставниците и соработниците на ФЕИТ е во корелација и со Националната Развојна Стратегија (НРС), прилогот 5.12.Д, поконкретно во наведените области:
- Одржлива, иновативна и конкурентна економија,
- Сигурно, безбедно и отпорно општество,
- Зелена трансформација.

Значителна верификација за достигнувањата на наставно-научниот кадар на Факултетот претставуваат бројните награди и признанија доделени на поединци кои го афирмираат ФЕИТ во водечка високообразовна институција во земјата, регионот и светот. Во овој извештај би ги издвоиле следните постигнувања, награди и признанија на вработените на ФЕИТ:
- проф. д-р Мирко Тодоровски е избран за дописен член на Македонската академија на науките и уметностите на Изборното собрание на МАНУ, одржано на 7 ноември 2025 година, прилогот 5.12.Ѓ,
- проф. д-р Христијан Ѓорески е добитник на наградата за најдобрите научници и уметник на УКИМ за постигнати врвни резултати во 2024 година, прилогот 5.12.Е,
- проф. д-р Зоран Хаџи-Велков е избран за дописен член на Македонската академија на науките и уметностите на 20-тото изборно собрание одржано на 30 март 2022 година, прилогот 5.12.Ж,
- доц. д-р Владимир Ѓоргиевски е избран за најдобар научник на УКИМ, во подрачјето на техничко-технолошките науки за 2022 година, прилогот 5.12.З.

На 10 октомври 2023, на ФЕИТ беше откриена спомен плоча за значаен придонес на македонската во светската наука – Прво управување на робот со помош на сигнали од мозокот. Овој тип спомен-обележје IEEE го поставува за научни достигнувања кои ги препознава како пресвртница во светската наука, момент на големо и важно достигнување (IEEE Milestone), прилогот 5.12.S.

Прилози

Прилог 5.12.А Стратегија за паметна специјализација (линк до веб страна на МОН)
Прилог 5.12.Б ИНОФЕИТ (линк до веб страна на ИНОФЕИТ)
Прилог 5.12.В ИНОФЕИТ ЕДИХ (линк до веб стана на ИНОФЕИТ ЕДИХ)
Прилог 5.12.Г Годишни извештаи за работа на Деканот
Прилог 5.12.Д Национална развојна стратегија (линк до веб страна)
Прилог 5.12.Ѓ Мирко Тодоровски - дописен член на МАНУ (линк до веб страна на ФЕИТ)
Прилог 5.12.Е Христијан Ѓорески-најдобар научник на УКИМ за 2024 (линк до веб страна на УКИМ)
Прилог 5.12.Ж Зоран Хаџи-Велков - дописен член на МАНУ (линк до веб страна на ФЕИТ)
Прилог 5.12.З Владимир Ѓорѓиевски-најдобар научник на УКИМ за 2022 (линк до веб страна на ФЕИТ)
Прилог 5.12.S IEEE Milestone (линк до веб страна на IEEE R8)

Стандард 6

СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ	
ИНДИКАТОР	ДОКУМЕНТАЦИЈА
6.1. Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој сеопфатен и ефикасен.	Финансиски план од претходните пет години Финансиски извештаи од претходните пет години Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа)

Активностите на Факултетот за електротехника и информациски технологии се финансираат од средства од Министерството за образование и наука, сопствени приходи и приходи од закупнини. Во последните пет години распределбата на овие средства дадена во следната табела (податоците за 2026 се заклучно со 22 мај 2026 г.).

	Вкупно приходи (во денари)	Приходи од МОН (во %)	Сопствени приходи (во %)	Приходи од закупнина (во %)
2026	149 407 748,00	56,45	43,13	0,42
2025	284 355 190,00	65,05	34,54	0,41
2024	229 705 165,00	60,58	39,00	0,42
2023	158 167 207,00	58,78	41,40	0,46
2022	140 359 501,00	57,61	42,10	0,29
2021	140 836 477,00	55,96	43,95	0,10

Во анализираниот период Факултетот реализираше повеќе проекти за подобрување на условите за студирање и настава. Така во овој период се преземени градежни активности за реновирање на дел од факултетските простории и лаборатории, воспоставување и опремување на нови лаборатории, набавка на нова лабораториска опрема, инвестиции во мрежна и енергетска инфраструктура, канцелариска опрема, компјутерска опрема и софтвер итн. За реализирање на овие проекти Факултетот одвои 13,1% од сопствени средстава во 2026; 16,83% во 2025; 11,91% во 2024; 8,6% во 2023; 23, 4% во 2022; 18,4% во 2021 и 6,2% во 2020.

Финансиските планови и деталните финансиски извештаи се дадени во прилогот 6.1. А и прилогот 6.1.Б соодветно.

Системот за финансирање на научно-истражувачката дејност на Факултетот е регулиран со Правилникот за научно и стручно усовршување на кадарот на Фаукултетот за електротехика и информациски технологии, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје даден во прилогот 6.1 В (донесен декември 2024), и Правилник за измени на правилникот за научно и стручно усовршување на кадарот на Фаукултетот за електротехика и информациски технологии, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје даден во прилогот 6.1.Г (донесен март 2026) Дополнително Факултетот има фонд за поддршка на млади истражувачи, кој се финансира од партнерските пакети. Исто така, секоја година Факултетот распишува интерен конкурс за научно-истражувачки проекти на млади истражувачи. Една апликација е финансирана од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во вредност од 150 000 ден., додека останатите позитивно оценети предлог проекти (независно од бројот) ги финансира Факултетот во вредност од 120 000 ден. Во следната табела е даден приказ на буџетот за научно-истражувачка дејност во последните пет години (податоците за 2026 се заклучно с о 22 мај 2026 г.).

година	Буџет за наука (во денари)	Буџет за наука во % од вкупниот буџет	Буџет за наука во % од сопствени приходи
2026	6 682 581,00	4,4	10,3
2025	7 149 675,00	2,5	7,2
2024	6 867 814,00	2,9	7,6
2023	5 768 552,00	3,6	8,7

2022	6 303 856,00	4,5	10,6
2021	3 619 174,00	2,6	5,8

Распределбата на буџетот за научноистражувачка дејност е дадена во следната табела

година	Проекти (%)	Учество на конференции (%)	Објавување трудови (%)	Литература и списанија (%)	Опрема (%)	Други образовни услуги (%)
2026	55,0	4,9	2,4	0,3	37,4	0
2025	16,0	7,1	20,7	1,7	37,1	17,4
2024	23,8	9,6	17,6	2,1	31,6	15,3
2023	30,52	14,34	4,30	0,59	5,53	44,72
2022	12,57	6,23	4,01	0,40	15,89	60,89
2021	0,00	10,75	6,14	3,06	2,35	77,70

Прилози
Прилог 6.1.А Финансиски план од претходните пет години (2022, 2023, 2024, 2025, 2026)
Прилог 6.1.Б Финансиски извештаи од последните пет години (2021, 2022, 2023, 2024, 2025)
Прилог 6.1.В Правилник за научно и стручно усовршување на кадарот на Факултетот за електротехника и информациски технологии, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Прилог 6.1.Г Правилник за измена на правилник за научно и стручно усовршување на кадарот на Факултетот за електротехника и информациски технологии, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

6.2. Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата.	Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби); Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите; Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма); Попис на информатички ресурси за учење на далечина; Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби; Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата.

Факултетот за електротехника информациски технологии располага со неколку објекти во кои се изведува настава и лабораториски вежби. Вкупната површина, вклучувајќи го и дворот, со која располага Факултетот е 48 567m^2. Од оваа површина 3 909 m^2 зафаќаат амфитеатарот, училниците и лабораториите, додека целокупната површина наменета за наставна и научноистражувачка дејност е 9000 m^2.

Наставата на сите наставни програми на Факултетот се изведува во две смени, односно од 8 часот наутро до 20 часот. За реализација на наставните програми се користат: 2 амфитеатри (426 m^2) со вкупно 480 седишта, 12 училници (1 162 m^2) со вкупно 780 седишта, 4 компјутерски училници (200 m^2) со 81 компјутер, 17 лаборатории (1 502 m^2) опремени со соодветна опрема, компјутери (вкупниот број на компјутери во сите лаборатории е 135), RuspberryPi (вкупно 30), една роботска рака и 381 работни позиции, Дата центар и ФабЛаб. Две дополнителни лаборатории се акредитирани според EN ISO/IEC 17025 стандардот. Сите училници и амфитеатри се опремени со современа опрема за видео проекција, дополнително 8 училници се опремени и со паметни табли. Во прилогот 6.2 А е даден попис на функционална информатичка опрема наменета за студенти. Сите факултетски простории се покриени со безжичен интернет и EduROAM мрежата. EduROAM мрежата е бесплатна меѓународна академска мрежа која обезбедува безжичен пристап на интернет, а се користи на високообразовните институции во Светот. Пристап до неа имаат сите студенти и наставниот кадар на сите факултети и универзитети кадешто со користи оваа мрежа. Студентите и вработените на ФЕИТ на оваа мрежа се најавуваат е со личната факултетска

електронска адреса и нивната лозинка. Во моментов се работи на осовременување на мрежата.

Како поддршка на класичната настава долги години наназад се користи платформата е-курсеви (Прилог 6.2 Б). Е-курсеви е moodle платформа која се користи на најголем дел од универзитети во светот. Платформата нуди опции за испраќање соопштенија, објавување на резултати, поставување материјали за учење, задавање на домашни задачи, спроведување на тестови и анкети итн. Во време на Ковид-19 пандемијата наставата се реализираше преку оваа платформа. За потребите на наставата, на платформата беа интегрирани алатки за учење на далечина: алатки за конференциска врска (ZOOM, BigBlueButton и Jitsi), виртуелна соработка (Collaborative document), виртуелни лаборатории (Geogebra, Virtual programming laboratory и EJSApp remote laboratories) и други помошни алатки (Mindmaps, SCORM и IMS content package).

Факултетот располага со богато опремена библиотека (202 m^2) и читална (108 m^2) која има 30 работни позиции наменети за студентите. Библиотеката функционира како посебна работна единица, заедничка за Факултетот за електротехника и информациски технологии и Машинскиот факултет. Според последниот попис, спроведен во декември 2023 (Прилог 6.2 В) библиотеката располага со 34 419 наслови на книги и 49 172 единици, дополнително има и 23 списанија со 1 990 единици. Во периодот од октомври 2021 до мај 2026 година во библиотеката на ФЕИТ се добиени вкупно 645 книги и тоа: 29 домашни наслови со 318 дублети (вкупно 347 книги), 19 странски наслови со 8 дублети (вкупно 27 книги), 254 магистерски трудови и 17 докторски дисертации.
Изборот на новонабавената литература во библиотеката го прави наставниот кадар на Факултетот согласно со потребите на студиските програми. Во прилогот 6.2.Г е дадена листа на сите новонабавени наслови во библиотеката на ФЕИТ во последните 5 години. Книжниот фонд им е достапен на корисниците преку класични библиотечни каталози. На корисниците исто така им се достапни и електроските изданија на ФЕИТ (вкупно 9) и на УКИМ.
Библиотеката на ФЕИТ има пристап до следните бази на податоци: EBSCO и MathSciNet. На веб страната на Факултетот прикачен е Каталог на линкови за пребарување на сите обработени наслови на домашна и странска стручна литература на располагање на Библиотеката во печатена и електронска форма и истиот редовно се ажурира.

На факултетот има 3 пристапни рампи и лифт што овозможуваат пристап на лица со физички хендикеп до главната факултетска зграда и приземјето од анексот на факултетот. Недостасува пристапна рампа до лабораториите кои се на вториот кат од анексот, и со тоа се недостапни за овие лица. За студентите со дислексија испитите се подготвуваат со соодветен фонт. На ФЕИТ во тек е проектот ИнДиБиб чија цел е создавање на нова Инклузивна Дигитална Библиотека на електронските изданија на учебници и учебни помагала на УКИМ. Работната верзија од веб-платформата е поставена на адресата http://indibib.feit.ukim.edu.mk/. Факултетот негува индивидуален пристап кон лицата со посебни потреби за да им овозможи еднакви услови со останатите, секако во рамките на можностите.
За мониторинг на техничките ресурси Факултетот користи: irmc, Dell DRAC, HPE Integrated Lights-Out и zabbix. Snipe-IT се користи како IT asset management system.

Прилози
Прилог 6.2.А Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите
Прилог 6.2.Б Информатички ресурси за учење на далечина
Прилог 6.2.В Попис на книги во библиотека
Прилог 6.2.Г Попис на новонабевени книги

6.3. Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/администра-тивните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот	Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби; Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби; Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите пет години (со наведен период).

и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции.	

Стручните и административните служби на Факултетот се организирани во: Секретар, Одделение за студентски прашања, Одделение за библиотечно работење, Одделение за финансиско, материјално и сметководствено работење, Одделение за правни и општи работи и Одделение за техничка поддршка (Прилог 6.3.А).

Одделението за студентски прашања ги води матичните книги на запишаните и дипломираните студенти, ги оформува и ажурира студентските досиеја од трите циклуси на студии во електронска (преку iknow системот) и хартиена форма. Најизразена е улогата на оваа служба во секојдневната работа со студентите во врска со издавање барања, уверенија, потврди, вршење заверка и запишување семестри, како и давање потребни информации на студентите. Одделението за студентски прашања има четири вработени од кои тројца со висока стручна спрема и еден со средна стручна спрема. Приемното време за редовните студенти на шалтерите на ова одделение е од 12:30 до 14:30 часот, секој работен ден. За одредени групи на студенти (вработени студенти, студенти постари од 25 години, родители, студенти со посебни потреби и сл.), вработени во Одделението се на располагање од 8:00 до 16:00 часот секој работен ден. Сите потребни информации или податоци овие студенти може да ги добија и телефонски или преку е-меил.

Приказ на бројот на вработени и нивниот профил во стручните и административните служби е даден во следната табела.

	Број на вработени	Степен на образование			
	ВКУПНО	ВСС	ВШ	ССС	ОО
Секретар	1	1			
Одделение за студентски прашања	4	3		1	
Одделение за библиотечно работење-Библиотека	2	1		1	
Одделение за правни и општи работи	4	2		2	
*Помошно технички персонал	8			8	
Одделение за финансиско, материјално и сметководствено работење	5	3		2	

Називот и описот на работните места во помошните и административните служби, условите потребни за извршување на работните задачи и обврските на одделни работни места се утврдени во Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за електротехника и информациски технологии.
Во прилогот 6.3.Б е дадена листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во анализираниот период. Во анализираниот период вработените од административниот и помошниот кадар на ФЕИТ посетувале обуки и стручни советувања насочени кон унапредување на нивните професионални компетенции. Обуките главно опфаќале теми од областа на финансиското и сметководственото работење, јавните набавки, канцелариското и архивското работење, управувањето со човечките ресурси и примената на соодветната законска регулатива. На овој начин се овозможува континуирано стручно усовршување на кадарот и подобрување на ефикасноста и квалитетот на административното работење на Факултетот.

Прилози
Прилог 6.3.А Веб страна на стручните и административните служби
Прилог 6.3.Б Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции

6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии.	Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите пет години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот); Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии.

Факултетот за електротехника и информациски технологии го поттикнува вклучувањето на студентите од сите циклуси на студии во научно-истражувачки проекти.
Во последните две учебни години на ФЕИТ се забележува значително зголемување на бројот на реализирани национални и меѓународни проекти, како и на бројот на студенти вклучени во нивната реализација.
Во учебната **2024/2025 година** се реализирани 14 национални и меѓународни проекти, во кои биле вклучени вкупно 22 студенти. Од нив, 7 студенти биле од прв циклус студии (0,7%), 11 од втор циклус (7%) и 4 од трет циклус студии (17%).
Во учебната **2025/2026 година** бројот на реализирани проекти се зголемил на 21, а бројот на вклучени студенти достигнал 45. Од нив, 19 студенти биле од прв циклус студии (1,8%), 17 од втор циклус (10%) и 9 од трет циклус студии (40%). Во споредба со претходната учебна година, ова претставува зголемување од 50% на бројот на проекти и повеќе од двојно зголемување на бројот на ангажирани студенти.
За споредба, во претходните три учебни години, бројот на реализирани проекти изнесувал 13 во 2021/2022, 18 во 2022/2023 и 15 во 2023/2024 година, со вкупно 48, 54 и 31 ангажиран студент, соодветно.
Податоците укажуваат на **позитивен тренд во последните две учебни години**, особено во однос на зголемувањето на проектните активности и студентската вклученост во учебната 2025/2026 година. Особено е значајно зголемувањето на учеството на студентите од втор и трет циклус студии, што придонесува за нивно поактивно вклучување во научноистражувачката и проектната дејност на Факултетот.
Студентите на ФЕИТ од сите три циклуси на студии активно се вклучуваат во научноистражувачката работа преку учество во национални и меѓународни проекти, како и преку подготовка и коавторство на научни трудови за списанија и конференции.
Преку проектните активности, студентите ги применуваат стекнатите теоретски знаења во решавање конкретни научни и инженерски проблеми, се запознаваат со современи истражувачки методи и технологии и ги развиваат своите аналитички, истражувачки и практични вештини, како и способностите за тимска работа и самостојно решавање проблеми.
Во последните две учебни години студентите учествувале во проекти од областите на вештачката интелигенција, телекомуникациите, енергетиката, метрологијата, дигиталната трансформација и заштитата на животната средина. Резултатите од нивниот ангажман опфаќаат развој на софтверски и технолошки решенија, примена на истражувачки методи и придонес кон научни публикации.

Во прилогот 6.4 е даден детален приказ по години на проектите кои вклучуваат студенти, по учебни години, со податоци за нивното учество и достапните резултати.

Прилози
Прилог 6.4 Листа на студенти кои биле ангажирани во научно-истражувачки проект на сите циклуси на студии

6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др.	Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата; Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните пет години; Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните пет години; Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните пет години.

Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка:
- сертифициран советник за кариерен развој - Global Career Development Facilitator (GCDF), кој го следни нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата, и
- функционален центар за кариера.

Во рамките на Факултетот, како составна единица од 2013 година функционира Центарот за кариера. Центарот за кариера работи согласно Одлуката за организација и работа на центарот за кариера на Факултетот за електротехника и информациски технологии (Прилог 6.5.А), со која, заедно со другите акти на Факултетот, се уредени процедурите за практична настава на студентите на прв и втор циклус на студии; процедурата за мобилност, процедурите за кариерен разбој на студентите и алумни и процедурите за меѓународна соработка.
Центарот за кариера организира промоција на факултетот, учествува во организирањето на задолжителната практична настава за студентите, им помага на студентите да ги планираат, идентификуваат и имплементираат нивните цели на кариерата, обезбедува информации за можностите за вработување и извршување на практична

настава, ги информира студентите за програмите за мобилност, го координира и помага нивното конкурирање за студиски престој на високообразовните институции во ЕУ, организира работилници и семинари со цел да ги насочат студентите за подготовка на мотивациско писмо, презентација на нивните квалификации, вештини, лични карактеристики и сл; одржува настани кои им овозможуваат на студентите да создадат контакти и интервјуа со работодавците; организира посети на студентите во компаниите/институциите; поттикнува и одржува континуирани партнерства со работодавците во Република Македонија; соработува со дипломираните студенти и ги ангажира за реализација на активностите на центарот.

Центарот за кариера а во соработка со Факултетско студентско собрание, ФСС-ФЕИТ, и различни компании организира работилници, обуки и предавања, кои се наменети за студентите со цел да им се помогне во нивниот развој и подготовка за понатамошно професионално градење како идни инженери спремни да се вклучат на пазарот на трудот. Темите кои се обработуваат на овие работилници се: запознавање и вовед во процесот за барање работа и пракса, откривање на лични афинитети, идентификација на потенцијални работодавачи, канали за контакти, подготовка на апликација со CV и мотивациско писмо, деловно комуницирање, подготовка за интервју, итн..

Во учебната 2024/2025 година се реализирани 5 активности со учество на околу 300 студенти, меѓу кои предавање за иновативност и патентирање, работилница за вградени системи и синтеза на говор, теренска настава од областа на енергетиката, РобоМак и работилница за иновативни решенија во рамките на Sustainable Energy Day.

Во учебната 2025/2026 година се реализирани 6 активности со учество на околу 400 студенти. Тие опфаќале работилница за водородни технологии, предавања за енергетската транзиција, теренска настава од областа на енергетиката, учество на меѓународен ден на студентите во лабораториум, РобоМак и работилница за иновативни решенија во рамките на Sustainable Energy Day.

Покрај тоа, Центарот ја продолжи соработката со компаниите преку партнерските пакети и редовно ги информираше студентите за можностите за практична работа и вработување. На почетокот на 2026 година, вон. проф. д-р Маја Целеска Крстевска се стекна со GCDF сертификат за кариерно советување, со што се зајакнаа капацитетите за стручна поддршка на студентите.

Дополнителна поддршка за развој на компетенциите се обезбедува преку Центарот за доживотно учење, кој во истиот период реализирал 7 активности со околу 140 учества, вклучувајќи обуки за Linux и напреден Excel.

Сите активности на Центарот за кариера се објавени на веб страната (Прилог 6.5.Б).

Во прилогот 6.5.В е даден приказ на специфичните форми на поддршка на студентите во последните пет години.

Прилози

Прилог 6.5.А Одлука за основање на центар за кариера на факултетот

Прилог 6.5.Б Веб страната на Центарот за кариера

Прилог 6.5.В Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата

6.6. Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти.	Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо); Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо); Приказ на активности со Алумни заедницата во последните пет години; Доказ дека системот е функционален.

ФЕИТ Алумни асоцијацијата (ФЕИТАА) е основана во јуни 2009 година и брои над 3.000 членови. Таа претставува здружение кое ги поврзува поранешните студенти на ФЕИТ и придонесува за одржување на нивната соработка со Факултетот. Право на членство имаат сите дипломирани студенти на ФЕИТ, а **зачленувањето се врши со пополнување пристапница**.

Почнувајќи од ноември, 2019 се организираат редовни состаноци на членовите во просториите на факултетот, а во време на КОВИД пандемијата на платформата ZOOM. На состаноците се дискутира на актуелна тема пропратено со дружба. Темите за дискусија се објавени на веб страната на ФЕИТАА (Прилог 6.6.А). Дискусиите кои се одржани online се снимени и објавени на YouTube каналот (Прилог 6.6.Б).

Во последните две учебни години, ФЕИТАА продолжи со организирање и поддршка на активности насочени кон поврзување на алумните, тековните и идните студенти. Во учебната **2024/2025 година** се реализирани 5 активности со околу 100 учесници, додека во **2025/2026 година** се евидентирани 2 активности со околу 50 учесници.

Меѓу позначајните активности се учеството на Саемот за образование (15.3.2025), настанот „Дружба во дворче“ (12.4.2025), промоцијата на дипломирани инженери и магистри (19.6.2025), како и Саемот за образование и кариера (27–28.2.2026), „Кафе во дворче“ (18.4.2026) и промоцијата на дипломирани инженери и магистри (16.6.2026).

Особено значаен е традиционалниот настан **„Златна диплома“** (одржана во 2022, 2024 и 2025) на кои беа

поканети дипломираните студенти од периодот 1970-1972, 1973-1974 и 1975, соодветно на кој по повод навршување на 50 години од дипломирањето, на дипломираните студенти на ФЕИТ им беа доделени „златни дипломи“ (Прилог 6.6.Г).
Комуникацијата со алумните се одржува преку веб-страницата на ФЕИТ, социјалните мрежи LinkedIn и Facebook и електронската пошта на Асоцијацијата. Дополнителни информации за активностите се достапни на веб-страницата на ФЕИТАА (Прилог 6.6.А), а снимките од онлајн дискусиите на YouTube каналот (Прилог 6.6.Б). Прегледот на соработката со алумни-заедницата е даден во Прилог 6.6.В.

Прилози
Прилог 6.6.А Веб страната на Центарот за кариера
Прилог 6.6.Б YouTube канал на ФЕИТ Алумни Асоцијација
Прилог 6.6.В Приказ на системот за соработка со Алумни-заедницата
Прилог 6.6.Г Златна диплома -соопштенија (2022, 2024, 2025)

6.7. Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка како и годишен буџет.	Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето; Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели); Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори; Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик; Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет) за последните пет години.

Студентите на Факултетот за електротехника и информациски технологии се организирани во ФСС ФЕИТ и земаат активно учество во управувањето на Факултетот. Работењето на ФСС ФЕИТ е регулирано со Статутот на ФЕИТ (Прилог 6.7. А) и Статутот на Факултетското студентско собрание (Прилог 6.7.Б).
ФСС е тело во кое членуваат претставници на студентите од прв, втор и трет циклус на студии на Факултетот кои ги претставуваат нивните интереси, барања и предлози. ФСС се залага за заштита на правата на студентите, нивно застапување и овозможување на подобра врска меѓу студентите и факултетот. Начинот на работа, изборот на претставници и нивниот број, составот, надлежноста, називот и седиштето, органите и телата, финансирањето и други прашања, се уредени со Статутот на Факултетското студентско собрание на Факултетот за електротехника и информациски технологии (Прилог 6.7.Б).
Претставниците на студентите во органите и телата на Факултетот ги избира Факултетското студентското собрание од редот на редовните студенти на Факултетот. Членовите и претседателот на Факултетското студентското собрание, се избираат на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање, со мандат од една година и со право за уште еден избор (извештај од последните избори е даден во прилогот 6.7.В). Факултетското студентско собрание покрај Претседателот се состои од вкупно 15 членови (тројца од прва година, тројца од втора година, четворица од трета година, четворица од четврта година, и еден студент на постдипломски студии), составот на собранието е регулиран со Статутот на факултетското студентско собрание. Студентите преку свој претставници учествуваат во работата на Деканската управа (член е претседателот на ФСС ФЕИТ) и Наставно-научниот совет на Факултетот (8 претставници). Одлуката за избор на претставници од редот на студентите на ННС е дадена во Прилог 6.7.Г.
Студентите имаат свои претставници и во повеќе факултетски комисии. Така, во Дисциплинската комисија 1 член и 1 заменик член се бираат од редот на студентите, во Комисијата за самоевалуација 2 членови се од редот на студентите и во Советот за Квалитет еден член.
Во работата на Факултетот и Факултетското студентско собрание учествува и заменикот студентски правобранител кој има за основна цел да ги брани правата на студентите на Факултетот за електротехника и информациски технологии (Прилог 6.7.А. член 51.). Заменик студентскиот правобранител се избира по објавен конкурс со мандат од 2 години без право на реизбор. Во прилогот 6.7.Д е даден последниот конкурс за избор на студентски правобранител на кој не се пријавил ниту еден кандидат кој ги исполнува условите.
Традиционално ФЕИТ ги поддржува општествените, културните и спортските активности на своите студентите. Во изминатиот период ФСС ФЕИТ бил организатор или коорганизатор на повеќе активности, во кои активно да учествуваат сите студенти. Вообичаено, активностите на ФСС се организираат од страна на одделни комисии кои функционираат во рамките на собранието: Комисија за апсолвентски работи, Комисија за животна средина, Комисија за комуникација и соработка, Комисија за култура, Комисија за финансиско-правни прашања, Комисија за образование, Комисија за спорт итн.
Во последните пет години ФСС ФЕИТ организираше голем број на активности. Листа на организираните настани е дадена во прилогот 6.7.Ѓ. Благодарение не ФСС, ФЕИТ е прв факултет во Република Северна Македонија кој нуди

средства за менструална хигиена за жените. Освен ФСС ФЕИТ на Факултетот функционираат и студентски организации EESTEC, BEST, IAESTE, СКЕЕОР и студентскиот огранок на IEEE.
Во последните две учебни години студентите организирале бројни активности. Меѓу позначајните се **„Бруцошка@ФЕИТ“ ,** се одржува секоја година, со околу 5.000 посетители годишно, **„Кафе во дворче“**, исто така се одржува секоја година,со околу 200 посетители годишно, натпреварот **„Интегратор“** за средношколци, како и активности за кариерен развој, финансиска писменост, студентски пракси, спорт и рекреација. Реализирани се и хуманитарни и општествено одговорни активности, меѓу кои крводарителски акции и работилници посветени на здравјето и благосостојбата на студентите.
Покрај наведените настани кои се во организација/коорганизација на ФСС ФЕИТ, студентите на Факултетот за електротехника и информациски технологии организираат и други три големи настани:

- Меѓународниот натпревар по роботика и вештачка интелигенција РобоМАК и РобоМАК Junior. РобоМАК е настан кој годинава се одржа по 14. пат (со пауза во периодот 2020-2022 поради Ковид пандемијата). Носители на настанот се македонската секција на ИЕЕЕ (IEEE – The Institute for Electrical and Electronics Engineers), преку нејзиниот студентски огранок при УКИМ, ФЕИТ и ФСС ФЕИТ. Овој натпревар се трае една недела, во која учесниците имаат предавања и практична работа со својот тим и ментор. РобоМАК Junior е натпревар наменет за средношколци.
- СКЕЕОР е студентска конференција на тема Енергетска ефикасност и одржлив развој организирана од студентите на ФЕИТ со поддршка од Факултетот. СКЕЕОР се организира секоја година од 2013 (без пауза заради Ковид пандемијата).
- Science@FEEIT е студентска конференција од ФСС ФЕИТ, која неколку години по ред е меѓународна.

Овие активности придонесуваат за развој на стручните, организациските, комуникациските и тимските вештини на студентите, поттикнување на студентската иницијативност и зајакнување на соработката со академската заедница и стопанството.

ФЕИТ ги поддржува активностите на своите студенти финансиски, логистички и со менторирање. Факултетот на барање на Факултетското студентско собрание или друга студентска организација со одлука на Деканска управа, му одобрува и издвојува средства за финансирање на предвидените студентски активности, во рамките на сопствениот буџет. Буџетот оддобрен како поддршка за активностите на ФСС ФЕИТ во последните 5 години е околу 45 000€, од кои 18 000€ во последните две учебни години. Приказ за бројот на поддржани настани и доделениот буџет е даден во прилог 6.7.Е. Активностите на ФСС ФЕИТ се објавуваат на нивната Facebook и Insragram страна, профил на LinkedIn и веб страната дадени како последен прилог во оваа точка.

Прилози
Прилог 6.7.А Статут на ФЕИТ
Прилог 6.7.Б Статут на ФСС ФЕИТ
Прилог 6.7.В Извештај од комисијата за спроведени избори на ФСС
Прилог 6.7.Г Одлука за избор на претставници на ННС
Прилог 6.7.Д Конкурс за избор на студентски заменик правобрнанител
Прилог 6.7.Ѓ Листа на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата
Прилог 6.7.Е Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата
Прилог 6.7.Ж Facebook страна на ФСС ФЕИТ, Instagram профил @fssfeit, LinkedIn профил, веб страна на ФСС ФЕИТ

6.8. Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање.	Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои има стојат на располагање; Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб страна.

Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ) користи повеќе канали и форми на комуникација за навремено информирање на идните и тековните студенти за студиските програми, условите за студирање, достапните услуги и можностите за академски и професионален развој.
Основните информации се достапни на **веб-страницата на Факултетот**, особено во деловите „Живот на ФЕИТ“ и „Огласна табла“ (Прилози 6.8.А и 6.8.Б). Дополнително, преку порталот за електронско учење „е-курсеви“(Прилог 6.8.В) и системот iKnow, студентите на своите факултетски електронски адреси добиваат известувања за наставните активности, гостински предавања, работилници, конференции, натпревари, стипендии и други

можности. Системот iKnow особено го користи Одделението за студентски прашања за доставување релевантни информации.

За поддршка на идните и новозапишаните студенти, на ФЕИТ од 2006 година функционира **Центарот за нови студенти (ЦНС)**, кој обезбедува информации и одговори на прашања поврзани со студирањето и студентскиот живот, вклучително и преку електронската адреса cns@feit.ukim.edu.mk. На почетокот на секоја учебна година се организира и ориентациски ден за бруцошите.

Факултетот подготвува и дистрибуира различни **информативни и промотивни материјали**, меѓу кои брошури за студиските програми, печатениот „Информатор за студенти“, прирачникот „Tips and Tricks to Survive FEIT“, подготвен од ФСС-ФЕИТ (Прилог 6.8. Г), како и флаери наменети за идните студенти. Овие материјали се дистрибуираат на отворени денови, саеми за образование, посети на средни училишта и други промотивни настани.

Значаен канал за информирање и промоција се и **социјалните мрежи Facebook, Instagram и LinkedIn, како и YouTube каналот на Факултетот** (Прилози 6.8Д, 6.8.Ѓ и 6.8.Е), преку кои редовно се објавуваат информации за студиските програми, студентските активности, постигнувањата и настаните на ФЕИТ.

Во последните две учебни години Факултетот реализирал повеќе активности за непосредно информирање и промоција, меѓу кои „Кафе во дворче“, учество на саеми за образование, Саем на вработување, информативни сесии и промотивни кампањи на социјалните мрежи. Дополнително, Факултетот секоја година е дел од организацијата на настанот „Отворен ден на УКИМ“. Преку овие активности, идните студенти имаат можност непосредно да се запознаат со студиските програми, лабораториите, наставниот кадар и студентскиот живот на ФЕИТ.

Прилози

Прилог 6.8. А Веб страна на ФЕИТ
Прилог 6.8. Б Огласна Табла
Прилог 6.8. В е-курсеви
Прилог 6.8. Г Tips and Tricks to survive FEIT
Прилог 6.8. Д Facebook страна на ФЕИТ
Прилог 6.8. Ѓ Instragram страна на ФЕИТ @feitgramm
Прилог 6.8. Е YouTube канал

Стандард 7

СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ	
ИНДИКАТОР	ДОКУМЕНТАЦИЈА
7.1. Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет.	Опис и приказ на системот за прибирање и обработка на информации Акт за регулирање (доколку е применливо) Доказ дека системот е функционален.
Факултетот континуирано прибира, зачувува, анализира и користи информации за успешно спроведување на студиските програми. Прибирањето на информации се прави преку внатрешни и надворешни системи. Внатрешните системи се базирани на интерни софтверски решенија кои се користат за прибирање и обработка на податоците, информации за успешно спроведување на наставата, од материјали за настава, информации за наставни содржини, до тестови и проверки на знаењето. Надворешниот систем за прибирање и анализирање на податоци е имплементиран преку IKNOW системот (iknow.ukim.mk) каде се чуваат податоци за студенти и наставен кадар, информации за студирањето и постигнатиот успех и целосно електронско досие за студентите. Овој систем е развиен, одржуван и надградуван од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а Факултетот е дефиниран како единка за користење на системот за потребите на наставата и студентите. Преку овој систем редовно се прибираат податоци за интересот на студентите за упис на соодветните студиски програми, бројот на запишани, дипломирани, магистрирани и докторирани студенти на соодветна студиска програма, просечниот успех и број на испишани студенти. Потоа, за интерни анализи, се анализираат овие податоци и се креира извештај за успешност на студентите низ годините и студиските програми. Во овој процес вклучени се сите засегнати страни (студентите, административните служби, наставничкиот и соработничкиот кадар на установата) и согласно доделените привилегии секој корисник администрира (внесува и управува) со соодветни податоци. Во однос на прибирање, анализа и користење на информации за научно истражувачката работа на наставниот кадар на Факултетот се користат повеќе софтверски решенија, каде резултатот од прибирањето на овие податоци е објавен на страницата на факултетот (https://feit.ukim.edu.mk/nauka/publikacii/). Во овој дел може да се пристапи до репозиториум од јавно-достапни истражувања и научни трудови од студенти и наставен кадар на факултетот. Дел од овие трудови се и јавно достапни преку системот „Ризница на научни трудови на УКИМ“ (https://repository.ukim.mk/home) кој претставува репозиториум на научни трудови и публикации од сите единки на универзитетот. Во рамки на активноста за подобрување на видливоста и препознатливоста на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, научниот кадар на единицата на УКИМ креира и одржува свој кориснички профил на мрежи и пребарувачи за научни истражувања и публикации како Google Scholar, ResearchGate и ORCID. На дел од овие платформи наставниот кадар редовно внесува податоци и информации за своите научно-истражувачки достигнувања, додека пак другиот дел од платформите редовно се ажурираат овие податоци.	
7.2. Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми и вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степен на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн. Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив.	Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци; Конкретни примери на вклучување на студентите и вработени во процесот; Конкретни примери на ползување на информациите обезбедени во процесот.

На Факултетот за електротехника и информациски технологии, редовно и постојано се прибираат информации кои помагаат во формирање на профилот на установата, се анализираат и се донесуваат заклучоци од истите. Најчесто овие податоци се поврзани со студентите и наставата, каде се анализира успехот на студентите по студиски програми, по години на студирање и година на запишување. Овие анализи вклучуваат анализа за успешноста по предмети на студентите, број на студенти кои редовно дипломираат и просечно време на завршување на студирањето. Дополнително, анализата вклучува детали околку успешност на студентите по студиски програми и колку од запишаните студенти на предметот истиот го полагале и резултатите од полагањето. Исто така, се прибираат информации за студентски активности, научни собири и вклучување на интер-дисциплинарни научни активности на студентите и наставниот кадар.

Најголемиот дел од податоците за успешноста на студентите и предметите се прибираат и се достапни преку порталот IKNOW, каде во овој портал, податоците се генерираат од студентите, наставниот кадар и стручните служби. Исто така, студентите се вклучени во процесот на анализа на квалитетот на факултетот преку анкети и формулари. Извештаите од анализите на овие податоци, откако ќе бидат јавно дискутирани на наставно-научниот совет, истите се објавени јавно преку порталот на факултетот.

Податоците од анкетите и анализата од истите се користат за подобрување на наставниот процес на факултетот, преку надминување на пречките кај студентите во постигнување на нивниот успех и подобрување на функционирањето на факултетот со цел да се намали отпишувањето на студентите. Резултатите од анкетите потоа се вклучуваат во процесот на реизбор на наставниот кадар и напредување во рамки на факултетот.

Прилози

7.3. Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата.	Информација за значајни настани, активности и процеси.

Сите настани кои се организирани во дел или во целост од страна на факултетот се објавени на веб порталот и се јавно достапни како информација за сите заинтересирани страни. Сите настани се дискутирани и одобрени од стана на наставно-научниот совет на факултетот и целосно поддржани од страна на наставниот кадар и студентите. Овие податоци за настани се прибирани преку интерен систем и успешноста од истите се дискутира на Деканатска управа и наставно-научен совет. Врз основа на овие податоци се предлагаат подобрување на настаните и предлог за следно нивно реализирање. Успешноста на овие настани исто така е земена во предвид при ново реализирање на истиот настан и се вклучени во стратешкото управување на факултетот. Како позначајни настани од последните 2 учебни години може да се истакнат конференцијата ЕТАИ (оддржана во Септември 2024 и 2026та година), каде покрај големиот број на научни трудови на професори од земјата и светот, голем број на студенти под менторство на професорите објавија голем број студентски научни истражувања, како на додипломски, така и на магистерски студии. Дополнително, во рамки на конференцијата беше организирана и студентска работилница (Хакатон) каде студентите имаа можност да се натпреваруваат помеѓу себе преку нивните знаења и вештини. Во склоп на пријателските натпревари помеѓу студентите може да се издвои и Робомак (работилница за роботика и електроника), каде секоја година се натпреваруваат над 60 студенти, каде тимски решаваат практични проблеми од областа.

Прилози

Прилог 7.3.А Регистар на значајни настани, активности и процеси

7.4. Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни.	Акт на установата; Опис на практиката за заштита на личните податоци; Други релевантни документи или политики на установата.

Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во рамките на образованието и науката, врши собирање, чување и обработка на лични податоци на студенти и наставен кадар на лични податоци во согласност со одредбите на Законот за заштита на лични податоци и другите релевантни позитивни законски прописи, применувајќи соодветни технички и организациски мерки за обезбедување на безбедност на личните податоци. Безбедноста на информациите факултетот соодветно ја обезбедува односно ги штити личните податоци на сите засегнати страни согласно Законот за заштита на лични податоци и Планот и Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци на ФЕИТ – Скопје, Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, донесени од страна на Деканатската управа на Факултетот на 20.03.2017 година (Прилог 7.4.А). Преку планот на ФЕИТ, се дефинираат личните податоци кои се чуваат од страна на факултетот, како истите се обработуваат и како се

контролира пристапот до истите. Во овој документ се опфатени студентите, наставниот кадар и сите надворешни членови вклучени во работата на факултетот.
ФЕИТ - Скопје како единица на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, обработката на податоците на студентите во дигитална форма ја врши преку iKnow системот. При тоа ФЕИТ - Скопје како единица на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е само корисник на наведениот систем, а самиот систем и одржувањето е на Универзитетот. Во овој систем секој вработен на факултетот и секој регистриран студент по безбедносна автентикација може да пристапи до информации за своите активности согласно привилегиите кои му се дадени.
Во однос на податоците кои се прибираат во хартиена форма, и согласно Законот за високо образование и согласно со Статутот на УКИМ, утврдени се типот и нивото на лични податоци кои ќе се обработуваат во студентските досиеја. Студентите при нивното запишување во прва година, потпишуваат изјави со кои даваат нивна согласност личните податоци да им бидат обработувани, согласно Законот за високото образование. Покрај споменатите документи, врз основа на член 23 и член 41-а алинеја 4 од Законот за заштита на личните податоци (Сл. весник на РМ бр. 7/05, 103/08, 124/10, 135/11, 43/14 и 153/15), а во врска со член 10 став 2 алинеја 1 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци (Сл. весник на РМ бр. 39/08 128/10 и 158/10), дополнителни акти на Факултетот со кои се предвидува заштита на личните податоци, а кои се одобрени од страна на Агенцијата за заштита на лични податоци се План за создавање систем на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци на ФЕИТ – Скопје, Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје и Правилник за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци на ФЕИТ – Скопје, Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, донесени во март 2017 година.

Прилози
Прилог 7.4.А План за заштита на податоци ФЕИТ
Прилог 7.4.Б Процедура за исправка на лични податоци

Стандард 8

СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА	
ИНДИКАТОР	ДОКУМЕНТАЦИЈА
8.1. Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб страната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста.	Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата; Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите; Извештај за учество или организација на саем/и; Други релевантни материјали или конкретни примери.
ФЕИТ-Скопје континуирано објавува информации поврзани со студиските програми и активностите во рамките на истите се ажурирани и достапни за сите корисници, главно преку порталот на Факултетот (feit.ukim.edu.mk). Потоа, Факултетот активно спроведува активности поврзани со промоција на Факултетот. За потребите на промоција на Факултетот за нови студенти е креирано посебно тело во рамки на Факултетот, дефинирано како „Центар за нови студенти“. Ова тело е задолжено за објавување на информации и податоци за сите промоции на Факултетот за нови студенти, дејноста на Факултетот и слично. За сите останати промоции на Факултетот, воглавно е вклучен наставниот кадар со поддршка на техничкиот кадар и администрација. Точноста на овие податоци е контролирана преку ограничен пристап за објавување на овие податоци и верификација на факти од страна на деканатот и наставниот кадар. Од аспект на социјални мрежи, за објавите на информациите на истите е одговорен секретарот на Факултетот и Деканатот. Во редовните промоции на Факултетот се дефинирани следниве активности кои ги објавува Факултетот: 1. Промотивна кампања за Факултетот преку Фејсбук, Инстаграм и X. 2. Промотивен настан „Отворен ден“ на УКИМ и на ФЕИТ. 3. Прв академски час. 4. Презентација на наставни програми по средните училишта во државата. Од дополнителни промоции, Факултетот редовно ги објавува преку порталот, Фејсбук, Инстаграм и X, сите достигнувања на студентите и наставниот кадар, како и сите интервјуа и телевизиски објави за промоции на Факултетот и дејноста на истиот. Промоциите за студиските програми ги вклучуваат сите три циклуси на студирање на Факултетот (Додипломски, после-дипломски и докторски студии) преку презентирање на студиските програми. Овие објави, во последните 2 години, опфаќаат информации за како ФЕИТ ја одбележува Европската ноќ на истражувачите, освојување на прво место на студенти од ФЕИТ на меѓународната работилница-хакатон INNOVABLUE. Дополнително, објавени се информации за летната школа ДИОГЕН, школа за мултимедиски технологии, работилницата Робомак 2026та организирана од ФЕИТ, како и работилница ТелеХак, организирана во знакот на веб технологии и вештачка интелигенција.	
Прилози **Прилог 8.1.А** Информирање на јавноста	
8.2. Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование.	Линк до наведените елементи во индикатори; Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; 3. Актот за систематизација; 4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет; 5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата; 6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот, 7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година, 8. Завршна сметка, 9. Годишен извештај, 10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови; 11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови; 12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и 13. Етичкиот кодекс.

ФЕИТ -Скопје континуирано ги објавува сите релевантни информации за студиските програми, критериуми за упис, целите на учењето, квалификациите со кои се стекнуваат кандидатите, пристапот во однос на наставниот процес за сите три циклуси на студии прв втор и трет циклус на студии. Покрај овие податоци, се објавени и деталните содржини за секој од предметите понудени на соодветниот циклус и студиска програма, заедно со компетенции и теми на изучување. Листа од поважните информации за Факултетот е дадена во продолжение:

1. Иинформации за студиски програми
   - Информациите за студиските програми може да се најдат на веб порталот на студии за прв , втор и трет циклус на студии (Прилог 8.2.А)
2. Критериуми за упис
   - Во рамките на сегментот студии има посебна секција за уписи каде се наведени детално сите детали во однос на уписите, како што се роковите и критериумите за упис (Прилог 8.2.Б)
3. Цели од учењето
   - Во рамки на информациите за студиските програми се прикажани целите од учењето (Прилог 8.2.А)
4. Квалификации со кои студентот се стекнува како резултат на учењето
   - Во рамки на информациите за студиските програми се прикажани квалификациите од учењето (Прилог 8.2.А)
5. Постапки кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето
   - Во рамки на информациите за студиските програми се прикажани постапките на настава, учење и критериуми за оценување (Прилог 8.2.А)
6. Услови за учење кои им се на располагање на студентите
   - Во рамки на информациите за студиските програми се прикажани условите за учење и достапни материјали (Прилог 8.2.А)
7. Центар за доживотно учење
   - На порталот на Факултетот се објавени насоки за доусовршување на студентите од различни области, во текот или по завршување на студиите (Прилог 8.2.S)
8. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот
   - На порталот на Факултетот се објавени извештајот о одлуките за последен избор во звање за секој наставник и соработник кои биле објавени во Билтенот (Прилог 8.2.И)

Прилози
Прилог 8.2.А Информации за прв, втор и трет циклус на студирање
Прилог 8.2.Б Критериуми за упис
Прилог 8.2 В Акти на Факултетот
Прилог 8.2 Г Статут на УКИМ
Прилог 8.2 Д Статут на ФЕИТ
Прилог 8.2 Ѓ Акредитации за прв, втор и трет циклус на студирање
Прилог 8.2 Е Информации од јавен карактер
Прилог 8.2 Ж Завршни сметки
Прилог 8.2 З Етички кодекс на УКИМ
Прилог 8.2 S Центар за доживотно учење
Прилог 8.2 И Извештај и одлука за последен избор во звање на секој наставник и соработник објавен во билтен

8.3. Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб страната на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб страната на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо).	Линк до релевантни објави на веб страната на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа; Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е променливо).

Факултетот за електротехника и информациски технологии ажурно објавува информации за закажани одбрани на докторските дисертации, како и одбраната на магистерските трудови. Исто така, Факултет јавно објавува, за секој член на наставниот кадар на Факултетот, областите на истражување и релевантните објавени трудови и областите кои ги опфаќа истражувањето. Поголем дел од истражувањата се објавени на порталот на Факултетот кои се направени од страна на наставниот кадар или студентите на Факултетот. Во рамките на

прилогот 8.3.А се прикажани прифатените тези на втор циклус, а во прилогот 8.3.Б прифатените тези на трет циклус студи. Дополнително во прилогот 8.3.В даден е линкот каде се објавени јавните одбрани на докторските дисертации. Во прилогот 8.3.Г се прикажани листа од публикации од наставниот кадар и студенти на ФЕИТ. Исто така, магистерските трудови и докторските дисертации објавени и на огласната табла на Факултетот 7 дена пред закажувањето на одбраната на истите.

Прилози
Прилог 8.3 А Прифатени тези на втор циклус на студи
Прилог 8.3 Б Прифатени тези на трет циклус на студии
Прилог 8.3 В Јавни одбрани на докторски дисертации
Прилог 8.3 Г Публикации на наставен кадар и студенти

Стандард 9

СТАНДАРД 9: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА	
ИНДИКАТОР	ДОКУМЕНТАЦИЈА
9.1. Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена.	Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните пет години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+; Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните пет академски години, за сите циклуси на студии); Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери).
Студентите на Факултетот за електротехника и информациски технологии - Скопје (ФЕИТ) имаат широки можности за реализација на студентска мобилност во рамките на повеќе меѓународни програми, проекти и билатерални и мултилатерални договори (Прилог 9.1.В). Со исклучок на периодот на глобалната пандемија COVID-19, можностите за мобилност континуирано се користат од страна на студентите на Факултетот (Прилог 9.1.А и 9.1.Б). Значајна рамка за студентската мобилност претставува Erasmus+, а дополнителни можности се реализираат преку меѓународни натпревари и курсеви, студентски конференции, летни и зимски школи, како и други меѓународни активности организирани во рамките на Факултетот и студентските здруженија. ФЕИТ континуирано ја одржува и проширува мрежата на партнерски институции, при што во периодот опфатен со извештајот се обновени договори за соработка со повеќе европски универзитети, меѓу кои универзитетите во Загреб, Варшава, Нови Сад и Севиља, Универзитетот на Западна Македонија, Техничкиот универзитет во Клуж-Напока и Католичкиот универзитет во Лувен. Паралелно, се воспоставуваат и нови партнерства со институции и компании од странство, а истечените договори континуирано се обновуваат. Во информирањето и координацијата на можностите за студентска мобилност е вклучен и Центарот за кариера при ФЕИТ, кој, покрај поврзувањето на студентите со деловната заедница и можностите за практична работа, учествува и во координацијата и дисеминацијата на конкурсите за студиски престои на високообразовни институции во странство (Прилог 9.1.Г). Во последните две учебни години, мобилност преку различните програми и форми на меѓународна соработка реализирале 35 студенти во учебната 2024/2025 и 21 студент во учебната 2025/2026 (Прилог 9.1.А). Последната бројка се однесува на состојбата заклучно со зимскиот семестар 2025/2026 година, бидејќи во моментот на изготвување на извештајот летниот семестар сè уште е во тек. Податоците потврдуваат дека студентската мобилност претставува континуирана активност на Факултетот, со значителен број студенти кои секоја година користат можности за студиски престој и други форми на меѓународно академско искуство. Вреднувањето и признавањето на резултатите од реализираната студентска мобилност е регулирано со соодветни процедури, кои се составен дел од правилата за студирање и се јавно достапни на веб-страницата на ФЕИТ (Прилог 9.1.Д и 9.1.Ѓ).	
Прилози **Прилог 9.1.А** Број на студенти кои користеле мобилност за сите циклуси на студии **Прилог 9.1.Б** Листа на студенти кои користеле мобилност **Прилог 9.1.В** Информации за конкурси и програми за мобилност **Прилог 9.1.Г** Центар за кариера при ФЕИТ **Прилог 9.1.Д** Акти на факултетот **Прилог 9.1.Ѓ** Информации за прв, втор и трет циклус на студирање	
9.2. Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат. Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационали-	Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација; Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација; Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка; Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација; Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени

зација во рамките на установата.	активности итн).

Меѓународната соработка и интернационализацијата претставуваат значаен дел од развојните определби на Факултетот за електротехника и информациски технологии - Скопје (ФЕИТ), имајќи предвид дека тие директно придонесуваат кон унапредување на квалитетот на наставата и научноистражувачката дејност, меѓународната препознатливост и видливост на Факултетот, како и кон воспоставување и одржување на партнерства со високообразовни и истражувачки институции и организации од странство.

Надлежностите и одговорностите поврзани со меѓународната соработка се утврдени со релевантните нормативни акти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и на ФЕИТ (Прилог 9.2.А). Тие се реализираат на повеќе нивоа, со јасно определени надлежности на органите и раководните структури на Факултетот. Највисок орган во оваа област е Наставно-научниот совет, кој, согласно Законот за високото образование (Прилог 9.2.Б), донесува одлуки поврзани со воспоставување и развивање на меѓународната соработка, вклучително склучување договори за соработка со странски универзитети, вклучување визитинг наставници од странство, избор на членови од странство во комисии за одбрана на магистерски и докторски трудови, како и воспоставување програми за двојна и заедничка диплома.

Оперативното спроведување на политиките и одлуките во областа на меѓународната соработка е во надлежност на Деканатот, со посебно определена улога на Продеканот за наука и меѓународна соработка, во соработка со Деканот и другите релевантни органи и тела на Факултетот. На овој начин е обезбедена институционална одговорност за координација и реализација на активностите поврзани со меѓународната соработка и интернационализацијата.

Во реализацијата на овие активности се вклучени и други факултетски тела и организациони единици, во зависност од природата на активноста, меѓу кои Центарот за кариера (Прилог 9.2.В) и Одборот за соработка и доверба со јавноста, согласно член 81 од Статутот на ФЕИТ (Прилог 9.2.А). На апликативно ниво, дел од меѓународната соработка се реализира и преку центрите и единиците за соработка со стопанството (Прилог 9.2.Г), меѓу кои Центарот за трансфер на технологии и иновации ИНОФЕИТ, Инспекциското тело и акредитираните лаборатории во рамките на Факултетот.

Исполнувањето на определбите и активностите во областа на меѓународната соработка и интернационализацијата се следи на годишно ниво преку Годишниот извештај за меѓународна соработка, кој е составен дел од Годишниот извештај за работењето на Факултетот. Извештајот го подготвува и поднесува Деканот, а го разгледува и усвојува Наставно-научниот совет. На овој начин се обезбедува континуирано следење на реализираните активности, степенот на остварување на поставените приоритети и резултатите од меѓународната соработка.

Воспоставениот систем обезбедува институционализиран пристап кон меѓународната соработка и интернационализацијата, со определени надлежности, одговорности и механизми за следење на реализацијата. Тој создава основа за континуирано унапредување на меѓународната активност на ФЕИТ и нејзино поврзување со развојните приоритети на Факултетот.

Прилози
Прилог 9.2.А Акти на факултетот
Прилог 9.2.Б Закон за високото образование
Прилог 9.2.В Центар за кариера при ФЕИТ
Прилог 9.2.Г Други форми на соработка

9.3. Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн.	Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните пет години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.).

Факултетот за електротехника и информациски технологии – Скопје (ФЕИТ) има долга и успешна традиција во меѓународната соработка, која се реализира на наставно-научно, истражувачко и апликативно ниво. За реализација и унапредување на меѓународната соработка, Факултетот обезбедува финансиски средства од

сопствени приходи, од националниот буџет, како и преку меѓународни програми и проекти.

Во последните две години, по основ на различни форми на меѓународна соработка, за реализирани и тековни проекти и програми се искористени вкупно 897.288 евра. Дополнително, за тековни и планирани активности, за следната година се обезбедени 1.022.482 евра, а за периодот 2027/2028 година се обезбедени дополнителни 784.130 евра. Податоците за планираните и искористените средства поделени по години се дадени во Прилог 9.3.А.

Главниот дел од финансиските средства за меѓународна соработка се обезбедува преку апликативната дејност на Факултетот и учеството на неговиот наставен и научноистражувачки кадар во меѓународни програми и проекти, меѓу кои Erasmus, NATO, Horizon 2020, FP6, FP7 и други меѓународни програмски рамки, (Прилог 9.3. Б). Особено значаен удел во вкупно обезбедените средства има проектот BUILD UP Skills United (BUSUnited), финансиран од Европската Унија во рамките на LIFE Clean Energy Transition (CET) Programme (Прилог 9.3.В).

Покрај средствата обезбедени преку меѓународни програми и проекти, ФЕИТ користи и средства од националниот буџет за поддршка на научноистражувачката дејност и нејзината меѓународна видливост. Во учебната 2025/2026 година, Факултетот обезбеди 210.356 евра од буџетот на РСМ, преку Министерството за образование и наука, за реализација на научноистражувачки проекти. Од оваа сума, 30%, односно 63.107 евра, се предвидени за поттикнување на меѓународната соработка и зголемување на видливоста на истражувачите и Факултетот преку учество на конференции, семинари и други форми на дисеминација на остварените резултати.

Факултетот обезбедува и директна финансиска поддршка од сопствени средства за научно и стручно усовршување на кадарот. Согласно Правилникот за научно и стручно усовршување на кадарот на Факултетот за електротехника и информациски технологии, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Прилог 6.1.В и Прилог 6.1.Г), во 2025 година биле обезбедени 60.000 денари по вработен, односно вкупно околу 68.000 евра, додека во 2026 година средствата се зголемени на 80.000 денари по вработен, односно вкупно околу 91.000 евра. Средствата може да се користат за активности кои придонесуваат кон научно и стручно усовршување, меѓународно умрежување и дисеминација на научните резултати, вклучително учество и презентација на трудови на конференции и семинари, објавување научни трудови, како и учество на научни и стручни собири во својство на гостин или набљудувач.

Во 2025 година биле искористени околу 60% од расположливите средства за оваа намена. Во 2026 година, со зголемениот износ на расположливи средства, Факултетот продолжува со активности за поттикнување на кадарот кон нивно поголемо користење за меѓународно учество, научно вмрежување и дисеминација.

Наведените податоци покажуваат дека ФЕИТ располага со повеќекратни и континуирани извори на финансиска поддршка за меѓународната соработка, преку кои се обезбедуваат услови за реализација на меѓународни проекти и програми, научно и стручно усовршување, меѓународно умрежување, мобилност и дисеминација на научноистражувачките резултати.

Прилози
Прилог 9.3.А Финансиски средства за меѓународна соработка
Прилог 9.3.Б Апликативна дејност во меѓународната соработка
Прилог 9.3.В Проект BUSUnited

9.4. Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети.	Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+; Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните пет години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми); Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните пет години); Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети.

Факултетот за електротехника и информациски технологии - Скопје (ФЕИТ) континуирано работи на одржување и проширување на мрежата на партнерски институции во странство, со цел унапредување на наставно-научната

дејност, реализација на студентска и наставничка мобилност, размена на знаења и искуства и поврзување на студиските програми со современите меѓународни академски и професионални текови. Во изминатите две учебни години се потпишани 2 договори за меѓународна соработка, како билатерални договори или како договори во рамките на разни меѓународни програми, но истовремено се продолжува да се обновуваат договорите кои се потпишани во претходниот период, со што вкупниот број на тековни договори за меѓународна соработка изнесува 11 (Прилог 9.4.А). Со ова се обезбедува основа за континуирана реализација на различни форми на соработка со партнерски академски и стопански институции од странство.

Воспоставената мрежа на партнери се користи за реализација на различни форми на меѓународна соработка, вклучително студентска и наставничка мобилност, заеднички научноистражувачки и наставни активности, конференции, семинари, размена на искуства и други академски активности. Преглед на дел од реализираните активности во изминатиот период е даден во прилогот 9.4.Б.

Меѓународната соработка е значајно поддржана и преку активно учество на наставниот кадар на Факултетот, преку различни форми на академско и професионално поврзување, вклучително директни научноистражувачки и наставни соработки, мобилност на наставниот кадар, како и учество во апликативни проекти и активности. Широкиот опфат на овие соработки се потврдува и со фактот дека во изминатиот период во нив учествувале, во просек, 79% од наставниот кадар на ФЕИТ (Прилог 9.4.В). На овој начин се создаваат можности за размена на знаења и искуства, развивање на заеднички активности со странски партнери и пренесување на стекнатите сознанија во наставниот процес.

Особено значаен резултат на меѓународната соработка на ФЕИТ во областа на високото образование е реализацијата на заедничката студиска програма DECS-IoT (Dedicated Embedded Computer Systems and Internet of Things) на **втор циклус – постдипломски студии**, во соработка со Универзитетот Анхалт од Германија. Програмата се изведува на англиски јазик и им овозможува на студентите да стекнат двојна диплома (double degree) од двете партнерски институции(Прилог 9.4.Г). Со ова, меѓународната соработка на ФЕИТ е непосредно вградена во постдипломската образовна понуда, овозможувајќи меѓународно академско искуство и стекнување квалификации признати од двете партнерски институции.

На овој начин, меѓународната соработка на ФЕИТ има директна поврзаност со реализацијата и унапредувањето на студиските програми, преку мобилност на студенти и наставен кадар, размена на знаења и искуства, вклучување во меѓународни научноистражувачки и наставни активности и, особено, преку реализација на заедничка студиска програма со странска високообразовна институција.

Прилози
Прилог 9.4.А Листа на договори за меѓународна соработка
Прилог 9.4.Б Приказ на конкретни соработки со други институции во земјата и странство
Прилог 9.4.В Број на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка
Прилог 9.4.Г Елаборат за заедничка програма со Универзитет Анхалт од Германија

9.5. Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува.	Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа); Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови; Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите пет години.

ФЕИТ има воспоставено механизми за вклучување на наставници и студенти од странство во наставно-образовниот и научноистражувачкиот процес. Во извештајниот период од последните две учебни години, наставници од странство биле ангажирани во 13 случаи (Прилог 9.5.А и Прилог 9.5.Б.). Во оваа бројка, освен наставниците кои учествуваат во реализција на наставата, се сметаат и наставниците кои гостуваат како членови на комисии за оценување и одбрана на магистерски и докторски трудови.

Значајна основа за привлекување на странски наставници и студенти претставува програмата DECS-IoT (Dedicated Embedded Computer Systems and Internet of Things) на втор циклус студии, која ФЕИТ ја реализира на англиски јазик во соработка со Универзитетот Анхалт од Германија и која овозможува стекнување двојна

диплома. Програмата претставува конкретен инструмент за интернационализација на студиската понуда и создава услови за учество на наставници и студенти од странство.

Во однос на странските студенти (Прилог 9.5.В), во изминатите пет години нивниот број по години изнесува 6, 10, 10, 6 и 7, од кои 3 студенти се во статус на мирување на студиите во текот на целиот извештаен период. Иако податоците не покажуваат раст на бројот на странски студенти, во пост Ковид-19 периодот нивното присуство на Факултетот е континуирано и стабилно. Понатамошното зголемување на бројот на странски студенти претставува простор за унапредување, преку промоција на студиските програми на англиски јазик, развивање на меѓународните партнерства и користење на постојните механизми за мобилност.

Прилози
Прилог 9.5.А Листа на наставници од странство
Прилог 9.5.Б Број на наставен кадар, број на странски наставници, број на странски студенти
Прилог 9.5.В Листа на студенти од странство